


# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

**19 ДЕКЕМВРИ 2015- 29 ЈАНУАРИ 2016**

**ИЗВЕШТАЈ**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот**
**за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии**
**(период: 19 декември 2015 - 29 јануари 2016)**

## ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО МЕДИУМИТЕ

Политичкиот плурализам е една од најважните димензии на медиумскиот плурализам бидејќи овозможува во јавноста слободно и рамноправно да циркулираат различни политички идеи и мислења. Тоа значи дека секој медиум одделно треба да се труди да обезбеди т.н. внатрешен плурализам во вестите, односно да ги претстави сите спротивставени мислења и ставови за една тема. Ова е мошне важно за вкупната демократска јавна сфера, бидејќи граѓаните можат да добијат целосна слика и можат самите да го формираат своето мислење за прашањата од јавен интерес. И обратно, избегнувањето да се известува за некои теми или искривувањето на аголот со нагласувањето само на едно гледиште, на долг рок создава идеолошка манипулација со јавото мислење.

Радиодифузните медиуми, особено телевизиските, имаат големо значење во информирањето на граѓаните за плурализмот на гледишта и мислења во општеството. Тие имаат и законска (член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и етичка обврска (член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија) да известуваат непристрасно и избалансирано за различните политички субјекти и не смеат да изразуваат политичка наклонетост на начин што ќе фаворизираат едно, односно напаѓаат друго гледиште.

Имајќи ја предвид важноста на политичкиот плурализам во предизборниот период, особено во контекст на политичката криза, договорот од Пржино и актуените политички преговори, Институтот за комуникациски студии спроведува мониторинг и анализа на начинот на кој телевизиите на државно ниво известуваат за различните политички гледишта и идеи и за мерата во која им обезбедуваат пристап на политичките актери до своите програми.

Заклучоците и согледувањата изнесени во овој извештај се добиени врз основа на квалитативна анализа на различни аспекти на информирањето во вестите и во информативните програми.

## I. РЕЗИМЕ

Вториот месечен извештај за анализата на врамувањата на политичките актери и на настаните поврзани со нив на Институтот за комуникациски студии, се однесува на периодот меѓу 19 декември 2015 и 29 јануари 2016 година. Анализирани се 11 програми на вести и 38 изданија на 11 различни актуелно-информативни емисии на јавниот сервис (МТВ1 и МТВ2) и на 7 приватни телевизии (Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат М, 24 вести и ТВ21).

**(a)** Трендот на пропагандистичко известување на МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алфа и Канал 5 во полза на власта, а особено во полза на партијата ВМРО-ДПМНЕ, продолжува. Продолжува и уредничката конвергенција кај овие медиуми, јасно видлива од изборот на исти теми, исти цитирани извори и ист агол на обработка, така што прилозите на различни телевизии изгледаат како да се уредувани од ист центар на моќ. Продолжуваат и истите матрици на стратегиско демонизирање на СДСМ односно фаворизирање на ВМРО-ДПМНЕ, како и постојано користење на извори кои застапуваат исто гледиште. И за овој период на набљудување може да се заклучи дека масовната продукција на прилози со демонизирачка и фаворизирачка стратегија на овие телевизии креира атмосфера на силна политичка антагонизација[1].

**(b)** Анализата на главните вести на МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алфа и Канал 5 покажа дека во врамувањето на политичките настани и актери овие теливизии користат иста логика на аргументација како и ВМРО-ДПМНЕ. Со ваков начин на известување се воспоставува така наречениот *ефект на применливост*[2] (applicability effect) според кој сите нови политички настани се врамуваат во неколку основни „интерпретативни рамки“ кои постојано циркулираат низ медиумите. Овие интерпретативни рамки, откако се претходно еднаш конструирани од владеачката партија, натаму постојано се репродуцираат низ медиумите. Според комуникациските истражувања на ефектот на применливост, кога луѓето се изложени на информирањето за некој нов настан поверојатно е дека ќе му поверуваат на новинарот доколку она што тој го кажува можат да го вклопат во некоја *претходно усвоена ментална шема или рамка на интерпретација*.

**(c)** На сличен начин, анализата утврди дека телевизиите МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алфа и Канал 5 конструираат симплифицирани рамки и за политичките субјекти и за другите актери вклучени во обидите за надминување на политичката криза. Така, нивното известување симплифицирачки конструира *ланец на еквиваленција* меѓу претставници на невладини организации или експерти кои работат на изборниот процес и опозициската партија СДСМ; или пак, ланец на еквиваленција меѓу оваа партија и Специјалното јавно обвинителство. Оваа известувачка стратегија е типична за популистичките дискурси. Таа прави стратегиско порамнување на овие чинители со цел да ги произведе во лесна цел на неоснован медиумски напад. Поврзаните практики од (b) и (c) систематски ја уништуваат демократската јавна дебата.

**(d)** Кај телевизиите 24 Вести, Алсат М (македонски и албански) и Телма е забележана главно практика на аргументирана критика кон политичките актери и кон настаните поврзани со нив. Нивните известувачки стратегии, иако пружаат отпор кон дискурсот на владеачката ВМРО-ДПМНЕ што циркулира низ провладините медиуми, сепак немаат моќ да создадат контра-тежа од спротивставени информации што на гледачот би му помогнале самиот да ја оформи сликата за релните настани.

Кај телевизиите 24 Вести, Алсат М (македонски и албански) и Телма, сепак, не се забележува практика на истражувачко новинарство во дневното информирање, што е важно за развојот на

---

[1] Наодите во оваа точка беа детектирани и во Првиот месечен извештај. Достапен онлајн на: http://respublica.edu.mk/images/modem/attach/MODEM-eden_18%20noemvri%20_23%20dekemvri.pdf

[2] Price, V., & Tewksbury, D. (1997). News values and public opinion: A theoretical account of media priming and framing. In G. A. Barett & F. J. Boster (Eds.), Progress in communication sciences: Advances in persuasion (Vol. 13, pp. 173–212). Greenwich, CT: Ablex.

политичкиот плурализам и јавната дебата.

**(e)** Во целина, телевизиите во Македонија овозможуваат простор за јавна дебата за најактуелните политички прашања во земјава. Но, генерална оценка е дека петте провладино-ориентирани телевизиски канали (МТВ1, МТВ2, Сител, Канал 5 и Алфа) и во актуелно-информативните емисии настојуваат да ги пропагираат првенствено гледиштата на владејачките политички структури, а на опозициските ставови и мислења или воопшто не им даваат простор или крајно ги напаѓаат и демонизираат. Најизразени примери во овој поглед се повторно емисиите „Јади бурек“ на Сител и „Миленко Лејт најт шоу“ на Канал 5.

Она што најмногу загрижува е позицијата на јавниот сервис, т.е. двата телевизиски сервиси МТВ1 и МТВ2. По дефиниција и според законските обврски, токму јавниот сервис треба да обезбеди најмногу простор за политички плурализам односно да биде форум за јавна дебата за сите најактуелни прашања, бидејќи се финансира и им служи на сите граѓани. Во Македонија, јавниот сервис, не само што одамна ја изгуби водечката улога во овој поглед, туку исто како и дел од комерцијалните телевизии, во континуитет им служи на владејачките структури.

**(f)** Водителите на емисиите „Јади бурек“ и „Миленко Лејт најт шоу“ во континуитет го прекршуваат членот 14 од Кодексот на новинарите, во кој се бара професионална дистанца од политичките субјекти. Тие речиси во секоја своја емисија јасно ги пропагираат и фаворизираат ставовите на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, во исто време отворено и грубо демонизирајќи ја опозиционата СДСМ и нејзини претставници. Во дел од овие емисии се прави дискриминација врз основа на политичко односно друго уверување на сите кои ја критикуваат власта и на критичките медиуми, со нивното дисквалификување и навредување („соросоиди“, „сороспии“, „предавници“ и сл.), што е спротивно на членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**(g)** Водителот на емисијата „Миленко Лејт најт шоу“, во изданието од 15 јануари, користи екстремен говор со отворени лични навреди и вулгарности како и негативни квалификации кои претставуваат имплицитен говор на омраза. Преку нападот врз еден поединец, Неделковски врши дискриминација и на цела една група: *„Хомосексуалците се болни луѓе и сметам дека треба да имаат медицинска нега“.* Со ова, тој врши груба повреда на членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**(h)** И двајцата водители во континуитет ги прекршуваат основните принципи утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија, а посебно членот 10 во кој се вели дека новинарот нема „... да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“

## II. ВРАМУВАЊЕ, ПРАЈМИНГ И ПОСТАВЕНОСТ НА АГЕНДАТА

Според Шуфеле и Токсби[3] таканаречената теорија за *поставеноста на агендата* претпоставува дека постои корелација меѓу нагласокот кој масовните медиуми го ставаат врз определени теми/прашања и важноста која публиката им ја припишува на истите тие теми/прашања. Според истите автори она што се нарекува *прајминг* (priming) се случува кога определена медиумска содржина и' сугерира на публиката дека таа треба да користи определени прашања/теми како единица мерка според која ги проценува или ги евалуира политичките партии, лидерите или власта. Конечно, *врамувањето* (framing) се однесува на интерпретативните рамки кои се „контекстуализации што поставуваат

[3] Scheufele, D.& Tewksbury, D. (2007) Framing, Agenda Setting, and Priming: The Evolution of Three Media Effects Models Journal of Communication 57 (2007) 9–20

определено тврдење во селективен, кохерентен и целисходен интерпретативен контекст“[4].

Во овие рамки, вториот месечен извештај анализираше: кои теми и прашања беа издвоени како важни од страна на уредничките тимови во медиумите, колку и како беше евалуирана јавната агенда на партиите и политичарите, каков нагласок тие ставаа при покривањето на темите и како ги контекстуализираа настаните односно дали ги поставуваа во селективен, кохерентен и целисходен интерпретативен контекст. Темите кои беа најмногу во фокусот на телевизиското известување во изминатиот месец беа: политичката криза и предвремените парламентарни избори (682 прилога), проектите и остварувањата на ВМРО-ДПМНЕ како партија на власт (280), аферата за фалсификуваните лични карти (118 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (94 прилози), преговорите за уредување на медиумската сфера (53 прилози) и отворањето на универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (34 прилози).

(1) Во известувањето за *политичката криза и предвремените парламентарни избори* Сител, Канал 5, Алфа и МТВ1 унисоно ги пропагираа ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, во смисла дека изборите мораат да се одржат на 24 април, при што СДСМ и другите актери кои укажуваа на неисполнетите услови - непрочистениот избирачки список и доцнењето на договорот за реформи во медиумската сфера, беа демонизирани или дури и вулгарно напаѓани. Другите медиуми, со ретки исклучоци, главно неутрално-критички и/или аналитички пристапуваа кон темата.

(2) Сите четири про-владини телевизии (МТВ 1, Сител, Канал 5 и Алфа) со силен интензитет, секојдневно, преку промовирањето на *владините проекти и остварувања*, на граѓаните им претставуваа „максимално позитивна“ слика за работењето на власта, трансформирајќи ја функцијата на новинарството од критичко информирање во гола политичка пропаганда. Според дискурзивната структура и визуелната презентација, прилозите на овие телевизии како да беа произведени од една иста редакција. Во одделни случаи, дури и насловите на телопите беа речиси идентични. Другите телевизии воопшто или многу малку (а со критички тон) известуваа за овие псевдо-настани, исконструирани од власта со цел засилено да влијае врз мислењето на гласачите во преизборието. Откако Никола Груевски поднесе оставка од премиерската функција, про-владините медиуми целосно го свртеа своето внимание кон него, сега ословувајќи го како лидер или претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Се следеше неговото присуство на јавни настани, како прославата на празникот Водици, на псевдо-настани организирани од државни институции каде што тој беше гостин, или на партиски трибини. Силниот фаворизирачки тон продолжи со несмален интензитет, дури и откако тој отстапи од премиерската позиција. Дури се емитуваа и прилози во кои граѓани изразуваат поддршка директно на Никола Груевски, а не на Владата. Четирите телевизии воопшто не го поставуваа прашањето зошто поранешниот премиер учествува на настаните, и во кое својство, како што тоа го правеа неутрално-критичките медиуми.

(3) *Аферата со фалсификуваните лични карти*, провладини телевизии издвоија и ја трансформираа во афера против опозицијата, нагласувајќи наводна поврзаност на осомничените за фалсификувањето со опозицискиот врв. Притоа, ја користеа секоја можност да ги промовираат ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, некритички ги преземаа вестите меѓусебно или од другi медиуми, користеа многу анонимни извори, и за разлика од другите телевизии, избегнуваа да ги отвораат логичните и неодговорени прашања.

(4) Тенденциозен начин на известување можеше особено да се забележи за темите поврзани со *работата на Специјалното јавно обвинителство*. Селектирањето на едни, а занемарувањето на други аспекти на работата на јавното обвинителство од страна на провладините медиуми покажува како „врамувањето на темата“ се користи за манипулирање со јавното мислење. Во овој случај, кај сите три медиуми дури беше јасно видливо насоченото и синхронизирано „конструирање на приказна“ која не кореспондира со реалните случувања, со цел кај

[4] Baden, C. (2010). Communication, contextualization, & cognition: Patterns & processes of frames' influence on people's interpretations of the EU Constitution. Delft, The Netherlands: Eburon.

гледачите да се поттикнат негативни перцепции за работата на Специјалното обвинителство „кое работи во поврзаност со опозицијата“.

(5) *Преговорите за уредување на медиумската сфера* провладините медиуми ги извртуваа како обид на опозицијата „...да направи пазар за да воспостави власт врз медиумите“, при што кулминираше известувањето на Сител кој отворено се стави на страната на ВМРО-ДПМНЕ и ги нападна и СДСМ и посредникот Ванхауте, опишувајќи го притоа неговиот предлог како „цензорски закон за медиумите на Ван Хауте“. Останатите телевизии темата ја следеа неутрално, без нагласен став, преку изјавите на партиските претставници и претставниците на новинарските здруженија.

(6) *Отворањето на универзитетот „Мајка Тереза“,* беше настан за кој повеќе известуваа телевизиите на албански јазик. Кај МТВ 2 и кај ТВ 21 беше забележан фаворизирачки однос кон владиниот партнер во власта - ДУИ. МТВ 2 ова го прикажа како „голем национален проект“, а на ТВ 21 беше емитувано и промотивно интервју со министерот за образование Абдилаќим Адеми. МТВ1, Сител, Алфа и Канал 5 му посветија помалку внимание на настанот, најавувајќи го како нов голем проект на Владата.

## <u>III. ТЕМИ И НАСТАНИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ ВО ВЕСТИТЕ</u>

(1) <u>Политичката криза и можноста за предвремени избори</u>

*Развојот на политичката криза и можноста за предвремени избори* беше тема за која најмногу се известуваше во текот на целиот месец (вкупно 682 прилога). Интересот за темата почна да се развива веднаш по новогодишните празници поврзано со оставката на Груевски и мислењата дека критериумите од Пржинскиот договор не се исполнети и дека изборите треба да се одложат. Во следната недела фокусот врз оваа тема кулминираше поради одлуката на Собранието за одржувањена изборите на 24 април и за одложено распуштање. Сител, Канал 5, Алфа и МТВ1 унисоно ги пропагираа ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, во смисла дека изборите мора да се одржат на 24 април, при што СДСМ и другите актери кои укажуваа на неисполнетите услови - непрочистениот избирачки список и доцнењето на договорот за реформи во медиумската сфера, беа вулгарно напаѓани. Другите медиуми, со одделни исклучоци, главно неутрално-критички и/или аналитички пристапуваа кон темата.

Во првата недела на јануари <u>(од 7 до 15 јануари),</u> за политичката криза вклучувајќи ја и посетата на европратениците Ховит, Вајгл и Кукан и на еврокомесарот Јоханес Хан, беа објавени вкупно 176 прилози. Сител и Канал 5 кон оваа тема пристапуваа напаѓачки кон опозицијата: „СДСМ во очај повторно подготвува насилни сценарија“ (Сител, 10 јануари) и „Дали опозициската партија подготвува насилни сценарија?“ (Канал 5, 10 јануари), и кон поединци кои поради ставови критички кон власта беа доведувани во врска со опозицијата (статус на фејсбук на колумнистот-критичар на власта Џелал Хоџиќ, кој не е член на СДСМ, беше толкуван како најава за насилство организирано од опозициската партија „СДСМ подготвува тензии и насилство бегајќи од избори“, 10 јануари). Пристапот на МТВ1 и Алфа беше главно со позитивен тон кон владејачката партија („ВМРО-ДПМНЕ: СДСМ бара алиби за изборен пораз“ – МТВ1 8 јануари; „Гаранција за избори мора да има, во спротивно Груевски не смее да поднесе оставка“ и „Аналитичарите се едногласни дека сите предуслови за изборите се исполнети и дека опозицијата ќе се обидува да убедува дека невозможното е возможно, само за тие да се одложат“ – Алфа, 9 јануари). Телма, Алсат М (и на македонски и на албански јазик), МТВ2, 24 вести, кон темата приоѓаа неутрално, со пренесување на ставовите „за“ и „против“, или проблемски, преку експертски ставови (“Оставката на Груевски ја раздвижи политиката“, ТВ21 албански јазик, 14 јануари; „Договори во последен

момент - одговорност или менталитет?“, Телма, 9 јануари). Телевизиите Алсат М и ТВ21 во вестите и на македонски и на албански јазик на оваа тема емитуваа репортажи од Пустец, за гласачите кои опозицијата ги посочи како спорни и злоупотребени од власта на минатите избори.

Во наредната недела (16 – 22 јануари) за предвремените избори и за темата непосредно поврзана со неа - распуштањето на Собранието и формирањето на новата Влада, беа објавени дури три пати повеќе прилози (361). Известувањата на Сител, Канал 5, Алфа и МТВ 1 беа целосно во поддршка на ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, во смисла дека мора да се одржат избори на 24 април, без одложување, а беа силно, дури и вулгарно напаѓани аргументите на СДСМ и на други актери дека дотогаш нема да има време да се прочисти избирачкиот список и да се регулираат медиумите, па според тоа не можат да се создадат услови за организирање фер, демократски и кредибилни избори. Притоа, тоа има поблага форма кај МТВ 1 („За земјава нема излез од политичкиот лавиринт доколку не се исполнат препораките од јунско-јулскиот договор на кој стојат потписите на сите лидери за одржување на изборите на 24 април“), а многу поагресивно кај другите телевизии (Сител: „Стравот на Заев од казната на граѓаните - не само бегство од изборите туку и директно прекршување на изборниот законик“, Алфа: „По социјалните мрежи се шегуваат и со бајачка за изборофобијата на Заев“, Канал 5: „Опозицијата панично бега од соочување со народот“). Четирите телевизии во целост ја пренесоа изјавата на лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски, во која тој го напаѓа опозицискиот лидер со навредлив тон и со елементи на говор на омраза: „После сето ова, целата нација цупка на прсти и чека што ќе каже момчето од Муртино, кој е 30% човек, 30% аболициран криминалец и 30% митаџија во истрага, а остатокот ни самиот не знае што е“. Дел од преостанатите телевизии пренесоа други делови од изјавата, но не овој, туку само повикот на Јакимовски да се распишат избори на 24 април. Другите телевизии ги следеа интензивните политички настани неутрално, повремено со критички однос кон дел од потезите на владејачката коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ (Алсат М: „Македонија можеби е уникатен случај во глобални рамки каде Собранието работи и донесува закони и по неговото распуштање“).

И во четвртата недела (23 – 29 јануари) ова беше главната тема на вестите, но со помал интензитет од претходните недели (145 прилози). Немаше промена во аголот на известување кај провладините медиуми Сител, Канал 5, Алфа и јавниот сервис МТВ1 во однос на силната поддршка на ставовите на власта ( и ВМРО- ДПМНЕ) за одржување избори на 24 април. За разлика од минатата недела од мониторингот, вокабуларот во прилозите на оваа тема на Сител, Канал 5 и Алфа доби на интензитет како силно фаворизирачки кон ставот на владејачката ВМРО- ДПМНЕ и напаѓачки кон СДСМ  (Алфа 23 јануари: „СДСМ не бира средства за добивање на ефтини политички поени. Аналитичарите потсетуваат: не е прв пат социјалдемократите да прават неразумни потези и да наштетат на меѓународниот углед на Македонија“, Сител 23 јануари „Кога трчаше по градоначалничка фотеља Заев тврдеше дека списокот се чисти за две недели, сега не се доволни ниту три месеци“). Кај МТВ1 фаворизирањето беше со помал интензитет и се пренесуваа изјави на меѓународни претставници кои се на линија на ставот на власта (26 јануари „Келам: Изборите се добар сигнал за Европа, „Брасер: Бојкотот не е решение“). Останатите медиуми опфатени со мониторингот кон оваа тема пристапуваа без пристрасност, само информативно пренесувајќи ги изјавите на политичките актери и меѓународните претставници (МТВ2, Алсат), или преку критички, проблемски пристап кон прашањето, со експертски анализи (Телма, 24 вести, ТВ21).

(2) Проекти и остварувања на партијата на власт

Проектите и остварувањата на ВМРО-ДПМНЕ како партија на власт се тема која најмногу доминираше во текот на целиот набљудуван период (280) бидејќи сите четири про-владини телевизии (МТВ 1, Сител, Канал 5 и Алфа) со силен интензитет, секојдневно, на граѓаните им претставуваа „максимално позитивна“ слика за работењето на власта, трансформирајќи ја функцијата на новинарството од критичко информирање во гола политичка пропаганда.

Другите телевизии воопшто или многу малку известуваа за овие псевдо-настани исконструирани од власта.

Во последната недела на декември (<u>19 – 24 декември</u>) беше промовиран проектот на Владата „Купи куќа за млади". Сите прилози (вкупно 19) беа емитувани на телевизиите МТВ 1, Сител, Канал 5 и Алфа, и ниту еден на другите телевизии. Во сите нив беше истакнуван позитивен и фаворизирачки однос кон власта, а прилозите повеќе беа промотивни отколку информативни. На Канал 5 и на Алфа се забележани изјави од исти соговорници на оваа тема (Роберт Хот, претставник на Сојузот на стопанските комори), па дури и исти анкетирани граѓани во информативната канцеларија за проектот во Министерството за финансии.

Во неделата од <u>7 до 15 јануари</u> беа објавени дури 135 прилози за владините проекти и инвестиции, при што најголем број на комерцијалните телевизии кои се блиски до власта. Ваквите пропагандни прилози кај телевизиите Сител, Канал 5, Алфа и МТВ1 беа проследени со силен коментаторски тон и во најавите и во известувањето, како „Историски ден за Велес" (Сител и Канал 5, 12 јануари) или „ветено-сторено" со стари изјави од партиски митинзи на Груевски („Почна изградбата на новата фабрика на германски Алконпласт", Сител и Канал 5, 14 јануари), каде акцентот е на свеченоста и на обраќањата на политичките субјекти наместо на основната информација. Кај другите медиуми ваквите промотивни настани беа проследени без еуфорија, или со повремен критички став („Оваа инвестиција на Владата со народни пари, според дел од бизнисмените од угостителско-туристички центар, е неисплатлива"- 24 вести од 14 јануари). Во помал обем за оваа тема известуваа 24 вести, ТВ 21 и МТВ2. Телма имаше само еден таков прилог, а Алсат М на македонски и на албански јазик ниту еден.

Во неделата од <u>16 – 22 јануари</u>, п*ромоцијата на проектите на Владата* или на други субјекти раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ ја вршеа исклучиво четирите про-владини телевизии МТВ1, Сител, Алфа и Канал 5, со вкупно 61 прилог. Притоа, овие прилози не само што имаат силен фаворизирачки тон кон Владата и нејзините функционери, туку имаат повеќе маркетиншки отколку новинарски елементи (Алфа: „Пари за градба, плац; останува само проектот за куќа. Државата има решение и за тоа – готови и детално разработени планови бесплатно нуди министерството за транспорт и врски со што се заштедува и на архитект"). Силно се истакнуваат сумите за да се нагласи колку Владата им помага на граѓаните (МТВ1: „Фонд за иновации: Над 2,6 милиони евра помош за иновативни проекти"), или се употребуваат по повеќе бројки за да се засили ефектот (Сител: „Инвестициски циклус од 150 милиони евра во инфраструктура и 100 милиони во опрема во здравството. Во овој сектор ќе се вложува и во 2016". И псевдо-настаните што се однесуваат на овие теми добиваат ударно место (Канал 5: „Проектот „Купи куќа за млади" на заедничка маса ги седна претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и ресорните министри и градоначалниците").

Во истата недела, поврзана тема со промовирањето на владините проекти беа *активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски* (24 прилози). Речиси сите прилози беа емитувани на Канал 5, Алфа, МТВ1 и Сител. Откако Груевски поднесе оставка од премиерската функција, про-владините медиуми целосно го свртеа своето внимание кон него, сега именувајќи го како 'лидер на ВМРО-ДПМНЕ'. Се следеше неговото присуство на јавни настани како прославата на празникот Водици, (МТВ1: „Дејан Момировски најсреќен за Водици, доби лаптоп од ВМРО-ДПМНЕ"), на псевдо-настани организирани од државни институции каде што тој беше гостин, или на партиски трибини (Сител: „Иднината на младите останува во фокусот на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ", Алфа: „Груевски пред УМС на ВМРО-ДПМНЕ рече дека најголема обврска е да се работи за доброто на граѓаните"). Силниот фаворизирачки тон продолжи со несмален интензитет дури и откако тој отстапи од премиерската позиција, иако своевремено едно од објаснувањата на телевизиите (на уредничката на Канал 5 во неодамнешното интервју со Зоран Заев), беше дека го следат затоа што е премиер на државата. Дури продолжија и прилозите за изразување благодарност, кои сега веќе не беа насочени кон апстрактен субјект како Владата, туку директно кон Никола Груевски (Канал 5 „Студентите ги поздравија мерките кои ги промовираше лидерот на ВМРО

ДПМНЕ Никола Груевски“). Четирите телевизии воопшто не го поставуваа прашањето зошто поранешниот премиер учествува на настаните, и во кое својство. Другите телевизии не ги следеа активностите на Груевски, освен 24 вести која во еден прилог го отвори прашањето за неговата сегашна улога во општеството и во политичките случувања (24 Вести: „Груевски најавува проекти, нејасно дали како премиер или претседател на партијата.“)

И во неделата од 23 до 29 јануари прилозите за владините прокети заземааа голем дел од просторот во вестите на повеќето мониторирани телевизии, со вкупно 65 прилози. Најголем дел од нив се објавени на Сител (17), Алфа (14), Канал 5 (7), МТВ 1 и МТВ 2 по 10, сите промотивно-маркетиншки, каде нема критичка информација за проектот, туку само порака дека тоа е заслуга на власта, и проследена со исклучително манипулативен видео материјал. Кај сите овие телевизии забележливо е не само синхронизирано објавување на прилози на иста тема, туку и речиси идентични наслови на телоп и најави (23 јануари:„Општините прават терен за Купи куќа за млади“- МТВ1, „ Ќе заживеат малите општини. Поволностите што ќе ги понуди државата за спроведување на проектот Купи куќа за млади ќе овозможат младите луѓе да останат во своите места на живеење“- Сител, „Нови поволности за проектот Купи куќа за млади. Државата финансиски ќе ги поддржува општините за да го реализира проектот“- Алфа). ТВ21 и на македонски и на албански јазик со само по еден прилог (25 јануари „Дебата за новиот Универзитет „Дамјан Груев“ само на македонски и англиски јазик“), и Алсат на албански јазик со 7 прилози, неутрално критички ги опсервираа потезите на Владата главно во економската област (“Слободните здравствени зони: СДСМ вели дека се: пристапни само за богатите“ – 29 јануари, “ Владата без проект за изградбата на 13 км автопат кон Косово“- 27 јануари). ТВ 24 вести, Телма и Алсат воопшто не ја третираа оваа тема.

(3) Афера за фалсификувани лични карти

Ова беше главната тема што беше во фокусот на телевизиските вести само во декември (19 до 24 декември) (вкупно 118 прилози). Откако медиумите објавија дека полицијата и јавното обвинителство ја откриле работилницата за овие документи, приказната постепено се разви во афера против опозицијата, со укажување на поврзаност меѓу осомничените за фалсификување и опозицискиот врв. Четирите провладини телевизи притоа ги промовираа ставовите на партијата ВМРО-ДПМНЕ, некритички ги преземаа вестите меѓусебно или од други медиуми, користеа многу анонимни извори, и за разлика од другите телевизии, избегнуваа да отворат логични прашања.

Сител, Алфа и Канал 5, и во значително помал обем МТВ 1, имаа напаѓачки и демонизирачки однос кон опозицијата во известувањето за овие теми, откривајќи врски меѓу фалсификаторите и првите луѓе на опозицијата, лидерот Зоран Заев и генералниот секретар (и министер за внатрешни работи) Оливер Спасовски (МТВ1, 19 декември: „повеќето медиуми, повикувајќи се на извори од истрагата го поврзаа лично министерот Оливер Спасовски со осомничените во случајот“; Алфа, на 21 декември објави: „истрагата околу скандалот со осомничените фалсификатори на лични карти блиски на опозицијата открива нови скандалозни детали“; Канал 5, 23 декември: „и Заев во дружба со осомничените од скандалот“; Сител, 23 декември: „ова е само дел од соработката на СДСМ и криминалното подземје кое го водат нивни членови и пријатели лични“). Случајот беше користен и за промовирање на партијата ВМРО-ДПМНЕ (Алфа, 21 декември: „јавноста очекува одговор зошто додека ВМРО-ДПМНЕ секој ден го повикуваше Спасовски да ја расчисти аферата со личните карти тој молчеше“; Сител, на 21 декември објави: „по ова станува јасно зошто ВМРО-ДПМНЕ секој ден повикукваше за расчистување на овој случај, а СДСМ молчеше и одбегнуваше директни одговори“).

Другите телевизии ги пренесуваа сите релевантни информации во врска со темата, но не извлекуваа сопствени заклучоци во корист на еден или на штета на друг политички субјект. Имаа и критички однос кон темата, укажувајќи на сомнителни детали (Алсат, на 20 декември објави: јавното обвинителство не побарало притвор за ниту едно од трите осомничени лица; 24 Вести, 21 декември: „зошто нема притвор за наводните фалсификатори“).

(4) Работата на Специјалното јавно обвинителство

Работата на Специјалното јавно обвинителство беше тема која го окупираше медиумското внимание во последната недела на декември и, потоа повторно, во последната недела на јануари. И во двата брана на известување (вкупно 94 прилози) јасно се забележува различен агол на известување за оваа тема кај различни групи медиуми. Селектирањето на едни, а занемарувањето на други аспекти на работата на јавното обвинителство кај провладините медиуми покажува како „врамувањето на темата“ се користи за манипулирање со јавното мислење. Во овој случај, кај сите три медиуми дури беше јасно видливо насочено и синхронизирано „конструирање на приказни“ кои не кореспондираат со реалните случувања, со цел кај гледачите да се поттикнат негативни перцепции за работата на специјалното обвинителство и за опозицијата.

Во декемвриската недела (19 до 24 декември) беа емитувани вкупно 25 прилози. Телма, Алсат М на македонски и 24 Вести се занимаваа со условите во кои работи обвинителството во контекст на тоа кој треба да биде надлежен за плаќањата на обвинителите во него. Се усвои закон со кој прво требаше за тоа да одлучува јавниот обвинител Марко Зврлевски, но потоа се додаде амандман со кој се измени тоа. Сител, Алфа и Канал 5, пак, се фокусираа на тоа дека ниту лидерот на СДСМ Зоран Заев и` ги предава материјалите од прислушувани разговори што ги поседува на обвинителката Катица Јанева, ниту, пак, таа ги бара од него. Тие имаа напаѓачки однос и кон опозицијата и кон обвинителството, нарекувајќи го „структура на СДСМ“. На Алфа и на Канал 5 се користеа и идентични колажи од стари изјави на Заев во кои тој најавува дека ќе ги предаде материјалите. И во овој случај има индиции за синхронизирано напаѓачко и негативно известување кон СДСМ и кон специјалното јавно обвинителство, бидејќи трите телевизии се насочија кон аспект што не беше поврзан со дневните случувања, и подоцна во неделата се поврза со аферата за лажните лични карти (преку информацијата дека кај еден од осомничените биле најдени 70.000 разговори во компјутер), а беа игнорирани актуелните настани, како носењето на законските одредби што го засегаат ова обвинителство.

Во последната недела на јануари (23 – 29 јануари), во фокусот на телевизиите (вкупно 69 прилози) беше случајот со разрешувањето на двајца обвинители од тимот на Катица Јанева. Сител, Канал 5 и Алфа известуваа за „наводен заговор“ меѓу Јанева и Заев и, повикувајќи се на портали (Алфа на Телеграф) или без никаков извор (Сител и Канал 5) наведуваа рокови „кога треба да се реализира мастер планот на специјалната обвинителка Катица Јанева и лидерот на СДСМ Зоран Заев“. Додека МТВ1 ги следеше настаните на дневна основа само информативно, 24 Вести, ТВ21, Телма и Алсат М неутрално-критички го опсервираа потегот на Јанева.

(5) Преговори за уредување на медиумската сфера

Во последната недела на јануари (23 – 29 јануари) како тема се отворија и Преговорите за уредување на медиумската сфера (вкупно 53 ТВ прилози), при што повторно беше забележлива поларизацијата на телевизиите во поглед на аголот на известување: Сител, Канал 5 и Алфа известуваа со силна фаворизирачка (или пропагандистичка) позиција (Алфа и Сител 28 јануари, со речиси идентични наслови „СДСМ се обидува да прави пазар и тоа за власт врз медиумите“, „СДСМ прави пазар, изборниот законик за контрола врз медиумите“), додека Сител објави и редакциски коментар кој воедно содржи силни напаѓачки ставови кон опозициските предлози и нагласено фаворизирачки за ВМРО ДПМНЕ (28 јануари Националните телевизии со осуда на ставот на СДСМ и посредникот Ванхауте). Овие две телевизии на оваа тема во ист ден (28 јануари) објавија коментари со буквално идентични новинарски реченици („Каква иронија е ставот на СДСМ дека тие го прифаќаат моделот на пречистување на избирачкиот список ако другите партии го прифателе цензорскиот Закон на Ван Хауте за медиумите“. Останатите телевизии темата ја следеа неутрално, без нагласен став, преку изјавите на партиските претставници и претставниците на новинарските здруженија.

(6) Нов Универзитет во Скопје „Мајка Тереза“

Во декември (19 до 24 декември) со помал интензитет (34 прилози) телевизиите известуваат и за отворањето нов универзитет во Скопје, „Мајка Тереза“.МТВ 1, Сител, Алфа и Канал 5 му посветија помалку внимание, најавувајќи го како нов голем проект на Владата, телевизиите Телма и 24 Вести само неутрално ги пренесоа информациите за него, додека темата беше повеќе разработувана во телевизиите на албански јазик (на МТВ 2 беше доминантна дури и пред аферата со личните карти, а потоа Алсат и ТВ 21, како и во вестите на македонски јазик на овие телевизии). Кај МТВ 2 и кај ТВ 21 се забележува фаворизирачки однос кон владиниот партнер во власта - ДУИ. Во МТВ 2 тој е прикажан како „голем национален проект“, а во ТВ 21 на 23 декември е емитувано промотивно интервју за него со министерот за образование Абдилаќим Адеми (ДУИ). Алсат М известуваше балансирано и критички, пренесувајќи и експертски мислења дека е добро што се отвора нов универзитет, но важен е и квалитетот, а не само квантитетот во наставата (21 декември). Ова води кон заклучокот дека во медиумските известувања се задржува етничкиот пристап, односно телевизиите на албански јазик повеќе известуваат за прашања што ги засегаат Албанците, во однос на оние на македонски јазик.

## IV. АНАЛИЗА НА ВЕСТИТЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ТЕЛЕВИЗИИ

## 1. Македонска телевизија – Прв програмски сервис

### (1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)

МТВ 1 во мониторираниот период објави 62 прилога кои се однесуваат на политички настани. Во вестите, најмногу се известуваше за (1) Аферата со фалсификуваните лични карти (10) и за (2) Проектот куќа за млади (4). Останатите теми во фокусот на Јавниот сервис беа за инвестициски проекти на Владата во различни области. Во најголем дел од известувањето (13 прилози) на овие теми забележан е фаворизирачки однон кон ВМРО – ДПМНЕ, додека демонизирачкиот однос кон СДСМ го има во мал број прилози (4) и е послаб по интензитет.

Коментари и оценки во вестите: Во периодот од 19- 24 декември, во 17 прилози новинарот за тема известувал со неаргументирана критика. Позитивниот став на новинарот е присутен во промотивно-пропагандни прилози во полза на власта: „Проектот-шанса за младите“ (19 декември ), „Купи куќа за млади: Силна поддршка за младите“ (20 декември), „Нова акција: Се бориме за секое работно место“ (22 декември), „Наталитет: По нова година малиот Давид ќе добие сестра“ (22 декември).

Користење извори: Во најмногу од прилозите (28) емитувани во вестите на МТВ1 е користен само еден извор, во 13 се користени два извори, најчесто (во 11 прилози) тие се со ист став, додека само во 2 прилози двете мислење се спротивставени. Најмалку се користени 3 (или повеќе ) извори (во 10 прилози), подеднакво ( во по 5 прилози) тие единствени и со различни ставови. Еден (или единствени) извори се владините институции и највисоките државни функционери, од претседателот на државата, премиерот, министрите, градоначалниците и експерти кои ги фаворизираат владини политики: „Купи куќа за млади: Силна поддршка за младите“ (20 декември), Новиот универзитет ќе понуди нови можности (21 декември) или „Купи куќа за млади: Со низа поволности до сопствен дом“ (22 декември). Манипулативен пристап во користењето извори е и со повикувањето на „повеќето“ , „дел“ или „некои медиуми“, без да се прецизира конкретно кои: „Повеќето медиуми, повикувајќи се на извори од истрагата го поврзаа лично министерот Оливер Спасовски со осомничените во случајот“ (19 декември), и „Дел од медиумите објавуваат фотографии од осомничените кои покажуваат дека покрај со министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски се среќавале и имале комуникација и со лидерот на социјалдемократите Зоран Заев (22 декември).

Директни обраќања: Има директни обраќања на лидерите на двете најголеми политички партии, но и според бројот на појавувања и според пристапот видлива е неизбалансираноста во полза на лидерот на ВМРО – ДПМНЕ. Во шестдневниот период емитувани 7 обраќања на Груевски, а 3 на Заев.

Аудиовизуелна презентација: Во 23 прилози објавени во вестите во анализираниот период има малициозна аудиовизуелна манипулација. Една од алатките е маскирање на партиска промоција (на ВМРО- ДПМНЕ) во настан од едикативен карактер („Обука за млади Иновации во бизнисот и бизнис-алатки" - 19 декември), при што во визуелниот дел во предн план се нагласени партиските симболи. Друг тип на користење на визуелната презентација во пропагандна цел е во случаите кога во во речиси секој кадар се појавува владин функционер („Повисока плата во полицијата„ – 21 декември, „ Дом за деца без родители 11 Октомври: Новогодишни подароци за децата" – 21 декември) кој се фаворизира (премиер, министер или заменик- министер), иако во извештајот се говори за општо за некоја владина активност. Во еден од прилозите („Случај фалсификувани лични карти: Во истрагата ќе се вклучат и партнерски служби" од 21 декември), малициозниот пристап е забележан во презентацијата на изјавите на лидерите на двете ривалски партии, ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ, при што позитивниот пристап кон Груевски е со реемитување на негова стара и екстензивна изјава, која му е спротивставена на изјава на Заев од една реченица.

Примери:
*(19 декември генерална најава)* „Купи куќа-купи стан и Купи стан за млади ќе бидат главните двигатели на градежништвото".
*(19 декември оценка на новинар)* „Првиот проект ја намали цената на стамбениот квадрат и каматните стапки на кредитите, велат надлежните. Со новиот проект се очекува да се намалет цените на куќите и да станат подостапни за граѓаните"
*(22 декември оценка на новинар)* „Спасовски не одговори конкретно дали се познава со осомничените за случајот? Заменик-министерот Чавков вели дека треба да се отркие целата мрежа"
*(23 декември оценка на новинар)* „Голем број млади но и возрасни дојдоа во новоотворената канцеларија во Министерството за финансии да се информираат за проектот „Купи куќа за млади"

**(2) Втора недела (8 – 15 јануари 2016)**

МТВ 1 објави вкупно 95 прилози кои се однесуваат на политички настани. Најголем фокус беше ставен на: владините проекти и инвестиции (32 прилози), на посетата на премиерот Груевски на САД (5 прилози), на политичката криза и изборите (4 прилози) и на посетата на европратениците и еврокомесарот Хан (4 прилози).

Во најголем број прилози (44) е забележан фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија, и она што е исто така забележително има еден прилог со демонизирачки однос, и тоа кон функционер на опозицијата („Ременски направи незаконска смена и создаде хаос"- реакција од Кабинетот на Спасов од 13 јануари).

Коментари и оценки во вестите: Со доминитрањето на промотивно- пропагандните прилози, вестите на македонски јазик на Јавниот сервис наликуваат на предизборен маркетинг простор за власта, односно за владејачката ВМРО – ДПМНЕ: преку прилози за достигнувањата во економскиот раст (8 јануари), за владините и странските инвестиции ( „Пациентите од земјава кои веќе чекаат да бидат оперирани повеќе нема да мораат да патуваат во странство " и „Над милион евра за старт на стотина нови бизниси во агро-секторот", од 8 јануари), како и за промовирање на улогата во тоа на владините функционери („Увид во работите изврши премиерот Никола Груевски, кој беше во посета на охридскиот регион" од 9 јануари, и профилот на предлогот за преоден премиер Емил Димитриев од 15 јануари). Опозицијата во набљудувачкиот период единствено беше спомената во мал број прилози и тоа преку изјави на нејзините функционери во власта или пратеници („Собрание: Шилегов: Груевски јавно да сведочи пред Анкетната од 13 јануари, „Откриен дупликат формулари за возачки дозволи" од 14 јануари).

Користење извори: Во прилозите во вестите на МТВ1, доминантно се користи еден извор (40 прилози). Во 12 прилози се користат два извори, и во исто толку (12) се користрат три или повеќе

извори но секогаш се тоа од иста позиција. Два, три или повеќе извори со сптоивставени ставови се забележани во 10 прилози.

Има и случај на манипулација со извор („Анализа: Брза и очекувана средба Бајден-Груевски“ од 12 јануари), каде експертот познат по ставовиве блиски до владината политика, се користи во пропагандно – позитивно известување за посетата на премиерот Груевски на САД. Уште еден пример е со користење на неименувани извори во апологетско бранење на владината политика („Во Македонија има извесен пораст на наталитетот. Во општината Аеродром станува мода да се има трето дете“ од 10 јануари), каде неименувани извори од Балканот со пофални зборови говорат за владиниот проект за зголемување на наталитетот.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираниот период емитувани се 15 директни обраќања на политичките лидери. МТВ 1 продолжува и натаму најголем простор од вестите за тоа да дава на премиерот и лидер на ВМРО - ДПМНЕ Груевски (11), додека лидерот на ДУИ Ахмети има две, и лидерот на СДСМ Заев и на ДПА Тачи по едно.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Во 26 прилози забележителна е манипулативна видео или аудио содржина. Видео манипулацијата е преку користење материјали кои би укажале на доминација на владејачката ВМРО - ДПМНЕ над опозицијата („ВМРО-ДПМНЕ: СДСМ бара алиби за изборен пораз“ од 8 јануари), каде соопштението на ВМРО- ДПМНЕ е прочитано интегрално, проследено со големо лого на партијата, додека делот каде се споменува опозицијата, се кадри од седиштето на СДСМ.

Видео манипулација најмногу има во промотивните прилози за владините проекти каде секогаш во преден план се владините функционери од ВМРО- ДПМНЕ, а не проектот што се промовира ("Култура: Промоција на нови капитални дела“, Здравство: Ќе се отвора центар за трансплантација“ од 8 јануари и „Германци вложуваат 15 милиони евра во Бунарџик“ од 13 јануари, каде се истакнува фејсбук-статус на Груевски, каде тој најавува инвестициски бум). Во друг случај „Спасов и поднесол тужба на Ременски“ од 12 јануари, министерката Ременски (од редовите на опозицијата) само се споменува од новинарот, додека од заменикот Спасов (функционер од ВМРО – ДПМНЕ), е објавена изјава – обраќање.

<u>Примери</u>:
(*8 јануари, оценка на новинар*) Земјава има динамика за половина поголема од просекот на регионот на Европа и на Централна Азија“
(*8 јануари, оценка на новинар*) Пациентите од земјава кои веќе чекаат да бидат оперирани повеќе нема да мораат да патуваат во странство “
(*8 јануари, најава*) „Извозот ќе продолжи да расте и во 2016та. Тоа е резултат на зголемениот економски раст на компаниите во интустриските зони
(*15 јануари, оценка на новинар*) Познавачите за него ќе речат дека е вистинското решение за премиерското место.

**(3) <u>Трета недела (16 – 22 јануари 2016)</u>**

МТВ 1 во известувачкиот период од 16 до 22 јануари објави вкупно 68 прилози кои се однесуваат на политички настани. Најголем фокус имаше на теми поврзани со: изборите (26 прилози), со владините проекти (15 прилози), со оставката на Владата и новиот мандатар (4 прилози) и со ситуацијата со бегалците (2 прилози).

Во најголем број прилози (26) забележан е фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија. Само во еден прилог со негативен тон се критикува политиката на опозицијата во однос на барањето за одложување на датумот за изборите (16 јануари „ По последните преговори во Пржино: Груевски: Заев се плаши од поразот од народот“).

Коментари и оценки во вестите: Централниот дневник на МТВ1 во анализираниот период наликува на пропаганден простор за промовирање на политиката на власта по актуелните политички и економски прашања. Опозицијата добива простор во информирањето само преку малкуте прилози за работата на министрите и замeникот за земјоделство именувани според Договорот во Пржино (16 јануари „Мигранти: Министерката во посета на транзитниот центар", „МВР: Македонија и Србија ја интензивират соработката", „Аграр: Николовски обвинува за непотизам и селективност").

Користење извори: Во прилозите во вестите на МТВ1, доминантно се користи еден извор (30 прилози). Во 7 прилози се користат три и повеќе ставови, а во 6 два извори, но од иста позиција. Во 9 прилози ставовите на соговорниците се со спротивставени гледишта.

Директни обраќања: Во анализираниот период емитувани се 8 директни обраќања на политичките лидери. МТВ 1 продолжува и натаму најголем простор од вестите за тоа да дава на премиерот и лидер на ВМРО - ДПМНЕ Груевски (8 обраќања), додека по едно на лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на ЛДП Горан Милевски.

Аудиовизуелна презентација: Во 19 прилози се забележани манипулативни елементи. Најчестата е со претставување на партиските проекти како владини (трибина на ВМРО-ДПМНЕ „Ставревски: Политичарите да ги решаваат проблемите" од 21 јануари, Проект: Купи куќа за млади: Подобра соработка за итна реализација на проектот" од 21 јануари) или со промовирање на успешноста на владини проекти преку селектирани изјави (21 јануари „Заврши распустот почна второто полугодие", каде студенти и директори, претставени во позитивна аудиовизуелна светлина, и со пофални зборови говорат за екстерното тестирање, без да се спомене дека токму овој прокет предизвика незадоволство и протести).

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:
(*16 јануари, изјава*) „Фонд за иновации: Над 2,6 милиони евра помош за иновативни проекти„ изјава Јасмина Поповска
(*16 јануари, оценка на новинар*) За земјава нема излез од политичкиот лавиринт доколку не се исполнат препораките од јунско-јулскиот договор на кој стојат потписите на сите лидери за одржување на изборите на 24 април
(*19 јануари, изјава*) Дејан Момировски најсреќен за Водици (лаптоп од ВМРО-ДПМНЕ)
(*20 јануари, генерална најава*) „Државната помош изнесува и до 3.500 евра. Со 207 милиони денари треба да се отворат повеќе од 900 мали бизниси и да се креираат илјада вработувања"
(*21 јануари, најава*) Од владејачката партија сметаат дека треба да им се помогне на младите и со субвенции за комуналии
(*21 јануари, најава*) Од Министерството за образование најавија дека ќе ги поддржат проектите за сушалници и пералници во домовите, како и за отворањето читални (проекти што ги најави ВМРО-ДПМНЕ)

### (4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)

МТВ 1 во известувачкиот период од 23 до 29 јануари објави вкупно 71 прилог во врска со актуелните политички настани. Најголем број од прилозите се за: изборите (13 прилози), владините проекти (10 прилози), преговорите за медиумите (3 прилози) и за работата на Специјалното јавно обвинителство (3 прилози). Во најголем број прилози (24) забележан е фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија. Само еден прилог е со негативен тон во врска со тензиите на релација министер (ВМРО- ДПМНЕ) – дополнителен заменик министер (СДСМ) во Министерството за земјоделство (29 јануари „Министерство за земјоделство: Обвинувања за судир на интереси"), кој е многу поблиску до критика отколку до демонизирање.

Коментари и оценки во вестите: Централниот дневник на МТВ1 во анализираниот период беше емитуван во скратена верзија поради преносите од Европското ракометно првенство, при што прилозите беа кратки, со што тој наликуваше на билтен на владините и активностите на ВМРО –

ДПМНЕ. Опозицијата како субјект се појавува во прилозите за дневните активности на МВР (27 јануари „ МВР: Промовирана стратегијата за развој на полицијата“), за средбите на лидерот на СДСМ со кинескиот амбасадор (25 јануари), предлог мерките за загадувањето (28 јануари), прес конференцијата на Заев (29 јануари) и во прилозите за случајот фалсификуваните возачки дозволи што го обелодени министерот Оливер Спасовски (23 и 24 јануари „ ВМРО-ДПМНЕ: Техничкиот министер Спасовски фатен во лага“ и „Спасовски одговори за фалсификуваните дозволи“). Она што е забележливо во овој анализирачки период е објавување на прилози кои содржат и критички ставови (од меѓународни институции) за владината политика (Извештаите на Фридом хаус и на Транспаренси од 27 јануари).

<u>Користење извори:</u> И во овој период во прилозите на МТВ1 се користи еден извор (33 прилози). Во 13 прилози се користат три и повеќе ставови, но тие се еднострани, а во 8 тоа се два извори, но повторно од иста позиција. Во 5 прилози ставовите на соговорниците се со спротивставени гледишта. Во еден од прилозите нема повикување на извор на информацијата, но во него нема изразен став кон ниту еден од политичките субјекти.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираниот период емитувани се мал број изјави на политичките лидери – 4. Според бројноста, се работи за избалансиран пристап во тој поглед, со емитувани по две обраќања на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Никола Груевски и две на лидерот на СДСМ Зоран Заев.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Дваесет (20) од вкупниот број емитувани прилози содржат елементи на аудио или визуелна манипулација. Покрај веќе нотираните примери за промотивни прилози и во претходните анализи (23 јануари „Проекти: Општините прават терен за „купи куќа за млади“, 27 јануари „ Во Струмица ќе се отворат 1.500 работни места“, 25 јануари „ Здравство: Нов ПЕТ центар, првите пациенти за 9 месеци“) каде поголем акцент се става на тоа кој присуствувал на промоцијата, наместо за конкретниот повод. Друг тип на манипулација во прилозите на МТВ 1 е едностраноста на изворите во промовирањето на одреден проект („Екстерното тестирање без посериозни забелешки“ од 29 јануари каде има изјава само од заменикот министер од ВМРО ДПМНЕ Спиро Ристовски, иако имаше информации за проблеми во процесот) и „Комисиска дебата за универзитетот Дамјан Груев“ (од 25 јануари), каде „дебатата“ се сведува на две изјави од министерот за одбрана Јолевски и заменик - министер за образование Ристовски. Манипулативна е и информацијата од телопот за прилогот од 29 јануари „ВМРО-ДПМНЕ: Фер и демократски избори ќе има“, која наводно е изјава на пратеникот од ВМРО- ДПМНЕ Илија Димовски, која во прилогот ја нема во ваква форма. Како посебен пример на манипулативна презентација (и видео и аудио) е прилогот од 24 јануари „Груевски: На 24 април доаѓа казната од народот“, кој трае 3 минути и 40 секунди и се состои единствено од цитати од говорот на Груевски на Унијата на ќени на ВМРО- ДПМНЕ).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>
(*25 јануари, форшпан*): „План за изградба на нови индустриски зони- Се чисти теренот за нови погони во кои ќе се отворат нови работни места“
(*25 јануари, новинар*) “Инвестиција: Нова германска компанија ќе вложува во Македонија цитира најава од фејсбук-профилот на Груевски
(*25 јануари, новинар*) „Платите во зоните блиску до просекот во гранките
(*27 јануари, новинар*): „Субвенциите од државната каса за ефтини авиолинии, го раздвижија туризмот и економијата“
(*29 јануари, новинар*): „Индустриското производство продолжува да расте со двоцифрени стапки“

## 2. Македонска телевизија – Втор програмски сервис

### (1) <u>Прва недела (19 – 23 декември 2015)</u>

Емитувани се вкупно 39 прилози во периодот од 19 до 24 декември, кои се однесуваат на политички случувања, состојби и актери. Најзастапена е темата за новиот универзитет на албански јазик (6 прилози), а потоа за скандалот со личните карти (5 прилози). Забележлив е отворено фаворизирачки тон кон ДУИ.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата известуваше неутрално критички за скандалите со личните карти, но продолжува со позитивните фаворизирачки прилози за ДУИ, со дури 14 прилози. Така новиот универзитет на албански јазик „Мајка Тереза“ е прикажан како „голем национален проект“ на ДУИ, а гласањето на ДПА за универзитетот во собраниската комисија е прикажано како голема победа на ДУИ над ДПА („ДУИ ја стави опозицијата пред свршен чин“). Има прилог за зголемувањето на застапеноста на Албанците во судството со промотивен говор на министерот за правда Аднан Јашари. Телевизијата ги покрива дури и взаемните посети на министрите на ДУИ, овој пат министерот за економија Беким Незири беше на посета кај министерот за правда Јашари, како и средбите на вицепремиерот Фатмир Бесими во МВР и во Министерството за информатичко општество и администрација. Се следат и партиски активности, како пуштањето на две патишта во Арачиново, и една дебата на одделот за земјоделство на ДУИ. Градоначалникот Невзат Бејта најавува дека продолжува рокот за легализација на дивоградбите во Гостивар (продолжен е на државно ниво).

Користење на изворите: На телевизијата доминираат прилозите со по еден извор или со еднострани извори.

Директни обраќања: Има директни обраќања од лидерот на СДСМ, Зоран Заев, за „Пуч“ и за скандалот со незаконските лични карти. Груевски зборува за универзитетот „Мајка Тереза“. Зоран Заев има две директни обраќања, а Никола Груевски едно. Има и едно пренесено соопштение од лидерот на ДУИ Али Ахмети.

Аудиовизуелна презентација: забележана е манипулативна аудиовизуелна презентација во прилогот „Засадени садници во Чаир“ (од 21 декември) се прикажани градоначалниците на Чаир и на Скопје, Изет Меџити и Коце Трајановски со лопати во раце како садат дрвца. Како манипулативна е прикажана и снимка на министерот за образование Абдилаќим Адеми со пратеници од ДУИ за време на гласањето на новиот универзитет во собраниската комисија.

### (2) **Втора недела (8 – 15 јануари 2016)**

Во вестите на МТВ2, во оваа недела се објавени вкупно 52 прилози. Одложувањето на изборите и кризата (16 прилози), посетата на европратениците и Хан (5 прилози) и аферите со лажните лични карти и возачки дозволи (7 прилози), беа главните настани во вестите на албански јазик на МТВ. Пристапот на телевизијата е со главно неутрално известувачки тон.

Коментари и оценки во вестите: Темата за изборите во вестите е обработена преку прилози „за“ и „против“ одложувањето, во македонскиот политики блок (“ Заев не ја исклучува можноста за одложување на изборите“ ( 9 јануари) ВМРО: Одложувањето на изборите го ризикува договорот од Пржино“) и во албанскиот блок („Ахмети: Договорот добро се спроведува остануваат уште некои мали моменти како прочистувањето на избирачкиот список„ (11 јануари), „ Тачи: Времето за прочистувањето на избирачкиот список истекува“). Во прилог од 13 јануари се соочени ставовите на аналитичари, дека изборите треба да се одложат, бидејќи нема оптимални услови“. Во друг прилог од (14 јануари) аналитичарите пак, се против одложувањето, а се објавува и анкета на граѓани против одложувањето на изборите.

За оставката на Груевски и настаните околу неа, очекувањето и најавата за оставка се известува како за “Последниот ден за оставка на Груевски“ (14 јануари), “Оставката на Груевски е сигнал за одржување на изборите“, “Груевски ја поднесе оставката во Собрание“ (15 јануари). Иако во помал број, има прилози со позитивна - фаворизирачка позиција кон активностите на функционери на ДУИ, (најава за изградба на мали хидроцентрали од италијанска фирма, загадувањето и за полошкиот регион, децентрализацијата), а во позитивен тон се проследени и посетите на Ахмети во Атина и на Груевски во САД.

Користење на изворите: Во однос на користењето на бројот и позицијата на изворите во прилозите, таа е подеднаква – во 17 прилози тоа е само еден извор, додека во другите 17 тоа се повеќе извори, но еднострани.

Директни обраќања: Вкупно с еобјавени 11 изјави, од кои по три обраќања се на Груевски, Заев и Ахмети, а две на лидерот на ДПА Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана аудиовизуелна манипулација.

**(3) Трета недела (16 – 22 јануари 2016)**

Телевизијата во мониторираниот период емитуваше 47 прилози во кои се појавуваа политички субјекти. Повеќето од нив се однесуваат на: закажувањето на предвремените парламентарни избори (19 прилози), потоа на активностите на ДУИ (7 прилози), и на изборот на новата Влада (4 прилози).

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неутрално и во целост ги следи препукувањата за датумот на изборите и за распуштањето на Собранието (16 јануари: „Пропаднаа разговорите, се враќа политичката криза во земјата“), (17 јануари: „Препукувањата за датумот на изборите продолжуваат“), (18 јануари: „ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ одлучуваат за избори на 24 април, и за распуштање на Собранието“) итн. Внимание им се посветува и на изјавите на странските претставници („Хан инсистира СДСМ да учествува на избори“).

Телевизијата продолжува со позитивни фаворизирачки прилози за активностите на ДУИ. Министерот за образование Абдулхаќим Адеми вели дека „инвестираат во сите албански општини“ (21 јануари), државниот секретар во министерството за култура, Бехиџудин Шехапи, најавува повеќе средства за албанската култура во 2016 година итн. Се пренесуваат и две изјави на Али Ахмети по повод свеченоста за прогласување на почесна граѓанка на Чаир и по повод годишнината на албански патриот (17 јануари: „Али Ахмети: непријателите на Албанците работат, затоа секоја годишнина на Јусуф, треба да не` потсетува на лошите планови на нашите вековни непријатели“).

Користење на изворите: Телевизијата ги покрива сите инволвирани страни во настаните, политичките партии се застапени во согласност со улогата што ја имале во политичките случувања. 17 прилози се со еден извор, главно пораки на амбасадите или на партиите, а 12 прилози со два или повеќе извори, но со единствен став.

Директни обраќања: Има директни обраќања од лидерите на главните преговарачки партии, но и од лидерите на помали политички партии. Има 5 директни обраќања на лидерот на ДУИ Али Ахмети , од кои 3 за датумот на изборите и за политичката криза, а 2 за свечености посветени на албански личности. Груевски и Заев имаат по 3 изјави за датумот на изборите и за политичката криза.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**(4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)**

Телевизијата во мониторираниот период емитуваше 58 прилози за политичките настани. Најмногу од нив се за теми поврзани со изборите (15 прилози), за тензиите меѓу функционерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ во Владата (6 прилози), за преговорите за медиумите (5 прилози), за СЈО (4 прилози), за говорот на лидерот на ВМРО - ДПМНЕ Груевски пред Унијата на жените (4 прилози) и за активностите на функционерите од ДУИ (6 прилози). Во прилозите за активностите на владејачката партија ДУИ доминира позитивистички пристап во известувањето.

Коментари и оценки во вестите: Во вестите на албански јазик на МТВ2 известувањето е неутрално за сите теми, освен во случаи на владините проекти. Препукувањата околу датумот на изборите се пренесени преку ставовите на сите политички субјекти ("СДСМ не се откажува од чистење на терен" од 24 јануари, „Заев бара ДИК да се изјасни за времетраењето за чистење на изборниот список" од 25 јануари, „Хан: Важно е квалитетот на изборите, а не кој учествува" од 26 јануари). И реакцијата на СДСМ, дека "Нема квалитетни избори без еднакви можности". Истиот пристап е применет и во известувањето од говорот на Груевски од 24 јануари, каде освен делови од говорот се објавуваат и реакциите. Пристрасноста во известувањето се забележува во фаворизирачките прилози за активностите на ДУИ дека се „инвестираа во сите албански општини" (23 јануари), "Услугите на ФЗОМ на електронски начин дури 90 %"(27 јануари) и "Во економската зона во Тетово не недостасуваат инвестиции"(28 јануари) , или преку изјавите на лидерот на Али Ахмети по повод свеченоста за прогласување на почесна граѓанка на Чаир и по повод годишнината на албански патриот (27 јануари: „Али Ахмети: непријателите на Албанците работат, затоа секоја годишнина на Јусуф, треба да не` потсетува на лошите планови на нашите вековни непријатели"). Позитивен тон се забележува и во прилогот за поставување споменик на албански херој во Сарај (23 јануари), за сеќавањето на роденденот на Арбен Џафери и за критиките од ДПА на најавата за новиот универзитет "Даме Груев" во Скопје ("ДПА: не се оди во ЕУ со националистички доктрини" од 27 јануари).

Користење на изворите: Во 21 прилог користен е само еден извор на информацијата, додека во 14 прилози се посолуваат два и повеќе извори, но со единствена позиција.

Директни обраќања: МТВ2 во анализираниот период објави вкупно 5 обраќања, и тоа од четворицата лидери на поголемите партии. Најмногу – 2 изјави, има на лидерот на СДСМ Заев, додека Груевски, Ахмети и Тачи се застапени со по една изјава.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 3. СИТЕЛ

### (1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)

Сител во анализираниот период објави 62 прилози на актуелни политички теми. Во најголем број од новинарските прилози е известувано за аферата со (1) фалсификуваните лични карти (12 прилози), потоа за (2) предавањето на материјалиот од прислушувањето на СЈО (5 прилози) и исто толку за (3) владиниот проект "Куќа за млади" (5 прилози). Во речиси сите новинарски прилози на оваа телевизија има одреден став на новинарот (или уредникот). Во 19 прилози на овие теми забележан е фаворизирачки став кон ВМРО - ДПМНЕ (и Владата), додека во 28 прилози, има негативен став кон СДСМ (опозицијата), со изразен интензитет, конкретно во однос на првите две теми.

Коментари и оценки: Новинарите и уредниците во оваа телевизија често користат хибридни форми на известување како анализи/коментари и најави/коментари. Во овој период, објавени се 10 анализи и 5 најави, во кои има произволни оценки на новинарот без поткрепа со докази и навредлива реторика кон демонизираната страна („Дали постои директна врска, мотив и интерес меѓу криминалците кои се фатени во фабриката за фалсификати и СДСМ-Да - 23 декември, „Ова е само дел од соработката на СДСМ и криминалното подземје кое го водат нивни членови и пријатели лични" - 23 декември), и пофалби за фаворизираната страна („По ова станува јасно зошто ВМРО-ДПМНЕ секој ден повикуваше за расчистување на овој случај, а СДСМ молчеше и одбегнуваше директни одговори" – 21 декември, „Овозможувањето на еднакви шанси за децата без родители е во фокусот на владата"- 21 декември).

Користење на изворите: Во 27 новинарски прилози емитувани на оваа телевизија, има само еден извор на информација, и тоа се државните институции и владините функционери и пратеници. Во 8

прилози, темата се обработува со цитирање на два извори, но тие се со ист став, додека во 4 прилози, двете гледишта се спротивставени. Тогаш кога се наведуваат три или повеќе извори, тога тие (во пет прилози) се со иста позиција. Во 4 прилози информациите се базираат на „извори на Сител“ или „извори од истрагата“, што и самата содржина ја прави манипулативна (19 декември „Еден од приведените, дел од структурите на СДСМ“, 20 декември „Фабрика за афери се криела позади скандалот со лажните лични карти, 21 декември „ Спасовски комуницирал со осомничените за фалсификување лични карти и други документи“), а еден прилог (24 декември “Две законски можности и стојат на располагање на Катица Јанева“) е без никакво извор. Друг тип на манипулација е објавување на стари изјави на лидерот на СДСМ, во негативен контекст (19 декември „Заев го крши законот и својот збор- не ги предава илјадниците разговори на Јанева“, 19 декември 20 декември „Груевски:На Јанева ќе и бидат обезбедени сите услови за работа“, 22 декември “Мега скандал:Голем дел од незаконски прислушуваните материјали на Заев пронајдени во "Фабриката за афери")

<u>Директни обраќања:</u> Сител најмногу обраќања на лидер на политички субјект објавила од Заев (11), додека од Груевски 9 и едно обраќање на лидерот на ГРОМ. Но, најголем дел од изјавите на Заев се стари, додека Груевски има и едно обемно интервју (24 декември).

<u>Аудиовизуена манипулација:</u> Во 14 прилози е забележана малициозна презентација. Во дел од прилозите таа се прави со стари видео инсерти кои се врамуваат во контекс на демонизирање на СДСМ (19 декември „Човек на СДСМ стои зад фалсификувањето на личните карти кое го објави Фокус“, 21 декември „Спасовски комуницирал со осомничените за фалсификување лични карти и други документи“). Визуелната презентација на промотивните фаворизирачки прилози за власта е со видео- материја од масовни собири на граѓани (19 декември „Граѓаните задоволни од мега проектот на владата“, 22 декември „Никогаш полесно до сопствен дом“)

Примери:
*(19 декември оценка на новинар)* „И додека лидерот на СДСМ Зоран Заев ја лаже јавноста, неговиот министер Оливер Спасовски не го спроведува законот кој го обврзува незаконските снимки преку полицијата да му ги обезбеди на Специјалното јавно обвинителство“.
*(20 оценка на новинар)* „Целта на луѓето од СДСМ била на овој начин да се урива рејтингот на луѓето од владејачките партии веќе испробана шема структурите од СДСМ“.
*(21 оценка на новинар)* „Спасовски, како што велат вработени во МВР кои го виделе вечерта, изгледал многу вознемирен кога дознал за истрагата и упадот во фабриката за фалсификати на СДСМ“.
*(22 декември оценка на новинар)* „Според неофицијалните информации неодамна Заев и лично заминал за Србија, а контакти со Божиновски имал и директорот на ПОЦ Саша Богдановиќ “.
*(22 декември оценка на новинар)* „Мотивот за овој проект доаѓа по успешноста на претходните мерки за вработување кои помогнаа стапката на невработеност во третиот квартал годинава да падне на 25 отсто“.
*(22 декември оценка на новинар)* „Преку низа проекти Владата создаде услови за младите многу лесно да дојдат до сопствен дом“.
*(23 декември генерална најава)* „Криминалците при апсење прво се јавиле кај Зоран Заев и барале заштита а потоа Зоран Заев барал објаснување од неговиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски“
*(23 декември оценка на новинар)* „Македонија ја гледа новата афера поврзана со криминал, корупција и рекети во која учествува врвот на СДСМ, особено нивниот претседател Зоран Заев. А Зоран Заев, повторно, по којзнае кој пат, е дел од организиран криминал“.
*(24 декември најава на интервју со Груевски)* „Да го почнеме ова интервју со онаа добра вест, денеска е најавено зголемување на платите на медицинскиот персонал и медицинските сестри“.

### (2) <u>Втора недела (8 – 15 јануари 2016)</u>

Сител во набљудуваниот период објави 84 прилози за актуелни политички настани. Во вестите најголем простор е посветен на прилози за: владините проекти и инвестиции (35 прилози), политичката криза и изборите (8 прилози), посетата на европратениците и еврокомесарот Хан (6

прилози), посетата на Груевски на САД (5 прилози) и (5) преземањето на материјалите од прислушувањето од СЈО (3 прилози). Во сите објавени прилози забележлив е нагласен апологетско-пропаганден однос кон власта и посебно кон владејачката партија ВМРО – ДПМНЕ (41 прилог), додека во 18 прилози има крајно негативен, а во одредени случаи и навредлив, однос кон опозицијата.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Секојдневните промотивни извештаи со пофален тон за владините политики, наликуваат на маркетинг прилози во изборна кампања: „Индиски инвеститор ја купува Порцеланка. Историски ден за Велес“ (12 јануари), „Акомпласт е една од многуте инвестиции кои се должат на реформите во деловната клима и промоцијата на Македонија како бизнис дестинација“ (14 јануари). Фаворизирачкиот тон се манифестира и преку демонстрирање на поддршка што владината политика ја „ужива“ дома („Охриѓани задоволни што ќе добијат современа здравствена установа со изградбата на болницата Свети Еразмо“- 10 јануари, „Велешани задоволни од рестартирањето на Порцеланка“ – 13 јануари) и надвор („Државнички чекор и ветер во грб за владата е средбата Груевски-Бајден“ – 12 јануари).

Телевизијата објави и 6 анализи и една најава, со нагласен коментаторски став на новинарот. Покрај негативниот тон, во овие прилози опозицијата се нарекува „клан“, со обвинувања дека стои зад „насилни сценарија“, „спроведува самоволие“ („Владата го плаќа кланот Заеви“, 8 јануари, „СДСМ во очај повторно подготвува насилни сценарија“, 10 јануари, „Ременски спроведува брутална партизација и самоволие“, 11 јануари, „Јанева игра во корист на Заев за да му овозможи простор да ги уценува граѓаните со снимките“, 15 јануари).

<u>Користење извори:</u> Новинарските прилози доминантно се со еден извор на информација (35 прилози), додека во 13 се користени две, но идентични мислења. Во 11 прилози се цитираат повеќе од два извори, но тие, освен во еден случај, се секогаш истомислечки. Сител во периодот објави и три прилози каде се повикува на порталот Курир како извор („Курир:СДСМ во очај повторно подготвува насилни сценарија“ од 10 јануари), но и прилози без извори („Фејсбук профилот на Бекири ги откри неговите пријателства“, и „Специјалната обвинителка се уште молчи за материјалите примени од лидерот на СДСМ“, 11 јануари, “Грците збеснаа поради групата пријатели на Македонија во ЕП“, 15 јануари). Во промотивните прилози, како извор се користат и неименувани граѓани, со фаворизирачки став за одреден владин проект („Од денеска може да се аплицира за проектот Купи куќа за млади“, 15 јануари).

<u>Директни обраќања:</u> Вкупно 19 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител во набљудуваните 8 дена. 16 од нив се изјави (обраќање до јавноста) на премиерот Груевски, што укажува на неизбалансираност на застапеноста на политичките субјекти, две на лидерот на СДСМ Заев и едно на ДУИ Ахмети. Како посебен пример се издвојува прилогот „Реконструкција и нова опрема за болниците во Охрид“ (9 јануари), во кој има дури 4 изјави на Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Во најголем дел од промотивните прилози има манипулативна презентација, каде владините функционери се во фокусот на отворање фабрики, болници, промоција на книги, сечење ленти за инвестиции. Но, таа е и преку врамување стари изјави во нов манипулативен контекст („Фабриката за афери на СДСМ добива меѓународни размери“, 9 јануари, „Преку проектот Македонија вработени над 11.200 лица“,11 јануари, „Катица Јанева не направила записник за примените материјали од Заев“,13 јануари, „За три дена трета инвестиција. Акомпласт постави камен темелник во Прилеп“,14 јануари), или со видео материјал („Курир: СДСМ во очај повторно подготвува насилни сценарија“, 10 јануари), каде се користат снимки од нередите на протестите од 5 мај за да се покаже насилство кое наводно го исценирале СДСМ.

<u>Примери</u>:
(*8 јануари* ) Бегството на СДСМ од анкетната комисија за Фабриката за афери е признание за вмешаноста
(*9 јануари, оценка на новинар*) Извори од истрагата потврдуваат дека Бекири бил дел од меѓународна криминална мрежа. Тие додаваат дека најверојатно преку оваа криминална мрежа тој ја финансирал партијата СДСМ.

(*11 јануари, оценка на новинар*) Фејсбук профилот на главниот осомничен за случајот со Фабриката за афери, Закир Бекири ги открива неговите врски со партискиот врв во СДСМ и луѓе од партијата делегирани во СЈО
(*11 јануари, оценка на новинар*) Иако проектот го нема во изборната програма, во март лани премиерот го најави на трибина во Битола.
(*12 јануари, оценка на новинар*) Десетиците соопштенија на СДСМ во кои партијата го обвинуваше "Курир" се причина за упадот и разбојништвото во редакцијата на порталот
(*14 јануари, оценка на новинар*) Поголема е веројатноста Јанева да не составила Записник за да му овозможи на лидерот на СДСМ да продолжи со политичките манипулации
(*15 јануари, оценка на новинар*) Од 2010-та наваму Владата вложила 65 милиони евра за изградба на локална патна инфраструктура во целата држава.

**(3) <u>Трета недела (16 – 22 јануари 2016)</u>**

Сител во набљудуваниот период објави 68 прилози за актуелни политички настани. Најмногу прилози објави во врска со: изборите (23 прилози), владините проекти и инвестиции (18 прилози) и оставката на владата (2 прилога). Во сите објавени прилози нагласен е апологетско-пропагандниот однос кон власта и посебно кон владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ (23 прилози), додека во 20 прилози доминира негативен став кон опозицијата и претставниците на други организации чии ставови не се на иста линија со владините.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Пропагандните ставови во однос на активностите на власта и на владејачката ВМРО- ДПМНЕ остануваат како белег на централниот Дневник на Сител. Во 13 најави и анализи водителот/новинарот изнесува свои коментари, кои кога како субјект е власта (ВМРО-ДПМНЕ) се крајно апологетски, додека кога се споменува опозицијата (СДСМ) се крајно демонизирачки. Она што е карактеристично за овој набљудуван период, е тоа што и по оставката на Груевски од премиерската функција, не се прави дистинкција на промоциите што ги прави како лидер на партија од премиерските (20 јануари „Иднината на младите останува во фокусот на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ")

<u>Користење извори:</u> Најголем број од новинарските прилози се со еден извор на информација (25 прилози), додека во 13 се користени две, но идентични мислења. Во 18 прилози се цитираат повеќе од два извори, но тие, освен во 5 случаи се секогаш истомислечки. Сител во периодот објави и два прилози каде се повикува на порталот Курир како извор (21 јануари „Заев-кмет на Струмица, а СДСМ во опозиција. Затоа ли не бојкотирамве локални, а ќе бојкотираме парламентарни" и 22 јануари „Алексов од МОСТ со исти ставови како СДСМ" и еден со извор портал Денешен (17 јануари „Уште еден скандал од низата во министерувањето на Ременски". Во 4 прилози новинарот изнесува оценки кои не ги поткрепува со никаков извор (22 јануари „И опозицијата во Србија со исти изговори сака да ги бојкотира предвремените парламентарни избори без извори", 20 јануари „Специјалната јавна обвинителка се соочува со постапка за разрешување").

<u>Директни обраќања:</u> Вкупно 18 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител. 10 од нив се изјави на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, во споредба со 4 на Заев, две на Јакимовски и по едно на лидерот на ПОДЕМ Јанкуловски и на ЛДП Милевски. Во прилогот од 21 јануари „Што мислат младите за новите 5 проекти кои вчера ги промовираше претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски" има четири тонски парчиња од Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Новинарските прилози содржат елементи и на визуелна и на аудио манипулација. И во овој период се повторуваат веќе констатираните обрасци: (1) преку користење стари изјави (во конкретниот случај на Груевски) во актуелен контекст („Инвестициите во здравството продолжуваат и во 2016 година", „Аеродромот Александар Велики најбрзорастечки во регионот" од 17 јануари), (2) преку изјави на наводно случајни граѓани („Анкета: Правилна одлука за излез од агонијата која ја предизвика опозицијата" од 19 јануари, „Ристовски: Капитални проекти за студентите и учениците во Штип" од 22 јануари) и (3) преку видео - материјал во кој централна

фигура е Груевски („Лидерот на ВМРО ДПМНЕ беше во Гостивар за Водици, му подари икона“ од 19 јануари, „Иднината на младите останува во фокусот на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ“ од 20 јануари).

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

(*16 јануари најава*) Граѓаните се гневни по вчерашната одлука на Заев и СДСМ уште еднаш да ги минираат разговорите. Сакаат да се почитува договорот и со изборите да се стави крај на кризата
(*17 јануари оценка на новинар*) Стравот на Заев од казната на граѓаните не само бегство од изборите туку и директно прекршување на изборниот законик за кој опозицијата гласаше во Собранието на седницата одржана на 9 ноември минатата година
(*17 јануари оценка на новинар*) Инвестициски циклус од 150 милиони евра во инфраструктура и 100 милиони во опрема во здравството. Во овој сектор ќе се вложува и во 2016
(*18 јануари оценка на новинар*) Студен туш од челништвото на Европската унија за опозициската СДСМ и нивната деструктивна игра со обидите да се изигра договорот од Пржино
(*19 јануари оценка на новинар*) Анкета:Правилна одлука за излез од агонијата која ја предизвика опозицијата (Заев не може да води земјоделска задруга, а не држава. Кој е тој заев да кажува)
(*20 јануари оценка на новинар*) Поради ваквото нестручно, несовесно вршење на функцијата Јанева може да биде разрешена. Стручната јавност објаснува дека постојат елементи и на злоупотреба на службената положба и овластување
(*21 јануари најава/коментар*) Во СДСМ не веруваат ниту во самите себе. Се сомневаат во регуларноста на изборите, а токму СДСМ ги контролира главните точки на регуларноста- ДИК и полицијата
(*21 јануари оценка на новинар*) Многу нелогичности и контрадикторности има во одлуката на Централниот одбор на СДСМ, за одложено напуштање на владата на денот на рспишување на изборите, 24 февруари (Курир)
(*22 јануари оценка на новинар*) Последните јавни настапи на Алексов каде неговите ставови речиси во целост се поклопуваат со оние на СДСМ и лидерот Заев, отвораат сериозен основ на сомнеж дека МОСТ е само уште организација финансирана од Соросовата фондација, пишува Курир.
(*22 јануари оценка на новинар*) Освен огромниот рејтинг, заедничко за Вучиќ и за Груевски и двајцата ја имаат подршката од меѓународната заедница во планот да се организираат избори на 24 арпил.

**(4) <u>Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)</u>**

Сител во набљудуваниот период објави 90 прилози за политичките актери и случувања. Најголем број од прилозите беа за: изборите (16 прилози), владините проекти и инвестиции (16 прилози), за СЈО (7 прилога), за преговорите за медиумите (7 прилози) и за случајот со фалсификуваните возачки дозволи (4 прилози). Во сите објавени прилози исклучително е нагласен апологетско-пропагандниот однос кон власта и посебно кон владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ (39 прилози), додека во 29 прилози доминира негативен став кон опозицијата, а во анализираниот период и кон Специјалното јавно обвинителство и лично кон Катица Јанева.

Коментари и оценки во вестите: Дневникот на Сител и натаму е обоен со силен пропагандистички тон во однос на власта и посебно владејачката ВМРО - ДПМНЕ. Прилозите кои се однесуваат на овој субјект се апологетски до тој степен што во известувањето не се распознава што е став на новинар, а што на субјектот (25 јануари најава: “За среќа денес имаме можност да почнеме со добри вести бидејќи народот тоа го сака, бидејќи граѓаните имаат личен интерес и сатисфакција за многу свои потреби“, 25 јануари генерална најава "Вчерашниот говор на Никола Груевски оценет како силен поттик кон враќање на демократските процеси во политиката и политиката на одговорност пред граѓаните“). Во овој период објавени се 6 анализи и најави со силен коментаторски тон каде кога се зборува за ВМРО- ДПМНЕ се крајно позитивни, додека кога се споменува СДСМ се крајно демонизирачки (24 јануари „Груевски:На 24-ти април доаѓа казната и одмаздата на народот“, 23 јануари „Кога трчаше по градоначалничка фотеља Заев тврдеше дека списокот се чисти за две недели, сега не се доволни ниту три месеци“). Оваа телевизија продолжува да ги следи настапите на Груевски како лидер на ВМРО – ДПМНЕ со ист интензитет како кога беше премиер, при што се

испреплетуваат со веќе постоечките или најавените владини проекти во истата сфера (24 јануари најава “А Груевски најави дека и понатаму како претседател на партијата ќе оди на настани на кои ќе бидат промовирани проекти кои значат подобрување на стандардот на граѓаните“).

Користење извори: Најмногу од новинарските прилози се со еден извор на информација (43 прилози), додека во 9 се користени две, но идентични мислења. Во 8 прилози се цитираат повеќе од два извори, но во 8 од нив се истомислечки. Во 4 прилози, новинарото не се повикува на ниту еден извор 25 јануари: „До каде се преговорите пред изборите на 24 април“, 28 јануари:„Блиските ставови со СДСМ ја доведуваат во прашање независноста на МОСТ“). Продолжува и трендот на повикување на порталите (провладини) 23 јануари: „Директната поврзаност на Заев со Специјалната јавна обвинителка ќе донесе само негативен резултат за лидерот на опозицијата сметаат експертите“ (Република), 24 јануари: „Германската компанија размислува да го тужи Оливер Спасовски“ (Курир), 24 јануари: „Два месеци Ременски го партизира и опструира министерството за труд и социјала“ (Денешен), 25 јануари: „ Ќе се бара одговорност од Фросина Ременски поради несовесно работење и злоупотреба на службена должност“ (Курир).

Директни обраќања: Вкупно 10 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител. 7 од нив се изјави на лидерот на ВМРО - ДПМНЕ Груевски, додека 2 се на Заев и едно на лидерот на ДУИ Ахмети. Како најдрастичен пример е прилогот од 24 јануари „Груевски:На 24-ти април доаѓа казната и одмаздата на народот“, кој се состои од наизменични тонски изјави на Груевски и цитати од неговиот говор од страна на новинарот.

Аудиовизуелна презентација: Во 9 новинарски прилози има изразени елементи и на визуелна и на аудио манипулација. Една од формите е користењето на стари изјави и соопштенија (23 јануари „Кога трчаше по градоначалничка фотеља Заев тврдеше дека списокот се чисти за две недели, сега не се доволни ниту три месеци“, 26 јануари „ Тепихот разоткри дека Чаушот стои зад фалсификуваните пасоши и Фабриката“). Во овој период забележителна е и манипулација во однос на презентирањето на изјавите на меѓународните претставници (25 јануари „За европските институции кои се задолжени за мониторинг на изборите нема дилема- изборите ќе бидат на 24 април - свои тимови за следење на изборите определија ОБСЕ и ОДИХР, а сега и парламентарното собрание на Советот на Европа“) каде тие се поставуваат како тие да диктираат кога ќе се одржат изборите, а не дека е тоа реакција на најавите од власта за датумот на изборите.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:
(*23 јануари, новинар*) Технички поставениот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски буквално ја измислил аферата со наводните 70.000 фалсификувани возачки дозволи, открива Дневник.
(*23 јануари, новинар*) Ќе заживеат малите општини. Поволностите што ќе ги понуди државата за спроведување на проектот „Купи куќа за млади“ ќе овозможат младите луѓе да останат во своите места на живеење.
(*24 јануари, генерална најава*) Политичката криза ќе заврши со предвремените избори во април. Гневот на народот е секој ден се поголем кон СДСМ“
*(24 јануари, најава*) А Груевски најави дека и понатаму како претседател на партијата ќе оди на настани на кои ќе бидат промовирани проекти кои значат подобрување на стандардот на граѓаните. Груевски најави и нови инвестиции
(*25 јануари, генерална најава*): Вчерашниот говор на Никола Груевски оценет како силен поттик кон враќање на демократските процеси во политиката и политиката на одговорност пред граѓаните наспроти создавањето кризи, корупција и барање победа на избори надвор од законот, надвор од волјата на граѓаните а со помош на странски фактори“
(*26 јануари, новинар*): Истиот новинар на соросовиот Фокус повторно доби фалсификувани документи. Но полицијата и обвинителството си ја завршија работата. СДСМ не можеше да ја скрие вмешаноста во скандалот.
(*27 јануари, новинар*): Целта на мастер-планот на Заев била компромитација на владеачката партија по секоја цена, со монтирање на случаи, односно преземање на улогата на Чауш од Катица Јанева“.

(*28 јануари, коментар*) Каква иронија е ставот на СДСМ дека тие го прифаќаат моделот на пречистување на избирачкиот список ако другите партии го прифателе цензорскиот закон на Ван Хауте за медиумите

## 4. ТЕЛМА

### (1) <u>Прва недела (19 – 23 декември 2015)</u>

Телма во вестите објави вкупно 41 прилог на политички теми, при што фокусот во анализираниот период беше на случајот со фалсификуваните лични карти (9 прилози), за активностите на Специјалното јавно обвинителство (5 прилози) и Годишното обраќање на претседателот Иванов во Собранието (3 прилози). Само во еден од емитуваните прилози на оваа телевизија е забележан позитивен пристап код СДСМ (22 декември „СДСМ ја тужи поранешната ДИК“), но не со реторика на новинарот што ги крши новинарските стандарди.

<u>Коментари и оценки:</u> Телма во мониторираниот период продолжува како и претходно да известува неутрално и избалансирано, без фаворизирање или демонизирање на некоја страна или политички субјект.

<u>Користење извори:</u> Најголем број од прилозите во вестите на оваа телевизија се базираат само на еден извор на информација (16 прилози), по што следуваат прилозите во кои се користа 3 или повеќе извори со спротивставено гледиште (10), потоа прилози каде се соочуваат два спротивставени става (5) и три прилози каде се користени 3 или повеќе единствени ставови, односно 2 прилози каде обата извори се на исто стојалиште. Во случаите кога се користи само еден извор, тоа се ставови на државни институции или државни претставници преку соопштенија или изјави. Во случаите кога се спротивставуваат две или повеќе гледишта за исто прашање, тоа се пратеници од различни субјекти и експерти.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираниот период Телма објави 5 директни обраќања од лидеите на ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ. Само едно од нив беше на Груевски, а 4 на Заев. Во вестите беше објавено и обраќањето на претседателот на државата Иванов, и на министрите за внатрешни работи Спасовски, за здравство Тодоров и на пратеници, во врска со настаните изминатата недела, како Годишното обраќање на претседателот и интерпелацијата за министерот за здравство.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не се забележани примери на малициозна аудивизуелна презентација. Иако во еден од новинарските прилози („МВР откри гласачи со незаконски издадени лични карти“ од 23 декември) е забележана употреба на аудио/видео материјал од така наречените „бомби“  за да се иустрира прес- конференцијата на министерот за внатрешни работи Спасовски – овој случај сепак може да се смета за контекстуализација на случајот.

### (2) <u>Втора недела (8 – 15 јануари 2016)</u>

Телма во периодот од 8 до 15 јануари објави вкупно 58 прилози за настани на политички теми. Најмногу прилози беа за: посетата на европратениците и на еврокомесарот Хан (8 прилози), политичката криза и изборите (6 прилози), помилувањето затвореници од страна на Претседателот Иванов (5 прилози) и посетата на Груевски на САД (4 прилози). Во известувањето на оваа телевизија нема заземање став во новинарските извештаи. Само во еден случај е забележан негативен став.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Известувањето на Телма и во овој период е избалансирано, без нагласено пропагирање или демонизирање на некој политички субјект. Само една најава може да се издвои со негативен став во однос на општествен проблем  („Убијци и осудени за друг тежок криминал се помилувани од Претседателот на државата по повод Нова година“, објавен на 9 јануари), еден од серијата прилози на оваа тема кој од повеќе апсекти и со поголема фреквентност од останатите медиуми ја обработуваше Телма. Останатите прилози се известувачки, аа кон темите се

пристапува со аргументирана критика преку соочување спротивставени експертски мислења.

Користење извори: Во новинарските прилози на Телма доминираат најмалку три, но и повеќе ставови, и тоа спротивставени (15 прилози), додека во 3 прилози тоа се повеќе соговорници но со исти мислења за одредена проблематика. Во 14 прилози информацијата доаѓа од еден извор, додека во 8 случаи тоа се двајца соговорници – во 4 прилози се со спротивни мислења, а во 4 се на исто стојалиште.

Директни обраќања: Во вестите се емитувани 11 директни обраќања, со видлива неизбалансираност, во корист на премиерот и лидер на ВМРО- ДПМНЕ Груевски – 5, потоа Ахмети со 3, Заев со 2 и Тачи со една емитувана изјава.

Аудиовизуелна презентација: Во ниту еден прилог нема манипулатививна ниту аудио, ниту видео презентација.

### (3) Трета недела (16 – 22 јануари 2016)

Телма во овој период објави вкупно 56 прилози за настани на политички теми. Најмногу прилози беа за: изборите (32 прилози), за оставката на претходната и изборот на новата влада (5 прилози) и за повикувањето на СЈО Катица Јанева пред Советот на обвинители (2 прилози). Известувањето на оваа телевизија е избалансирано, без апологетски или демонизирачки ставови кон политички субјекти или личности, но со критички став кон одредени прашања од актуелните случувања.

Коментари и оценки во вестите: Во прилозите на оваа телевизија во овој период отсуствува пропагандистички или демонизирачки став кон кој било субјект. Само еден од неколкуте аналитички прилози има елементи на коментар (19 јануари „Емил Димитриев прв пат се појави во јавност"), каде новинарот за информациите не цитира никаков извор. Останатите се или известувачки или со аргументирана критика преку презентирање на повеќестрани мислења.

Користење извори: Најголем број прилози (24) се со еден извор. Во 11 прилози се спротивставуваат три (или повеќе од три) извори, со спротивставени гледишта, додека во 6 прилози има две спротивставени гледишта.
Има и прилози каде се користат 2 или повеќе извори (8 прилози) но тие се со единствен став.

Директни обраќања: Во овој период има вкупно 12 обраќања на лидери на политички партии. По три директни обраќања се на лидерите на двете најголеми партии ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ – Груевски и Заев, две Трајанов, а по едно на Поповска (ДОМ), Ахмети (ДУИ), Милевски (ЛДП) и Села (ДР ДПА).

Аудиовизуелна презентација: За првпат откако оваа телевизија е под мониторирање за известувањето, е забележан новинарски прилог во кој има манипулативни елементи. Тоа е прилогот „Какви бенефиции добива Груевски по оставката" од 19 јануари, каде се користат изјави на Груевски и на функционери од ВМРО- ДПМНЕ, од 2013 година, врамени во конкретниот контекст.

### (4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)

Телма во овој период објави вкупно 56 прилози за настани на политички теми. Најголем фокус ова телевизија во вестите стави на: изборите (12 прилози), преговорите за медиумите (6 прилози), работата на СЈО Катица Јанева (4 прилози), за судирот во Министерството за труд (6 прилози). Пристапот во прилозите на оваа телевизија е критички, аргументиран, при што во известувањето за актуелните теми се соочуваат двете (и повеќе) страни и се користат експертски мислења. Избалансираноста во известувањето е натаму доминира, со тоа што во анализираниот период има еден прилог со негативен тон (24 јануари „24 Живописен говор на поранешниот премиер").

Коментари и оценки во вестите: Новинарите и водителите на централните вести на Телма се воздржуваат од давање свои оценки и коментари во прилозите и во најавите. Освен известувачкиот пристап во дневните настани, Телма за разлика од повеќето други телевизии на актуелните настани пристапува и проблемски, соочувајќи експертски ставови и повеќе од која било друга телевизија

посветува внимание на работата на Собранието.

Користење извори: Најголем број прилози (22) се со еден извор. Во 8 прилози се спротивставуваат три (или повеќе од три) извори, со спротивставени гледишта, додека во 8 прилози има два контра става. Има и прилози каде се користат 2 или повеќе извори (11 прилози) но тие се со единствен став.

Директни обраќања: Телевизијата објави вкупно 6 обраќања од политички лидери – сите од поголемите политички партии. Најмногу изјави во вестите се на лидерот на СДСМ Заев – 3, Потоа на ВМРО ДПМНЕ Груевски – 2, и едно на лидерот на ДУИ Ахмети.

Аудиовизуелна презентација: Во известувачкиот период нема ниту еден прилог со манипулативни елементи.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:
(*24 јануари, новинар*) Говор меѓу ангелите и ѓаволот, со потенцирани клоци и силуван устав, со неколку нови инвестиции на стари инвеститори, и со бетониран датум за избори

## 5. ТВ21 (на македонски јазик)

### (1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)

Во анализираниот период, Телевизија 21 во вестите на македонски јазик објави 65 прилози на теми во врска со политичката ситуација. Повеќе од нив беа за аферата со фалсификат личните карти (8 прилози) и за загадувањето (7 прилози). За разлика од останатите комерцијални телевизии што емитуваат вести на македонски јазик, ТВ21 објави и повеќе прилози со етнички фокус. („Осум години по „Бродец" од 19 декември, „ Статистичка инклузија министри Албанци - шефови Македонци", од 19 декември, „ Јашари го повтори барањето Специјалното обвинителство да го преземе „Монструм" од 21 декември, Дали проблем е албанскиот јазик?! Клиниката во Козле се уште затворена", од 23 декември). Начинот на известување е избалансирано, без новинарска реторика која фаворизира или демонизира некоја страна.

Коментари и оценки во вестите: Во овој период во вестите на ТВ21 на македонски, објавени се две анализи и една најава во која е изразен новинарски став, но во ниту еден од овие прилози тој не е во корист или против некој од политичките субјекти.

Користење на извори: Како и во претходнио анализиран период, така и овојпат, ТВ21 и натаму, најголем број од извештаите ги темели на само еден извор (15). Во 11 прилози, темата е презентирана преку два извори, но со идентичен став, во 7 прилози има по два извори со контра - став, и во 6 прилози се консултирани по три или повеќе извори, со спротивставени гледишта (4) и со идентичен став (2 прилози). Ставовите на изворите во прилозите на ТВ21 се стриктно наведени, презентирани како изјави од владини претставници, претставници на локалната самоуправа, експерти, граѓани, без нивно користење надвор од контекстот за што се кажани.

Директни обраќања: Во шесте мониторирани денови, во вестите се објавени 7 обраќања на политички лидери, Заев со 3 и Груевски со 2, а објавени се и изјави на лидерите на ДОМ и на Демократската партија на Турците. Останатите политички обраќања се од владини функционери, во контекст на извештаите за актуелни теми.

Аудиовизуелна манипулација: Ниту еден прилог на оваа телевизија не содржи малициозна манипулација.

**(2) <u>Втора недела (8 – 15 јануари 2016)</u>**

ТВ21 во вестите на македонски јазик во 8-те набљудувани дена објави 84 прилози за политички настани. Најголем број прилози се објавени за: посетата на европарламентарците и верокомесарот Хан (7 прилози), владини проекти (6 прилози), политичка криза и изборите (4 прилози), репортажи од Пустец (3 прилози), оставката на Груевски, реакциите и профилот (3 прилози). Во 6 прилози е забележителен извесен фаворизирачки став, и сите се однесуваат на владини проекти, додека во ниту еден прилог нема демонизирачки став кон ниту еден субјект. За разлика од повеќето телевизии, ТВ21 има и прилози (3) кои се со аргументирана критика кон некој општествен проблем.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Прилозите генерално се карактеризираат со избалансирано известување, без нагласено фаворизирање или демонизирање на некој субјект. Сепак, забележително е во овој известувачки период прилози за владината политика, кои се фаворизирачки, но не со изразен апологетски новинарски став, туку преку емитување соопштенија од владините институции и изјави на владини функционери: „Груевски отвори фабрика во Битола“ од 9 јануари, „Руски центар во Македонија Зајакнување на односите помеѓу Македонија и Русија“ од 11 јануари, „Министерството за образование и наука доделува стипендии за студирање за 30 Роми“ од 12 јануари, „Најавени 150 вработувања Германската „Акомпласт“ гради фабрика во Прилеп“ од 14 јануари.

<u>Користење извори:</u> Во 31 прилог на оваа телевизија е користен само еден извор, а тоа се соопштенија од Владата, Кабинетот на претседателот на државата, Министерствата, ДИК, и меѓународни организации и институции како ЕК и ОБСЕ. Во 16 прилози за одредено прашање со соочуваат два спротивни ставови, додека во 15 прилози, се користат три или повеќе различни ставови. Една најава – коментар „Традиционална Божиќна трпеза Груевски не дојде“ од 9 јануари) е без повикување на никаков извор.

<u>Директни обраќања:</u> Во вестите на македонски јазик објавени се 10 обраќања вкупно. Од нив по три се на лидерот на ДУИ Ахмети и на на ВМРО - ДПМНЕ Груевски, додека по две се на лидерот на СДСМ Заев и на ДПА Тачи.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Само во еден прилог „Профил: Кој е Груевски, а кој Димитриев?“ од 15 јануари е забележана манипулативна презентација, преку видео материјали за “успесите“ на Груевски во неговиот мандат.

<u>Примери</u>:
(*15 јануари оценка на новинар*): Во времето на Груевски реализирани се низа реформски зафати и проекти во насока на подобрување на бизнис климата. Започнати се значајни инвестиции во инфраструктурата, културата и спортот, а постигнат е напредок и во борбата за намалување на криминалот и корупцијата...“

**(3) <u>Трета недела (16 – 22 јануари 2016)</u>**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во периодот од 16 до 22 јануари објави вкупно 76 прилози за политички настани. Најголем број прилози се објавени за: изборите (46 прилози), оставката на старата и изборот на новата влада (3 прилози), промовирањето на проекти од страна на Груевски (2 прилози) и ситуацијата со бегалците (2 прилози). Во 4 прилози е забележителен изразен став на новинарот, и тоа подеднакво, во два има фаворизирачки став и тоа кон владината политика и кон владејачката ВМРО- ДПМНЕ, и во два има негативен, напаѓачки став кон владината политика поврзана со етнички прашања.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Со тоа што бројот на прилози со нагласен новинарски апологетски и демонизирачки став во однос на вкупниот број прилози е занемарлив, може да се заклучи дека телевизијата за актуелните настани известувала избалансирано, каде аналитичките прилози се со неутрална критика, преку користење повеќе спротивставени ставови за одредено прашање. И оваа

недела, во вестите на македонски јазик се објавени два прилози кои се со пропагандна нитка во полза на владината политика (21 јануари „ Лекарите на обука во странство, 2 милиони евра годишно за едукација на лекарите“) и на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (21 јануари „Груевски со упатства за 'Купи куќа', на средбата дојде со партиски автомобил“). Во еден од прилозите, телевизијата е со негативен став кон владината политика (17 јануари „ МОН го објави списокот од 2704 стипендии, само 264 Албанци“) поврзана со етничката пропорционалност.

Користење извори: Во 37 прилози користен е само еден извор. Во 11 прилози за актуелна тема се презентирани два извори, но со единствен став, додека во 7 прилози, двајцата соговорници имаат спротивставени гледишта. Во 13 прилози (најголем дел аналитички) се вкрстени три или повеќе мислење, но во 11 од нив тие се различни и спротивни. Во три прилози, изворот директно не се споменува, но од содржината се заклучува дека се работи за партиски соопштенија.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик на оваа телевизија, во анализираниот период се објавени вкупно 16 обраќања. Забележително е дека тие не се концентрирани кон еден (или неколкумина) лидери. Три обраќања се на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, по две на Заев, ЛДП Милевски, Ахмети и Трајанов, додека по едно се на лидерот на ДПТ Хасипи, на ДОМ Поповска, Зијадин Села, Стевчо Јакимовски и Иван Стоиљковиќ.

Аудиовизуелна презентација: Нема манипулативна презентација.

Примери:
(*17 јануари, оценка на новинар*) „Иако велат дека распределбата е пропорционална, сепак, судејќи според списокот објавен на нивната официјална интернет страница, може да се заклучи дека само десет проценти од вкупниот број на албански студенти добиле стипендија“.
(*21 јануари, оценка на новинар*) „За разлика од претходно кога Груевски на закажаните настани пристигнуваше со службени возила, овој пат тој пристигна сам со неговиот партиски автомобил...“
(*21 јануари, оценка на новинар*) „И оваа година ќе биде овозможена обука за 800 лекари и 200 членови на медицинскиот персонал во странство. Овој процес се реализира во последните години ...“

## (4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во периодот од 23 до 29 јануари објави вкупно 85 прилози за политичките настани. Најголем број прилози се објавени за: изборите (9 прилози), за преговорите за медиумите (7 прилози), работата на СЈО (5 прилози), тензиите во Министерството за земјоделство на релација министер- заменик министер (4 прилози) и ситуацијата со бегалците (3 прилози). Во 4 прилози е забележителен фаворизирачки став и тоа кон владејачката ВМРО - ДПМНЕ (промотивните кампањи) и кон етнички прашања.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неделава покриваше многу различни теми, главно актуелни настани, генерално избалансирано без нагласен новинарски став, ниту во прилозите, ниту во најавите. Она што е карактеристично за оваа телевизија што им дава подеднаков простор и на помалите политички партии, посебно од албанскиот блок. Во два прилози во вестите на македонски јазик се пропагираат активностите на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ (24 јануари „ Аеродром преполн Жени од ВМРО-ДПМНЕ од сите градови во Скопје“, 28 јануари „Груевски промовира проекти за млади Кошаркарски сали, стипендии, реновирања“), додека останатите два фаворизирачки се однесуваат на одбележувањето на родендентот на екс лидерот на ДПА Арбен Џафери (24 јануари) и на поставувањето споменик во Сарај (23 јануари).

Користење извори: Во 38 прилози користен е само еден извор. Во 19 прилози се спротивставуваат ставовите на три или повеќе соговорници, додека во 18 прилози има два става, и тоа подеднакво во 9 случаи тие се спротивставени, и во исто толку тие се истомислечки. Во еден прилог, изворот директно не се споменува, но тој не содржи новинарски став.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик на оваа телевизија, во анализираниот период се

објавени вкупно 9 обраќања. Три обраќања се на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, додека по една изјава имаат Ахмети, Тачи, Трајанов, Заев, Острени и Касами.

Аудиовизуелна презентација: И во промотивните и во останатите прилози видео презентацијата ја следи информацијата и нема манипулативни елементи.

Примери:
(*23 јануари, најава*) Плоштадот е во почетна фаза од градбата, Сарај доби четириметарски споменик на Иса Болетини
(*24 јануари, новинар*) Аеродром преполн Жени од ВМРО-ДПМНЕ од сите градови во Скопје. Веднаш штом пристигна претседателот на партијата, Никола Груевски, и завршија со фотографирање, побрзаа да влезат во салата
(*24 јануари, најава*) 68- ми роденден на Арбен Џафери Тачи: Главните плоштади ќе бидат именувани според него
(*28 јануари, новинар*) Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ продолжува со промоцијата на проекти. Денеска промовираше пет проекти за младите кои, според него, ќе го подобрат животот во Македонија.

## 6. ТВ21 (вести на албански јазик)

### (1) **Прва недела (19 – 23 декември 2015)**

Во мониторираниот период од 19 до 23 декември се емитувани вкупно 65 прилози за политичките настани, состојби и актери. Аферата со незаконските лични карти најмногу се следела (11 прилози), потоа новиот универзитет на албански јазик „Мајка Тереза“ (5 прилози ), па следуваат загадувањето, како и теми што се од интерес на Албанците. Нема посебен фаворизирачки или демонизирачки однос кон некој субјект во врска со овие теми. Коментари и оценки во вестите: Телевизијата генерално неутрално ги следеше случувањата, особено што се однесува за главните теми, застапувајќи ги сите страни, на пример „МВР најавува детали з фабриката“, „Груевски и Заев со контраобвинувања за аферата“, „Министерот Оловер Спасовски експлодираше, изјавувајќи дека спрема него се крева замка за личните карти“ (22 декември) итн. Позитивни ноти ги карактеризираа прилозите за универзитетот „Мајка Тереза“ (20 декември: „Албанците во Македонија ќе имаат уште еден универзитет“, „досега албански се учеше само во Тетово, а отсега и на друга адреса“). Има позитивен однос уште кон неколку активности на ДУИ, на пример најавата дека ќе се постави биста на албанскиот национален херој Иса Болетини во центарот на Сарај („по Скендербег и Хасан Приштина, во Скопје доаѓа и Иса Болетини“, како и за отворање патишта, садење дрвца итн.

Користење на изворите: Телевизијата има 14 прилози со еден извор а во 9 прилози има два или повеќе извори кои бранат единствен став. Сепак забележливо е дека повеќето од таквите извори се најчесто пренесени соопштенија или говор на политичар, како на пример Заев зборува за 24 декември, Жерновски најавува тужба за Јанкуловска. Со единствен став се и протоколарните средби на Бесими со министри, протестите против загадувањето пред Град Скопје, има изјави само од активистите против загадувањето, кои бараат одговорност од Коце. Со единствен став се и Груевски и Адеми кога најавуваат државен универзитет на албански јазик. СДСМ и Сугаревски за предлог законот за специјалната обвинителка пак имаат едиснтвен став. Тука спаѓаат и годишните извештаи на Трајановски, на градоначалникот на општина Студеничани, писмото од Ван Хојт до партиите е со еден извор и тн.

Директни обраќања: Има директни обраќања од македонските лидери на партиите, за скандалот со личните карти, случајот „Пуч“, годишнината од 24 декември 2012 кога опозицијата беше исфрлена од Собранието итн. Лидерот на СДСМ Зоран Заев има три обраќања, а премиерот Груевски две.

Аудиовизуелна презентација: Телевизијата генерално не користи манипулативна аудиовизуелна презентација.

## (2) Втора недела (8 – 15 јануари 2016)

Во анализираниот период во вестите на албански јазик на ТВ21 објавени се вкупно 76 прилози на актуелни политички теми за: политичката криза и одлагањето на изборите (12 прилози), аферите со лажните лични карти и лажни возачки дозволи (9 прилози), посетата на европратениците и Хан (6 прилози ), загадувањето (5 прилози). Иако телевизијата вообичаено е неутрално критична кон власта, во овој период е забележлива позитивна нота во најавите на новите проекти на Владата, како отворањето на фабрики, проекти во здравство, најави за градба на нови мали хидроцентрали .

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата ги следи настаните околу оставката на Груевски. "Последните часови на политичкото финале, во очекување на оставката на Груевски", "Оставката на Груевски ја раздвижи политиката", и " Каде е оставката на Груевски, дали Вељановски се потпишал во дописот?". Во серијата прилози на оваа тема, објавен е „Профил: Кој е Груевски, а кој е Димитриев?", каде се цитира германски весник, кој го опишува Груевски, како авторитетен човек кој не ги почитува договорите. Големо внимание се посветува и на можниот датум на изборите."Додека опозицијата не ја исклучува можноста за одлагање на изборите, партиите од власта се против тоа. Аналитичарите велат дека за епилогот ќе одлучи меѓународниот фактор". Во прилозите се истакнува важноста од прочистување на избирачкиот список за легитимитетот на изборите и посредничката улога на странците во решавање на проблемите. Место заземаат и прилозите за посетите на ДУИ во Атина и на Груевски во САД („ДУИ во Атина, во агендата и името"), при што се истакнува ставот на Груевски дека посетата (на ДУИ) е партиска. Аферите со лажните лични карти и возачки дозволи, гласачите од Пустец, со репортажа од таму, се критички обработени, при што се цитираат аналитичари кои тврдат дека "Пустец е производ на ВМРО".

Користење на изворите: Генерално телевизијата застапува различни и спротивставени извори. Во 18 прилози има само еден извор, додека во 13 тоа се два или повеќе извори, но со ист став. Едностраните извори се карактеристични при анкети на граѓани или во репортажи за проблемите со кои се соочуваат жителите.

Директни обраќања: Телевизијата емитуваше вкупно 10 директни обраќања од лидерите на сите четири поголеми политички партии. По три изјави се на лидерите на двете лбански партии ДУИ и ДПА; Ахмети и Тачи, додека по две во овој период се обвајени на лидерите на ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ Груевски и Заев.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## (3) Трета недела (16 – 22 јануари 2016)

Во мониторираниот период телевизијата ТВ21 на албански јазик емитувала 80 прилози за политичките актери, процеси и настани. Темите за датумот за предвремените избори (23 прилози) и за изборот на новата Влада (6 прилози) се настани кои ја обележаа неделната агенда на телевизијата. По нив следеа темите од интерес за етничките Албанци (9 прилози).

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неутрално ги проследува настаните поврзани со политичката криза, препукувањата околу датумот на изборите и за прочистувањето на избирачкиот список (16 јануари: „Неуспех на политичките разговори, дали се продлабочува кризата во Македонија"). Се пренесуваат изјави од лидерите („Заев: изборите не се прифатливи без регулиран закон за медиуми и без да се прочисти изборниот список", „Груевски: Комесарот Хан кажа дека претседателот на ДИК го информираше дека нема пречки за избори на 24 април, и од ОБСЕ така му кажале").

Информативно и непристрасно се следи целиот развој на политичките настани (18 јануари: „Хан од Брисел повикува на компромис за датумот на изборите"), (19 јануари: „Распуштање на Собранието пред да се гласа Владата"), (21 јануари: „Спасовски и Ременски дадоа заклетва, до 24 април во Владата на Димитриев") итн. Забележани се позитивни фаворизирачки прилози за проекти на

Владата (21 јануари: „Владата дели 2 милиони евра за едукација на лекари надвор од државата„), (20 јануари: „Никола Груевски го промовира проектот Купи куќа“), (21 јануари: „Министерот за животна средина Нурхан Изаири вели дека Владата презема долгорочни мерки против загадувањето). Темите од интерес на Албанците се вообичаено застапени, за дискриминација при доделувањето стипендии од Министерството за образование и наука, за лоша инфраструктура во населените места (Грушино) итн.

Користење на изворите: Има дури 33 прилози со еден извор и 12 прилози со единствена позиција на изворите. Многу од прилозите со еден извор се пренесени пораки на странските преставници и амбасадори, соопштенија или изјави на партии, вклучително и на помалите партии во врска за кризата.

Директни обраќања: Има директни обраќања од лидерите на поголемите политички партии за политичката криза, но и од лидерите на помалите партии (и опозициски и коалициони). Зоран Заев има 2 обраќања, Али Ахмети има 3 обраќања, а Никола Груевски има 4 директни обраќања од кои едното е за проектот „Купи куќа“, по оставката од премиерската функција.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**(4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)**

Телевизијата има вкупно 59 анализирани прилози со политички субјекти. Најмногу од нив се однесуваат на: предвремените избори (16 прилози), препукувањата меѓу министрите со нивните заменици од двете партии од ВМРО – ДПМНЕ и СДСМ(7 прилози), преговорите за медиумите (6 прилози), говорот на Груевски пред Унијата на жени (5 прилози) и за работата на СЈО (4 прилози).

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата со критичка дистанца известува за темите актуелни во анализирачкиот период – изборите, преговорите за медиумите, говорот на Груевски, работата на СЈО. Занемарлив е бројот на прилози со фаворизирачки тон како што е оној за поставувањето на споменик на Иса Болетини на плоштадот “Знаме“ во Сарај (23 јануари), за одбележувањето на роденденот на Арбен Џафери (24 јануари) и за ставот на ДПА во врска со новиот универзитет Дамјан Груев („Зошто новиот универзитет „ Дамјан Груев“ да не биде и на албански јазик“ од 25 јануари).

Користење на изворите: Во анализирачкиот период објавени се 20 прилози со еден извор и 9 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција.

Директни обраќања: Има вкупно 6 обраќања од политички лидери и тоа од четирите поголеми партии. Три се од Груевски (цитат од говорот два пати е емитуван во различни денови), и по едно обраќање од Заев, Ахмети и Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 7. АЛСАТ М (вести на албански јазик)

**(1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)**

Телевизијата емитувала вкупно 57 прилози во врска со политичките случувања, состојби или актери во периодот од 19 до 24 декември. Новите скандали со незаконските лични карти доминираа (14 прилози), по нив следувше новиот универзитет на албански јазик„Мајка Тереза“ (5 прилози), загаденоста, обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов, и прашања што ги засегаат Албанците. Во известувањата нема фаворизирачки или демонизирачки однос кон некој политички субјект. Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неутрално критички ги проследува скандалите со лажните лични карти за кои СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се обвинуваат меѓусебно. Во дел од прилозите се вели „Обвинителството и полицијата ја откриваат фабриката, медиумите блиски до Владата,

скандалот му го лепат на СДСМ", или „Груевски му честита на МВР и ја повикува меѓународната заедница одблизу да го следи овој случај", „Заев: Груевски бара спас, мафијата е во Влада" итн. Се известува дека во „фабриката за афери" се најдени разговори на функционери на ДУИ, што е од посебен интерес за Албанците, но повторно се известува непристрасно. Нема тенденциозност ниту во известувањето за другите теми, на пример кај најавите за отворање нов универзитет на албански јазик се става акцент на јазикот што ќе биде употребуван, дали наставата ќе се одвива само на албански или не, но се спротивставуваат мислењата на различните страни (премиерот Никола Груевски, министерот за образование Абдилаќим Адеми, пратениците на ДПА) без нивно фаворизирање. Има критички прилог кон Изет Меџити, градоначалникот на Чаир, за неизградена џамија во Топана. Меџити објаснува дека џамијата е многу скапа и ќе се гради од исламската заедница на Турција (19декември).

<u>Користење на изворите:</u> Телевизијата води сметка да користи различни извори и генерално ги покрива сите засегнати страни во еден настан. Политичките партии се застапени подеднакво, во зависност од нивната улога во насатаните.

<u>Директни обраќања:</u> Има обраќања од лидерите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ во врска со откривањето на скандалите со личните карти, тригодишнината од „црниот понеделник" (денот кога опозицијата беше исфрлена од Собранието), случаите „Пуч", универзитетот „Мајка Тереза" и други. Од Зоран Заев се емитувани четири обраќања, од Никола Груевски три и едно соопштение, а од Али Ахмети едно.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Генерално телевизијата не користи манипулативна аудиовизуелна презентација.

**(2) <u>Втора недела (8 – 15 јануари 2016)</u>**

Во вестите на албански јазик на Алсат М во периодот од 8 -15 јануари објавени се вкупно 72 прилози на актуелни теми: политичката криза и изборите (18 прилози), посетата на европратениците и Хан (10 прилози), посетите на Ахмети во Атина и на Груевски во САД (7 прилози).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата неутрално и избалансирано известува за овие настани. Во вестите од 14 јануари директно е пренесено обраќањето на Груевски во вестите.
Голем дел од прилозите се посветени на укажувањето на неисполнетите услови за фер избори, како што е средбата на Заев со европратеникот Ховит, и изјавите на лидерот на СДСМ дека "100 дена пред изборите треба да биде избран новиот премиер„ дека е "можно е изборите да бидат во септември, затоа што избирачкиот список не може да се прочисти до април, а тогаш дали може да има демократски избори?". Телевизијата пренесува и изјави на лидерите на ДПА Мендух Тачи: никој не оди на избори ако нема услови" и на лидерот на ДУИ, Али Ахмети, кој смета дека„одложувањето на изборите ќе ја продолжи кризата". Аналитичарите во прилозите советуваат "да не се брза со изборите ако нема услови, а медиумите и избирачкиот список се проблеми што треба да се решат".

<u>Користење на изворите:</u> Во прилозите на оваа телевизија најчесто се користат различни и спротивставени извори (12 прилози), додека во 11 прилози се користи само еден извор.

<u>Директни обраќања.</u> Во известувачкиот период во вестите на албански јазик на оваа телевизија објавени се вкупно 15 директни обрачања (изјави) на лидерите. Најмногу од нив, 6, се на Груевски, по што следуваат Заев со 4, Ахмети со 3 и Тачи со 2 обраќања.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Телевизијата главно не користи манипулативна презентација.

**(3) <u>Трета недела (16 – 22 јануари 2016)</u>**

Телевизијата во периодот од 16 до 22 јануари има 69 прилози кои се однесуваат на политички актери, процеси или состојби. Неделава доминираа: препукувањата околу предвремените избори (18

прилози), распуштањето на Собранието (8 прилози) и формирањето на новата Влада (4 прилози), сите меѓусебно поврзани. Друга позастапена тема беше задолжувањето на Владата (3 прилози).

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата критички ги проследува сите настани околу политичката криза (16 јануари: „Неуспех на преговорите, се продлабочува политичката криза, партиите не успеваат да се договораат"), (17 јануари: ДИК бара 4 месеци за прочистување на избирачкиот список") итн. Следењето на политичката ситуација продолжува на ист начин (18 јануари: „5 јуни можен датум за избори"), (19 јануари: „Хан: претпочитав политичка согласност меѓу партиите") итн. Но се пристапува и аналитички, а не само информативно (19 јануари: „Распуштањето на Собранието: Аналитичарите велат Македонија е влезена во нова криза"), а гласањето во Собрание го толкуваат како газење на демократијата.

Телевизијата известуваше и за новите задолжувања на Владата (20 јануари: „Се надминува на планираното задолжување"), (22 јануари: „Идната недела нов заем од 8 милиони евра"). На тема долгови се следи и спорот на министерката за труд и социјала Фросина Ременски со директорот на ПИОМ, Шаип Зенели (18 јануари: „Ременски бара, а Зенели не одговара. Финансии се задолжи за да му помогне на ПИОМ"). Интересно е да се забележи затоа што е реткост албанска телевизија да застане на страната на Македонец (функционер) наспроти Албанец.

Има прилози за неупотреба или за лоша употреба на албанскиот јазик во Скопје и во сообраќајот.

Користење на изворите: Телевизијата генерално застапува различни и спротивставени извори, партиите се подеднакво застапени во зависност од нивната активност во последните политички случувања. Има простор и за помалите политички партии, пред се од албанскиот политички блок. Сепак ова недела забележани се дури 21 прилози со еден извор (многу од нив се пораки и соопштенија на амбасадорите и странските посредници во кризата, но и соопштенија на партии), и други 16 прилози со два и повеќе извори, но со единсвен став.

Директни обраќања: Има директни обраќања од лидерите на трите поголеми политички партии. Али Ахмети од ДУИ (3 обраќања), Зоран Заев од СДСМ (3 обраќања) и Никола Груевски од ВМРО-ДПМНЕ (2обраќања) зборуваат за предвремените избори.

Аудиовизуелна презентација: Телевизијата не користи манипулативна аудиовизуелна презентација.

**(4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)**

Телевизијата во набљудувачкиот период во вестите објави 60 прилози за политички настани. Најмногу по број се за изборите(15 прилози), преговорите за медиумите (8 прилози), тензиите во односите меѓу министрите од СДСМ со нивните заменици од ВМРО-ДПМНЕ и обратно (7 прилози), говорот на Груевски (5 прилози) и СЈО (7 прилози). Во ниту еден од прилозите нема нагласен фаворизирачки или демонизирачки став кон некој од политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Во сите прилози известувањето е неутрално и критичко.Говорот на експремиерот се објавува заедно со реакциите на осуда кои тој ги предизвика ("Груевски: на 24 април доаѓа казната и одмаздата на народот", "Експремиерот ги нападна меѓународните преставници и опозицијата", "СДСМ: Груевски призна дека криминалец не може да биде премиер" од 24 јануари) и со анализи дека „Никола Груевски е бледа копија на Милошевиќ" (Мерсел Биљали). Во известувањето за предвремените избори , поголемо внимание се посветува на ставовите на аналитичарите, според кои "Без регулирање на медиумите не може да има слободни избори" (26 јануари), а се пренесуваат и изјавите на претставниците на меѓународната заедница („Хан: Помалку е важно ако на избори не одат сите партии"), како и реакцијата на СДСМ дека "Нема квалитетни избори без еднакви можности за сите"(27 јануари). Критичко е и известувањето за работата на Специјалното јавно обвинителство, посебно за отпуштањето на две обвинителки ("Раскол во екипата на Јанева" , „Дали е причина отпуштањето на албанската обвинителка" од 26 јануари). Албанските прашања вообичаено се во фокусот на известувањето на оваа Телевизија. Поставувањето на

споменикот на Иса Болетини во Сарај (23 јануари), екстерното тестирање во Куманово ("764 матуранти на македонски јазик и 655 на албански јазик" од 25 јануари) се со благ фаворизирачки тон, но без експлицитни оценки на новинарот. Фокусираноста на етничките прашања се огледува и преку прилозите за автопатот кон Косово, за нов "Бит – пазар" и сл. теми кои не се присутни во другите телевизии кои се предмет на мониторингот.

Користење на изворите: Има 13 прилози со еден извор и 12 прилози со два или повеќе извори, но со ист став.

Директни обраќања: Во вестите се објавени 4 директни обраќања. Две изјави се од лидерот на СДСМ Заев и по едно на Груевски (од неговиот говор) и едно на Ахмети.

Аудиовизуелна презентација: Телевизијата генерално не се користи со манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 8. АЛСАТ М (на македонски јазик)

### (1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)

Во вестите на македонски јазик на телевизијата Алсат М во мониторираниот период од 19 до 24 декември се објавени вкупно 63 прилози што се однесуваат на политички настани, содржини, актери или состојби. Вкупно 11 прилози се емитувани за аферата со фалсификуваните лични карти, а меѓу другите доминантни теми се загадувањето на воздухот во Тетово и во Скопје (6 прилози) и најавата за нов универзитет „Мајка Тереза" во Скопје (4 прилози). Телевизијата известуваше непристрасно за овие теми, без фаворизирање или напаѓање на политичките субјекти вклучени во нив.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не емитуваше коментаторски содржини во мониторираниот перод, ниту негативни и напаѓачки содржини кон некој политички субјект. Имаше само еден случај на блага фаворизација, со најавата дека лидерот на СДСМ како што најавил, така и постапил, се појавил на судење за случајот „Пуч" (21 декември). Во прилозите нема оценки, освен неколку неутрални аргументирани критики, на пример дека додека претставници на ДУИ отвораат улици, никој не го покрива каналот во Арачиново кој е голем локален еколошки проблем (19 декември), потоа додека Владата отвора нови универзитети на албански, основните и средните училишта имаат недостиг од книги (20 декември), како и дека имало двојно повеќе одбиени отколку одобрени барања на „мега-проектот на Владата" за отпис на долгови (22 декември), и дека градоначалникот на Скопје Коце Трајановски единствениот излез од високото ниво на загаденост на воздухот во главниот град го гледа во Господ, и се надевал на ветер (23 декември).

Користење на изворите: Во најголем дел прилози (28) се користат по два или повеќе извори со различни или спротивставени стојалишта. За сите главни теми за кои известуваше телевизијата, ги пренесуваше ставовите на различни засегнати страни (на власта и опозицијата и во македонскиот и во албанскиот политички блок, и на други субјекти). Има 14 прилози со по еден извор, најчесто пренесени изјави или соопштенија, како и 11 со два или повеќе извори што не се спротивставени. Во случаите кога се користат мислења на аналитичари тие не се со спротивставени позиции, во еден случај имаа аргументирани и ненапаѓачки ставови (19 декември: Насер Зибери и Петар Арсовски околу можноста да се одложат изборите), а во друг обвинувачки (23 декември: Башким Селмани и Јове Кекеновски за обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов).

Директни обраќања: Беа емитувани три обраќања на лидерот на СДСМ Зоран Заев, две на премиерот Никола Груевски и едно на лидерот на ДУИ Зоран Заев. Сите беа изјави дадени во мониторираниот период и се однесуваа на актуелните теми.

Аудиовизуелна презентација: Не се забележани случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација, прилозите се покриваат со соодветна слика и тон.

## (2) Втора недела (8 – 15 јануари 2016)

Во известувачкиот период од 8 јануари до 15 јануари 2015 година телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 85 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на темата околу (1) одржувањето или одложувањето на предвремените парламентарни избори (17 прилози), (2) за посетата на Хан и европратениците (8 прилози), (3) темата за лажни лични карти, која ги вклучуваше т.н. фабрика за афери, но и нивните авторски репортажи од Пустец (6 прилози) и (4) кавгата на пратеничката Ермира Мехмети со нејзината партија ДУИ (5 прилози). Во известувањето за овие теми не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон ниту еден политички субјект.

Коментари и оценки во вестите: Во мониторираниот период телевизијата информираше коректно, непристрасно и аргументирано за политичките субјекти. Фаворизирачкиот однос е исклучително редок, дури и случаен. Извесна блага форма на фаворизирање може да се забележи само во еден прилог, за ново домашно задолжување (13 јануари: „За разлика од странските кредитори кои во овој предизборен период се претпазливи при одобрување заеми за земјава, донашните банки не го послушаа апелот на дополнителниот заменик-министер за финансии Кире Наумов“). Но нема никакви тенденции, а напаѓачките елементи и коментаторскиот однос се целосно исклучени од вестите. Кај Алсат М на македонски, повеќе отколку кај другите телевизии, се сретнува неутралната аргументирана критика кон политичките субјекти (9 прилози), и тоа понекогаш (4 прилози) се однесува на нивна одлука или постапка (9 јануари: „Владата ќе се бори против загадувањето против ќебапите на скара, ако помине овој предлог ќе бидат загрозени угостителските објекти“), а во други случаи (5 прилози) на непостапување или неодговарање на повиците (10 јануари: „Вакви депонии по поплавите има на три локации, две во општина Теарце и една во општина Брвеница, кои со месеци се во состојба како што ги гледате“). Останува поголемиот фокус кон темите од интерес за етничките Албанци, но тоа не беше забележливо во изборот или во третирањето на доминантната тема - изборите и договорот од Пржино, освен со тоа што на телевизијата почесто можеа да се слушнат мислења на политичките аналитичари Албанци. Етноцентричност може да се забележи во изборот на други теми, на пример во покривањето на приказната со семејството Зекири од Радишани и неговите проблеми со општината Бутел (4 прилози), поголемото следење на посетата на Али Ахмети во Атина во споредба со другите (3 прилози), а помалото на посетата на Никола Груевски во Вашингтон (2 прилога) итн.

Користење на изворите: Телевизијата во речиси ист број случаи користела по два или повеќе извори со различни или спротивставени гледишта (20 прилози), два или повеќе кои се согласуваат или барем не се судираат со ставовите (19 прилози) или по еден извор (17 прилози). Но, карактеристично е тоа што кога се консултираат аналитичари во прилозите, или има само еден аналитичар (4 прилози) или два или повеќе со слични ставови (4 прилози). Иако сите тие искажуваат аргументирани ставови и никого не напаѓаат, сепак останува фактот дека во мониторираниот период не е емитуван ниеден прилог со спротивставени аналитичари. Спротивставени ставови обично има во прилози во кои претставници на двете најголеми партии се пренесени во меѓусебните обвинувања..

Директни обраќања: Емитувани се вкупно 13 директни обраќања на политичките лидеир, и тие се рамномерно распределени. Од Груевски се објавени најмногу обраќања (5), па потоа од Ахмети (3) и од Заев (3), како и од Мендух Тачи (2 прилога).

Аудиовизуелна презентација: Генерално прилозите се покриени со соодветна слика и тон и не е забележана манипулативна аудиовизуелна содржина.

## (3) Трета недела (16 – 22 јануари 2016)

Во известувачкиот период од 16 јануари до 22 јануари 2015 година телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 70 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: темата околу закажувањето на предвремените парламентарни избори на 24 април (26 прилози) и на темата што е непосредно

поврзана со неа, распуштањето на Собранието и изборот на нова Влада (8 прилози). Трета тема според застапеноста се задолжувањата на државата (5 прилози). Во прилозите не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Во мониторираниот период телевизијата информираше коректно, непристрасно и аргументирано за политичките субјекти. Забележан е нагласен критички однос кон три типа теми.

- Потезите на владејачките партии во решавањето на политичката криза (20 јануари: „Македонија можеби е уникатен случај во глобални рамки каде Собранието работи донесува закони и по неговото распуштање“).
- Новите задолжувања (18 јануари: „И додека се загреваше политичката криза - оп! Нова одлука за задолжување на Владата на домашниот пазар и тоа за 5 ипол милиони евра“, „22 јануари: Во услови на предизборие кај некои економисти постои сомневање дека парите може да се искористат за изборни цели“).
- Проблемите со кои се соочуваат Албанците во Македонија (21 јануари: „Додека министерот Нурхан Изаири најави инвестиција вредна 6 милиони евра, за регулирање на коритото на реката Вардар во Јегуновце, досега не е доделен ниту денар за чистење на речните корита на Поника и Бистрица во општина Теарце“).

Користење на изворите: Во најголем број прилози се користи еден извор (25 прилози), потоа два или повеќе извори чии ставови се различни или спротивставени (19 прилози), и на крајот доаѓаат прилозите со два или повеќе извори без спротивставено гледиште (15 прилози). Во 9 прилози се користат мислења на аналитичари, кои иако даваат аргументирани ставови, се или единствен извор во прилогот, или единствен аналитичар, заедно со политички или други субјекти.

Директни обраќања: Емитувани се вкупно 15 директни обраќања на политичките лидери. Од нив, 8 се обраќања на главните политички актери кои ги објаснуваат своите позиции околу актуелната криза, Никола Груевски од ВМРО-ДПМНЕ (2 обраќања), Зоран Заев од СДСМ (3 обраќања) и Али Ахмети од ДУИ (3 обраќања). Другите 7 обраќања се од лидери на помали политички субјекти, кои ја коментираат политичката состојба, и тоа Павле Трајанов од ДС (2 обраќања), и Лилјана Поповска од ДОМ, Тито Петковски од НСДП, Весел Мемеди од НДП, Билал Касами од Беса и Гзим Острени од Унитети (по 1 обраќање)

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација, и прилозите се покриени со соодветна слика и тон.

**(4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)**

Во известувачкиот период од 23 јануари до 29 јануари 2016 година телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 68 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: темите поврзани со одржувањето на предвремените парламентарни избори (15 прилози), работата на специјалната обвинителка Катица Јанева (6 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (4 прилози), преговорите за медиумите (3 прилози) итн. Во најголем дел од известувањата за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон засегнатите субјекти. Исклучок беше темата за активностите на Груевски, каде што телевизијата имаше силен критички пристап.

Коментари и оценки во вестите: Во информативната програма на телевизијата во мониторираниот период не забележан коментаторски однос кон политичките субјекти, ниту нивно фаворизирање или демонизирање во која било смисла. Но телевизијата не остана нем набљудувач, туку нејзиното известување почесто од другите медиуми се карактеризираше со аргументиран критички пристап кон политичките и општествените состојби. Медиумот заседе силен критички став кон настапот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски пред Унијата на жени на партијата, нарекувајќи го агресивен (24 јануари: Груевски со нов, агресивен настап ја зголеми и онака нагласената поларизација во општеството). Се критикуваше и неговото „премиерско“ однесување по оставката (28 јануари: Нема ден, а поранешниот премиер да не е присутен на настан финансиран од државата).

Задолжувањата на државата исто така беа критикувани (26 јануари: По третпат од почетокот на годинава, Владата се задолжува повеќе од сумата што првично ја бара). Но, некритички беше пренесена националистичката реторика од откривањето на споменикот на албанскиот национален херој Иса Болетини во Скопје (23 јануари), каде што неговиот внук, меѓу другото, рече „за Скопје секогаш да биде албанско". Телевизијата емитуваше осум прилози за граѓански проблеми во кои како одговорни се повикуваа локалните самоуправи или други органи, но најголемиот дел од нив се однесуваа на места населени со Албанци. Доминантна тема сепак беа предвремените парламентарни избори, и во нејзиното покривање не е забележана никаква пристрасност.

Користење на изворите: Во најголем број прилози телевизијата користи по два или повеќе извори со различни или спротивставени позиции (28 прилози). Потоа следуваат прилозите со по еден извор (15 прилози), На крајот се тие со по два или повеќе извори чии ставови не се судираат (12 прилози), а во дел од тие случаи (3 прилози) станува збор за анкета на граѓани што се жалат за одреден проблем. Согласно својата уредувачка политика на критички осврти, телевизијата користи мислења на аналитичари во пет прилози, од кои во четири се консултирани двајца или повеќе аналитичари. Тие изнесуваат аргументирани ставови, но не е забележан прилог во кој аналитичарите се на различни позиции.

Директни обраќања: Емитувано е по едно директно обраќање на лидерите на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и на ДУИ Али Ахмети, две на првиот човек на СДСМ Зоран Заев, и три на струшкиот градоначалник и лидер на Движењето за реформи наДПА Зијадин Села, кој одговараше на кривичната пријава поднесена против него, и коментираше општи состојби.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација, и прилозите се покриени со соодветна слика и тон.

## 9. 24 ВЕСТИ

### (1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)

Телевизијата 24 Вести во мониторираниот период од 19 до 24 декември објави вкупно 85 прилози што се однесуваат на политички настани, содржини, актери или состојби. Најзастапени беа темите за аферата со фалсификуваните лични карти (8 прилози), потоа за загадувањето на воздухот (6 прилози), како и за планот да се отвори нов универзитет во Скопје (3 прилози) и за административните потешкотии во работата на специјалното јавно обвинителство (3 прилози). Не беа забележани случаи на напаѓање или на фаворизирање политички субјекти во известувањето за овие теми.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не емитуваше прилози со неаргументирана коментаторска содржина, иако имаше ретки случаи на збунувачка содржина која оставаше впечаток на експлицитен однос кон субјектот. На 19 декември скопскиот градоначалник Коце Трајановски беше критикуван дека „се пишманил" за поскапувањето на јавниот превоз и не дал објаснување, а особено специфичен беше прилогот на 21 декември за интерпелацијата на министерот за здравство Никола Тодоров, кој до половина е како жесток напаѓачки коментар за него, за дури во втората половина да се каже дека тоа се пораки што му ги упатиле опозициските пратеници на седницата. Има и две најави на 24 декември, во кои е нејасно до каде е оцена на новинарот, а од каде цитат („судиите го аминуваат криминалот на власта", генерална најава за дебатата во советот за евроинтеграции, и „се потврдуваат криминалите на ВМРО-ДПМНЕ", во најава на обраќање на градоначалникот на Центар Жерновски во врска со информацијата дека лажни лични карти биле користени за жители на Пустец да гласаат во општината Центар.

Користење на изворите: Телевизијата коректно ги пренесува сите засегнати страни во своите прилози. По еден извор имало во 31 прилог, најчесто обраќања или соопштенија на политички и на

други субјекти. Во 14 имало по два или повеќе извори со неспротивставени ставови, и во 29 со спротивставени ставови.

Директни обраќања: Телевизијата емитуваше директни обраќања на седуммина лидери на политички субјекти, и тоа на Зоран Заев (три), на Никола Груевски (едно и едно пренесено соопштение), и по едно на Стевчо Јакимовски (ГРОМ), Самка Ибраимовски (ПЦЕР), Павле Трајанов (ДС) и Лилјана Поповска (ДОМ), како и дел од обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов во Собранието. Сите изјави беа дадени во мониторираниот период и се однесуваа на актуелни теми.

Аудиовизуелна презентација: Не се забележани случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација, прилозите се покриваат со соодветна слика и тон.

**(2) Втора недела (8 – 15 јануари 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 8 до 15 јануари телевизијата 24 Вести објави 98 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание неделава се посвети на темите за: политичките преговори и одржувањето на предвремените парламентарни избори (8 прилози), посетата на еврокомесарот Јоханес Хан и европратениците (6 прилози), новите задолжувања (6 прилози), новите инвестиции (6 прилози), а посебно внимание се посвети на аферите што ги откриваше дополнителниот заменик-министер за земјоделство Љупчо Николовски, пред се` за извозот на огревно дрво (4 прилози) и на неуривањето на терасата од зградата на ВМРО-ДПМНЕ (3 прилози). Во покривањето на овие теми телевизијата има неутрален однос кон политичките актери, освен во темата за терасата на ВМРО-ДПМНЕ, каде што силно го критикува непостапувањето на градоначалникот на Центар Андреј Жерновски по решението за уривање.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во мониторираниот период генерално известуваше коректно, непристрасно и аргументирано за политичките актери. (1) Засилен критички однос беше забележан во темата за терасата на владејачката партија (13 јануари: „Сапунската серија „Уривање на терасата на ВМРО-ДПМНЕ" во режија на Жерновски продолжува"), а во поблага форма таквиот однос се забележува и при покривањето на посетата на лидерот на ДУИ Али Ахмети на Атина и несогласувањата со коалицискиот партнер ВМРО-ДПМНЕ дали таа е партиска или државна (9 јануари: „Упатените сметаат дека според со името влегува во фокусот како дел од предизборна кампања"), како и кај дел проекти на Владата, на пример за изборот на концесионер на комплексот Етно село на Водно (14 јануари: „Оваа инвестиција на Владата со народни пари, според дел од бизнисмените од угостителско-туристички центар, е неисплатлива"). (2) Случаите на негативна и напаѓачка содржина се исклучително ретки, но во мониторираниот период се забележаа два. Првиот беше во прилог за петиција да се исели професорката Тања Каракамишева (8 јануари: „Граѓаните се активираат на интернет и собираат потписи за петиција со која бараат професорката Тања Каракамишева да биде иселена од татковината по објавувањето на нејзината последна колумна"), кој иако беше технички коректно изработен, сепак и самото некритичко пренесување на една ваква иницијатива е спорно бидејќи таа не е масовна и е противуставна. Вториот случај беше некритичко пренесување напаѓачка изјава на опозицијата (12 јануари: „Вашингтон го вперил прстот во виновникот за состојбата во земјава, ова според опозицијата е пораката од посетата на Груевски во Белата Куќа"), особено што подоцна произлезе дека тоа воопшто не биле целите и пораките од посетата на Груевски во Вашингтон. (3) Информациите за новите странски инвестиции и за дел проекти на Владата (14 јануари: „Од утре граѓаните ќе можат да аплицираат за проектот "Купи куќа за млади") беа пренесувани коректно, без промотивен или навивачки пристап, и при крајот на вестите, и говорите на премиерот Груевски по тие поводи беа пренесени само двапати, за разлика од телевизиите што имаат генерално фаворизирачки однос кон Владата, каде што со овие содржини се почнува ударно во вестите и се пренесува секое обраќање на Груевски.

Користење на изворите: Во најголем број случаи (34) телевизијата користи по два или повеќе извори чии стојалишта се спротивставени. Во помал број прилози (21)се користи по еден извор или два или повеќе извори чии ставови не се судираат (19). Кога станува збор за консултирање политички, економски или други аналитичари, во мониторираниот периор тие се сретнуваат во 8 прилози, од кои во 4 случаи станува збор за двајца или повеќе аналитичари со слични или блиски позиции, во 3

случаи по еден аналитичар (кој не мора да е единствен соговорник во прилогот, но е единствен што коментира од експертско стојалиште), и во само еден случај се емитувани аналитичари со спротивставени гледишта.

Директни обраќања: Во известувачкиот период се емитувани 13 директни обраќања на лидерите на политичките субјекти, и тоа најмногу (6) на премиерот и лидер на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, потоа на лидерот на СДСМ Зоран Заев (3) и на првите луѓе на ДУИ Али Ахмети (2), на ДПА Мендух Тачи (1) и на Демократски сојуз Павле Трајанов (1).

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулација со аудиовизуелната презентација. Содржините се покриени со соодветна слика и тон.

Примери:
(*8 јануари, најава на прилог*) Граѓаните се активираат на интернет и собираат потписи за петиција со која бараат професорката Тања Каракамишева да биде иселена од татковината по објавувањето на нејзината последна колумна.

### (3) Трета недела (16 – 22 јануари 2016)

Во текот на известувачкиот период од 16 до 22 јануари телевизијата 24 Вести објави 84 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Целосно доминираше темата за: одржувањето на парламентарните избори (36 прилози и 4 прилози за изборот на новата Влада), пред странските инвестиции и проблемите со инвеститорот „Продис“ (7 прилози), и задолжувањата на Владата (2 прилози).

Во најголем број случаи во известувањата за првата тема телевизијата имаше неутрален пристап пренесувајќи ги ставовите на сите политички актери. Во известувањата за втората и за третата тема е забележан критички однос кон засегнатите субјекти (Владата и надлежните за привлекување странски инвестиции).

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во мониторираниот период генерално известуваше коректно, непристрасно и аргументирано за политичките актери. Се забележува спорадична неутрална аргументирана критика, за главните теми (22 јануари: „Доколку изборите на 24 април се организираат тогаш тоа ќе биде само неуспешна симулација која ќе наликува на претходните избори оценуваат дел од навеладините“), за главните политички актери (20 јануари: „Груевски најавува проекти, нејасно дали како премиер или претседател на партијата“), или за поединечни случаи (16 јануари: „Срѓан Керим важи за дипломат од кариера, но сепак неговото име во земјава се споменуваше во аферата пари во шише“).

Во многу ретки, инцидентни случаи се забележува негативен однос кон ВМРО-ДПМНЕ, кој се манифестира преку изборот на парафразирани изјави (21 јануари: „Власта на ВМРО ДПМНЕ во заминување продолжува безобразно да ги задолжува граѓаните со нови и нови долгови реагираат од опозициската СДСМ“), или преку пренесување напаѓачка содржина без да се консултира втората страна (17 јануари: „Црвен: Секојдневно ми се заканувааат оти кажав за местењето на Заев“).

Користење на изворите: Во најголем број случаи во прилозите се користи по еден извор (35 прилози), потоа по два или повеќе извори со различни или спротивставени гледишта (24 прилози), па со два или повеќе извори чии ставови не се спротивставени (15 прилози). Телевизијата има консултирано мислења од аналитичари во седум прилози, од кои во четири само по еден аналитичар, а во три по повеќемина со спротивставени гледишта.

Директни обраќања: Телевизијата продолжува да емитува директни обраќања од лидерите на голем број политички субјекти, без оглед дали тие се дел од поголема коалиција, или самостојни. Од лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, Никола Груевски и Зоран Заев, се емитувани по 4 обраќања,

исто колку и од лидерот на Демократски сојуз Павле Трајанов, кој беше особено активен во монторираниот период, оспорувајќи го предвременото распуштање на Собранието пред Уставниот суд. Две обраќања се емитувани од лидерот на ДУИ Али Ахмети, и по едно на првите луѓе на повеќе други субјекти, Лилјана Поповска (ДОМ), Јове Кекеновски (ФРОДЕМ), Стевчо Јакимовски (ГРОМ), Горан Милевски (ЛДП) и Тито Петковски (НСДП).

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулација со аудиовизуелната презентација. Содржините се покриени со соодветна слика и тон.

**(4) Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 23 до 29 јануари телевизијата 24 Вести објави 96 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Телевизијата опфати широк спектар на теми, меѓу кои најзастапени беа содржините околу одржувањето на предвремените парламентарни избори (13 прилози), потоа работата на Специјалното јавно обвинителство (7 прилози), како и јавните набавки и трошењето на јавните пари (7 прилози), а по нив задолжувањата (4 прилози) и прашањата за медиумите (4 прилози). Во најголем дел од известувањата за овие теми телевизијата имаше неутрален пристап кон засегнатите политички субјекти, со повремен критички однос, особено во врска со јавните набавки и задолжувањата, и околу дел прашања поврзани со изборите.
Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не користи коментаторски елементи во информативната програма, ниту изразува експлицитен позитивен или негативен однос кон политичките субјекти. Умерен и аргументиран критички однос беше забележан во известувањето за неколку теми: За трошењето јавни пари (23 јануари: За реконструкција на објектот на Владата досега се потрошени 11 милиони евра, 10 од нив за нова барокна фасада, 1 милион за терасата, и 700 илјади евра за оградата во барок стил); За споменикот на Иса Болетини во Сарај (23 јануари: Албанскиот херој Иса Болетини, чиј лик се најде на знамето на дронот кој ги испровоцира нередите на натпреварот неѓу Србија и Албанија, доби споменик во Скопје); За говорот на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (24 јануари: 16-тата конференција на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ, наместо за жените, нивната улога и достигнувањата во политиката, претседателот на партијата ја искористи за да им порача на евроамбасадорите и на опозиската СДСМ дека народот ќе одлучи чија е државата на 24 април); За задолжувањата: (24 јануари: Само за 2 недели во првиот месец од годината Владата создаде нов долг од 23 милиони евра, парите ги позајми од домашните кредитори).

Користење на изворите: Во најголем број случаи во прилозите се користи по еден извор (36 прилози), потоа по два или повеќе извори со различни или спротивставени гледишта (30 прилози), па со два или повеќе извори чии ставови не се спротивставени (10 прилози). Телевизијата има консултирано мислења од аналитичари во во два прилога, и во двата случаја тие беа со спротивставени гледишта.

Директни обраќања: Телевизијата продолжува да емитува директни обраќања од лидерите на голем број политички субјекти, без оглед на нивниот статус или влијание на политичката сцена. Две обраќања беа емитувани од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, и по едно од лидерите на ДУИ Али Ахмети и на СДСМ Зоран Заев. Имаше по едно и од претседателката на ДОМ Лилјана Поповска од нејзин говор во Собранието, како и од првиот човек на Движењето за реформи на ДПА Зијадин Села во врска со кривичната пријава поднесена против него, а емитувано беше и интервју со Владимир Голубовски, лидерот на ВМРО-Демократска партија, речиси речиси заборавен политички субјект кој постои од почетокот на 1990-тите.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана класична манипулација со аудиовизуелната презентација. Содржините се покриени со соодветна слика и тон.

## 10. АЛФА ТВ

**(1) Прва недела (19 – 23 декември 2015)**

Телевизијата Алфа во мониторираниот период од 19 до 24 декември објави вкупно 70 прилози што се однесуваат на политички настани, содржини, актери или состојби. Темата за фалсификуваните лични карти беше застапена во 16 прилози и таа беше доминантна во однос на другите. Втора беше непредавањето на материјалите на Заев од прислушуваните разговори, во специјалното обвинителство (шест прилози). Другите теми не се наметнуваа како овие, освен делумно за проектот „Купи куќа за млади“ (три прилози во три дена) и обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов (три прилози во еден ден, на 22 декември) и четири прилози за активности за вработувања. Во повеќето прилози за лажните лични карти и за материјалите од прислушувањето е забележан негативен и демонизирачки однос кон СДСМ (16), и позитивен за ВМРО-ДПМНЕ (5). Прилозите во врска со проектот „Купи куќа за млади“ (3) и за вработувања (4) се фаворизирачки за ВМРО-ДПМНЕ.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Мониторираниот период на телевизијата Алфа помина во знакот прикажувањето на опозициата како криминогена, креатор на лажни афери, недоследна и манипулативна, а нејзините функционери како злоупотребувачи на своите функции. Тоа се правеше преку темите за лажните лични карти (21 декември: Спасовски во интензивна комуникација со осомничените фалсификатори), за материјалите од прислушувањето што ги поседува Зоран Заев (20 декември: за дел од експертите станува се` поочигледно дека специјалното обвинителство игра по нотите на СДСМ), за вработувања или за други појави во министерствата каде што опозицијата има свои функционери (19 декември: опозициските министри ја кочат работата во институциите кај што влегоа без избори) итн. Секој ден од мониторираниот период, без исклучок, на овие теми им се посветуваа по два до три прилога на самиот почетокот од вестите. Вкупно имаше 29 содржини со негативен и демонизирачки однос кон СДСМ и кон опозицијата. Паралелно со тоа се емитуваа многу промотивни содржини за власта, вкупно 36 прилози со позитивен, фаворизирачки или апологетски однос кон неа, и тоа околу владините проекти (21 декември: „Македонија вработува“ досега обезбеди работа на 10.800 лица) или околу позициите на ВМРО-ДПМНЕ околу аферата со личните карти (21 декември: на прашањето дали има обид за попречување на истрагата, Чавков јасен - изградениот институционален капацитет и системската динамика превенира од каков било обид или упад). Беа емитувани десет прилози од жанрот анализа/коментар или најава/коментар, и тоа девет напаѓачки за опозицијата (23 декември: Спасовски како специјален обвинител, сам си отворил истрага), и еден фаворизирачки за власта (21 декември: зголемени плати, но и сериозни инвестицииво опрема и човечки потенцијал има и во здравствениот систем).

<u>Користење на изворите:</u> Вкупно се емитувани 34 прилози со по еден извор, 22 прилози со два или повеќе извори во кои тие немаат различни стојалишта, и девет прилози каде што изворите се спротивставени. Со еден извор се најчесто изјави или соопштенија од политичарите, од власта, од опозицијата, обвинителството или од други субјекти. Со два или повеќе извор кои не се спротивставени најчесто кога на настан учествува функционер од власта и уште некој друг субјект (19 декември: прослава на „Св. Никола“ во прилеп, со градоначалникот Марјан Ристески, г. Петар и други извори). Спротивставените изјави се најчесто кога во ист прилог за политичката состојба се емитувани и власта и опозицијата (21 декември: Заев вели дека ќе ги предаде прислушуваните материјали штом ќе има услови, а Груевски дека специјалното обвинителство ќе биде постојано обезбедувано). Што се однесува до користењето аналитичари, во тие случаи или има по еден, кој се спротивставува на изјава на претставник на опозицијата (19 декември: Зоран Заев и Александар Пандов за прислушуваните материјали), или двајца на исто стојалиште (22 декември: Ристо Никовски и Владимир Божиновски позитивно го коментира обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов).
Има манипулација со изворите, кога се користат „извори од истрагата“, како и кога се цитираат други медиуми (Прес 24, Сител) со напаѓачки содржини за опозицијата, кога и тие се повикуваат на свои извори (23 декември: се пренесува Прес 24 дека при апсењето осомничените за фалсификуваните лични карти контактирале со Заев и со Спасовски).

<u>Директни обраќања:</u> Премиерот Никола Груевски е емитуван со осум директни обраќања и со едно пренесено соопштение лично од него. И од лидерот на опозицијата Зоран Заев се емитувани осум обраќања, но ситуацијата е далеку од избалансирана. Во повеќето случаи од Заев беа пуштени тонски обраќања во прилози каде што неговите ставови се напаѓаат, или, пак, се користат колажи од стари изјави дадени за Алфа или за други телевизии, на кои не може да им се утврди целосниот контекст.

Емитуван е и дел од обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов, како и говор на лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски.

Аудиовизуелна презентација: Секојдневно се емитуваа прилози со аудиовизуелна манипулација, а најчест пример беше позитивната пи-ар содржина во корист на власта. Примерите се од промоција на проектите и на активностите на власта („Купи куќа за млади"на 19 декември, нов проект за вработување на 22 декември), потоа проекти или активности на локално ниво, но во општини каде што на власт се ВМРО-ДПМНЕ (19 декември, Охрид подготвен за Новата година), па се` до посетата на премиерот Никола Груевски на децата од домот за деца без родители (21 декември). Неколку дена по ред се прикажуваа содржини од фејсбук-профили на осомничените во аферата со фалсификуваните лични карти за да се прикаже нивна поврзаност со опозицијата. Еден ден пред обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов беше емитуван промотивен прилог за него (20 декември). Известувањето за интерпелацијата на министерот за здравство Никола Тодоров беше апологија и фалење на неговата работа (21 декември). Исто така, вест за доградба на булевар во Скопје беше најавен како мерка против загадувањето на воздухот (23 декември).

Примери:
*(19 декември, генерална најава):* Опозициските министри ја кочат работата на институциите во кои влегоа без избори.
*(20 декември, најава на прилог):* Зоран Заев сеуште ги чува т.н бомби, а Катица Јанева не ги бара нелегално снимените разговори. За дел од експертите станува се поочигледно дека специјалното јавно обвинителство игра по нотите на СДСМ
*(21 декември, генерална најава):* Радост за дечињата од домот 11, Октомври. Премиерот им подари новогодишни пакетчиња тие му возвратија со пригодна програма
*(24 декември, најава на прилог):* Кружни текови, проширување улици и булевари, велосипедски патеки и гасификација на средни училишта, ова се само дел од проектит на градот Скопје.

**(2) Втора недела (7 – 15 јануари 2016)**

Во известувачкиот период од 8 јануари до 15 јануари 2016 година на телевизијата Алфа се објавени вкупно 102 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на (1) проектите на Владата (20 прилози), (2) дали ќе се одржат изборите или не (8 прилози), и (3) на посетата на еврокомесарот Јоханес Хан, новите странски инвестиции, добри показатели во економијата, како и на т.н. „фабрика за афери" и на анкетната комисија што се формираше за неа (сите по 6 прилози).

Во најголем број случаи во известувањето за овие теми е забележан позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ (41 случај), а потоа негативен и демонизирачки кон СДСМ (10 случаи).

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период во14 случаи се забележува силен коментаторски тон во прилозите, во најавите, или и во двете. Во само еден од тие случаи имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ (15 јануари: „За четири дена, четири инвестиции, на отворањето присуствуваше и премиерот Груевски, кој при набиената агенда на политичките средби најде време и за економијата"), а другите 13 беа демонизирачки за СДСМ (9 јануари: „Ние можеби го немаме Ел Чапо, но го имаме Чауш, скандалот наречен фабрика за афери поврзан со СДСМ добива меѓународни димензии"). Најчести примери на позитивен и негативен однос се забележуваа во прилозите каде што се судираат владејачката и опозициската партија, и притоа се фаворизираат позициите на власта, а се напаѓаат тие на опозицијата: 9 јануари: „Гаранција за избори мора да има, во спротивно Груевски не смее да поднесе оставка", „Аналитичарите се едногласни дека сите предуслови за изборите се исполнети и дека опозицијата ќе се обидува да убедува дека невозможното е возможно, само за тие да се одложат", 11 јануари: „Од ВМРО-ДПМНЕ потенцираат дека мора да се расветли кој фалсификувал лични карти и пасоши"... Телевизијата објави пет напаѓачки прилози со коментаторска содржина против министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски, директно обвинувајќи ја за кршење на законите (11 јануари: „Ременски денеска конечно го достигна врвот на нејзиното незаконско работење и спроведување хаос во ресорот кој го води, потенцира порталот Курир", 14 јануари: „Министерката Ременски продолжи со паритзација на ресорот, пишува

порталот Нетпрес“). За напад против министерот за внатрешни работи Спасовски, пак, беше искористен случајот со убиството на 19-годишниот Леард А. во Скопје, во кој прво беше уапсено едно лице, но подоцна тоа беше пуштено кога се пријавиле вистинските убијци (13 јануари: „Сега јавноста прашува дали вака работат професионалците кои ги постави техничкиот министер Оливер Спасовски како началници“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (50 прилози), а во една третина од нив од нив тој извор е функционер од ВМРО-ДПМНЕ (18 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие многу почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (31 прилог), а многу ретко се спротивставени (4 прилози). Понекогаш (5 прилози) се користат по два или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ како извори, во ист прилог. Исто така, продолжува некритичкото пренесување напаѓачки содржини кон опозицијата од други медиуми како извор (5 прилози), пред се` порталите Нетпрес, Прес 24 и Курир, кои во повеќето случаи и самите се повикуваат на свои анонимни извори.

Директни обраќања: Во текот на мониторираниот период беа емитувани директни обраќања само од премиерот и лидер на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (11 обраќања). Исклучок беше само покривањето на средбата на лидерите на партиите-потписнички на договорот од Пржино со еврокомесарот Јоханес Хан, кога беше емитувана по една изјава од сите четворица, Никола Груевски, Зоран Заев, Али Ахмети и Мендух Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Карактеристичен вид на аудиовизуелна манипулација е емитувањето промотивни прилози за власта и за владејачката партија, поточно известувањето за владините програми кое повеќе личи на рекламна порака, отколку на информативна содржина во вестите (8 јануари: „Помош за младите земјоделци, само оваа година се предвидени 1 милион евра за почнување агро бизнис“, 13 јануари: „Грантови за самовработување, невработените лица кои имаат бизнис идеја можат да аплицираат“, 14 јануари: „Од утре стартува проектот Купи куќа за млади“). Дури и прилог дека скопјани масовно го посетиле Водно в недела беше искористен за во него да се вметне најава дека ќе продолжи да се гради жичницата (10 јануари: „Годинава започнува изградбата на втората фаза од жичницата која треба да го поврзе Средно Водно со населбата Капиштец долга 1.600 метри, инвестицијата е 8 милиони евра“). Исто така, премиерот Груевски беше прикажан како отвора четири фабрики во текот на мониторираниот период.

Примери:
(*9 јануари, анализа-коментар*) Матната слика околу целата Фабрика за афери според многумина допрва ќе се дорасчистува имајќи ги предвид фактите за контактите на Чаушот и со Соња Верушевска, сопруга на првоосомничениот во Пуч, Зоран Верушевски

(*10 јануари, генерална најава)* Се погласни шпекулациите дека СДСМ подготвува насилни сценарија. Дел од активистите и со јавни повици на социјалните мрежи.
(*10 јануари, анализа/коментар*) Претходно беа објавени и слики од штабови на СДСМ каде повеќе лица исто така вежбаат со палки, што беше протолкувано како подготовка за насилство. Според многумина поради лошиот рејтинг на опозицијата.
(*10 јануари, извештај*) Поттикнувањето на младите земјоделци да се занимаваат со агро- бизнис е вистинска иницијална каписла преку оваа мерка, која што ќе значи силни перспективи за македонскиот аграр.
(*11 јануари, најава/коментар*) А по примерот на техничкиот министер Спасовски кој направи хаос во МВР, сега и министерката Ременски чии сопруг беше унапреден токму од Спасовски, го прави истото во труд и социјала соопшти порталот Курир
(*11 јануари, аналитичко-репортажен прилог*) Над 11.000 луѓе до сега се вработиле преку проектот “Македонија вработува”, преку кој поволности добиваат сите.
(*14 јануари, генерална најава*) СОРОС го призна стравот дека СДСМ ќе загуби на изборите. Невладините организации кои се под нивниот плашт побараа од Хан одложување
(*15 јануари, генерална најава*) Четри дена, четири инвестициии. МТИЕС ќе вработи 100 луѓе. Премиерот во набиената агенда помеѓу политиките средби, најде време и за економијата.

(3) <u>**Трета недела (16 – 22 јануари 2016)**</u>

Во известувачкиот период од 16 јануари до 22 јануари 2016 година на телевизија Алфа се објавени вкупно 80 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: закажаните предвремени парламентарни избори (31 прилог и уште 3 прилози за изборот на новата влада), проектите на Владата и на другите државни и локални институции (13 прилози), активностите на Никола Груевски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ и одбележувањето на празникот Водици (по 6 прилози).

Во најголем случај од прилозите за доминантната тема на неделата, одржувањето на изборите, е забележан силен фаворизирачки однос кон позициите на ВМРО-ДПМНЕ и напаѓачки кон тие на СДСМ. Прилозите за владините и други проекти, како и за активностите на Груевски, целосно ја фаворизираат ВМРО-ДПМНЕ.

<u>Коментари и оценки во вестите</u>: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 50 прилога, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ и кон нејзините функционери во 37 прилози. Во 17 случаи се забележува силен коментаторски тон во прилозите, во најавите, или и во двете, и тоа во 12 прилози во нападите кон СДСМ (16 јануари: „Лидерот на СДСМ при напуштањето на преговорите не успеа да ја сокрие фацијална експресија која издаваше тешка депресија и силна нервоза од ставот на Брисел и трите останати учесници во преговорите“) и во 5 прилози во фаворизирањето на ВМРО-ДПМНЕ (22 јануари: „ Техничкиот премиер веднаш се фати со работа за организација на изборите за 24 април“).

Фаворизирањето и демонизирањето на политичките субјекти најмногу се огледуваше преку известувањето на темата за предвремените парламентарни избори, во кои силно, дури и вулгарно се напаѓаше позицијата на СДСМ да се одложат изборите (17 јануари: „Два дена по шарлатанското рушење на преговорите во Пржино, експертската јавност и граѓаните бараат излез од наметнататта криза, во игра е и бајачка за изборофобијата на Заев“). Нападите кон ставовите на опозицијата и кон самата опозиција вклучуваа и пренесување говори на лидери на помали партии што коалицираат со ВМРО-ДПМНЕ, во кои имаше и елементи на говор на омраза (17 јануари, Стевчо Јакимовски: После сето ова, целата нација цупка на прсти и чека што ќе каже момчето од Муртино, кој е 30% човек, 30% аболициран криминалец, и 30% митаџија во истрага, а остатокот ни самиот не знае што е“, 20 јануари, Живко Јанкуловски: „Со уцени, незаконски методи, и со платениците од т.н. невладин сектор, не се доаѓа на власт“);

Специфично за овој период беше што не само што се известуваше за владините проекти со маркетиншки речник (18 јануари: „Не запираат владините проекти во насока на намалување на невработеноста односно поттикнување на вработувањето“), туку следењето на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски продолжи дури и откако тој престана да биде премиер (20 јануари: „Груевски пред УМС на ВМРО-ДПМНЕ рече дека најголема обврска е да се работи за доброто на граѓаните. Дадениот збор е поткрепен со дела“).

Негативниот однос кон министрите во Владата назначени од СДСМ продолжи (21 јануари: „Бегаат од избори, но си ги милуваат сите други лезети од договорот во Пржино, со три дена задоцнување свечена заклетва на Ременски и Спасовски“). Но освен вообичаената форма на некритичко пренесување напаѓачки содржини кон нив од веб-портали (17 јануари: „За крајно нестручно и несовесно работење од страна на техничката министерка Ременски пишува порталот Денешен.мк“), тоа доби и друга форма. Во веста дека српскиот министер за внатрешни работи Небојша Стефановиќ го посетил бегалскиот камп кај Гевгелија, целосно е игнориран фактот дека тој беше придружуван од македонскиот министер Оливер Спасовски. Емитувана е изјава само од Стефановиќ, но не и од Спасовски, кој само се гледа во кадарот, и воопшто не е споменат од новинарот.

<u>Користење на изворите</u>: Во целиот мониториран период телевизијата има емитувано само еден прилог во кој изворите имаат различни или спротивставени стојалишта (16 јануари: „СДСМ боледува од изборофобија“), во кој се вклучени еврокомесарот Јоханес Хан, лидерот на СДСМ Зоран Заев и граѓани. Вкупно 40 прилози се со еден извор, а најголем удел имаат функционерите на ВМРО-

ДПМНЕ, во 12 прилози. Со повеќе извори, но без спротивставени гледишта, има 28 прилози, од кои во 6 станува збор за двајца или повеќе функционери на ВМРО-ДПМНЕ од различни нивоа на власт.

Телевизијата генерално ги пренесуваше ставовите на политичките лидери во врска со прашањето за предвремените парламентарни избори, но во посебни прилози, поради што има голем број прилози со по еден извор. Аналитичари или познавачи на одредена област се користат трипати, како единствени извори во прилозите, со намера тоа да се претстави како општ став. Во три прилози извори се веб-портали, чија напаѓачка содржина кон опозицијата е некритички пренесена.

<u>Директни обраќања</u>: Емитувани се вкупно 11 директни обраќања и тоа пет на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, три на опозицискиот лидер Зоран Заев, и по едно на претседателите на ДУИ Али Ахмети, на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на ПОДЕМ Живко Јанкуловски. Лидерите на ГРОМ и на ПОДЕМ, коалициски партнери на ВМРО-ДПМНЕ, ја имаа улогата да ја демонизираат опозицијата, а во нивните говори се сретнуваа и елементи на говор на омраза.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Прилозите во кои се следат активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски со еднаков интензитет како додека беше премиер, се најкарактеристичен пример на аудиовизуелна манипулација. По нив следуваат прилозите за проектите на Владата или на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ, со маркетиншки речник.
<u>Примери</u>:
(*16 јануари, генерална најава*) Врие меѓу граѓаните. Силна осуда за шарлатанското дејствување на СДСМ;
(*16 јануари, коментар*) Лидерот на СДСМ при напуштањето на преговорите не успеа да ја сокрие фацијална експресија која издаваше тешка депресија и силна нервоза од ставот на Брисел и трите останати учесници во преговорите;
(*17 јануари, најава/коментар*) По социјалните мрежи се шегуваат и со бајачка за изборофобијата на Заев. Велат медицински фобијата се лечи со соочување со стравот, во овој случај со одење на избори;
(*20 јануари, најава на прилог*) Европските претставништа ги зајакнале мерките за безбедност откако дел од проопозициските медиуми почнаа интензивна кампања против дипломатите;
(*21 јануари, извештај*) Пари за градба, плац; останува само проектот за куќа. Државата има решение и за тоа – готови и детално разработени планови бесплатно нуди министерството за транспосрт и врски со што се заштедува и на архитект. Досега 9.000 граѓани ги симнале плановите за 6 различни видови на типски куќи со различна површина;
(*21 јануари, најава/коментар*) А што се крие зад барањата за тотален медиумски мрак и класична цензура на македонските медиуми.

### (4) <u>Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)</u>

Во известувачкиот период од 16 јануари до 22 јануари 2016 година на телевизија Алфа се објавени вкупно 82 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: новите мерки и проекти на Владата и на институциите (14 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (12 прилози) и на одржувањето на предвремените парламентарни избори (10 прилози), а во помал обем на работата на министрите назначени од СДСМ, Оливер Спасовски и Фросина Ременски (7 прилози), специјалната обвинителка Катица Јанева (8 прилози), медиумите (4 прилози) итн. Се забележува силно нагласен фаворизирачки однос во најголем број случаи при известувањето на првите три теми, додека негативен и демонизирачки во другите, пред се` против опозицијата и специјалната обвинителка.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Според бројот на прилози, во вестите на телевизијата во мониторираниот период доминирале прилозите со позитивна и фаворизирачка содржина за ВМРО-ДПМНЕ (34 прилози) пред тие во кои се искажувал негативен и демонизирачки однос кон СДСМ (26 прилози). Но според интензитетот, напаѓањето на опозицијата е посилно од поддршката за власта, што може да се види според прилозите во кои била вклучена коментаторска содржина, сопствена или пренесена од други медиуми. Во 11 такви случаи се напаѓа опозицијата (29 јануари: „Хаџибуличи во обезбедување, со Чауш и бугарскиот фалсификатор Чипев на маса, лидерот на СДСМ магнет за

криминалци, сега фатен во друштво на Цељадин Јусуфи кого полицијата веќе три години го бара за криминал“). Интензитетот на следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски не се намали, иако тој веќе нема извршна функција во државата, туку е само партиски лидер. Во центарот на вниманието на почетокот на неделата беше неговото обраќање пред Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ, говор кој предизвика многу реакции, но телевизијата ги пренесе и ги истакнуваше неговите најжестоки и најконтроверзни делови (24 јануари: „Со валкана игра и манипулации не се освојува довербата и не се доаѓа на власт. На 24 април доаѓа одмаздата на народот, порача Груевски од говорницата на 16-та годишна конференција на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ“). Границата на политичкиот маркетинг во овие и во други прилози повеќепати беше поминатa (29 јануари: „Ново матично за склучување на бракови, голема читална и реконструкција на Универзитетската бибилиотека Св. Климент Охридски се останатите проекти кои ги најави претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. Политиката не претставува изречен збор, туку дела кои се остваруваат посочи Груевски“).

Имаше генерално три типа негативни и напаѓачки содржини кон опозицијата. Првиот беа обвинувањата за работата на нивните министри во Владата (23 јануари: „Скандалозна измислица на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски е наводната афера за фалсификувани околу 70 000 возачки“). Потоа, тука беа обвинувањата кон СДСМ за поврзаност со криминал (27 јануари: „ Новинарот на Фокус кој работел на аферата со лажните пасоши бил во директна комуникација со Захир Бекири-Чауш,член на СДСМ и првоосомничен во Фабриката за афери и во чиј дом се изработуваа пасошите, пишува Курир“). Третиот тип беа прилозите за наводен заговор меѓу специјалната обвинителка Катица Јанева и опозицискиот лидер Зоран Заев (23 јануари: „Тандем Јанева - Заев. Играат ли специјалистите по шема за заобиколување на законите. Анализа за специјалната надеж на Заев“). Дополнително, се фаворизираше 24 април како датум за избори, за кој СДСМ се изјасни дека не им одговара (26 јануари: „Познавачите се убедени дека опозицијата нема да застане со условите, секојдневно очекуваат да испорачува нови, се со цел да избега од 24 април, затоа што е свесна дека ја чека уште еден дебакл“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите (43 прилози) има само по еден извор, а во околу една третина од нив тој извор е претставник или функционер на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (20 прилози), а во половина од нив (10 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Најмалку има прилози во кои се среќаваат спротивставени позиции (7 прилози). Телевизијата продолжува да користи други медиуми (6 прилози) како извори во прилози со кои жестоко ја напаѓа опозицијата.

Директни обраќања: Никола Груевски е единствениот лидер на политички субјект чии што директни обраќања беа пренесувани на телевизијата во мониторираниот период. Тој беше емитуван со шест обраќања, а се следеа и објавите на неговиот фејсбук-профил. Од лидерот на опозицијата Зоран Заев беа емитувани две стари изјави во врска со аферата за лажни пасоши, во напаѓаки контекст.

Аудиовизуелна презентација: Интензивното следење на партиските активности на претседателот н ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, како неговото вмешување во активности на државните или на локалните органи, и во овој период останаа главна форма на аудиовизуелна манипулација. Друга форма беше скриената промотивна содржина. На пример, во прилог за безбедноста во сообраќајот (25 јануари: „Преку инвестирање во патишта до намалување на жртвите во сообраќајот) повеќе се зборува за владините проекти отколку за сообраќајните проблеми. Потоа, во прилог за екстерното тестирање (26 јануари: „Повеќе од 7 илјади матуранти денеска полагаа екстерно“) се вметнуваат содржини за промотивните активности на заменик-министерот за образование Спиро Ристовски.

Примери:
(*23 јануари, генерална најава*) СДСМ не бира средства за добивање на ефтини политички поени. Аналитичарите потсетуваат, не е прв пат социјалдемократите, да прават неразумни потези и да наштетат на меѓународниот углед на Македонија;
(*24 јануари, најава на прилог*) За ВМРО-ДПМНЕ како партија, прашањето за подготвување на предизборната програма значи и прашање за изборно ветување и на одржување на зборот;

(*25 јануари, аналитичко-репортажен прилог*): Позитивните примери на индустриските зони во Илинден, Битола и други општини, Владата сака да ги преслика низ цела Македонија;
(*27 јануари, најава на прилог*) СДСМ се обидува да прави пазар и тоа за власт врз медиумите. Опозициската партија одлучила да ја прифати методологијата која ќе ја предложи ДИК за прочистување на избирачкиот список, само ако ВМРО-ДПМНЕ ги прифати измените на законот за медиуми кој ти ги предлагаат;
(*28 јануари, анализа/коментар*) Каква иронија е ставот на СДСМ дека тие го прифаќаат моделот на пречистување на избирачкиот список ако другите партии го прифателе цензорскиот Закон на Ван Хојт за медиумите. Со други зборови ова значи - дајте ни ги медиумите под наша контрола за ние да се согласиме да се прочистува списокот;
(*29 јануари, најава/коментар*) А техничкиот министер Спасовски не се откажува лесно од унапредувањата на сопругот на Ременски и партиските послушници, меѓу нив и полицаецот кој доби кривична за малтретирање сведоци по партиска директива.

## 11. КАНАЛ 5

### (1) <u>Прва недела (19 – 23 декември 2015)</u>

Телевизијата Канал 5 во мониторираниот период од 19 до 24 декември објави вкупно 65 прилози што се однесуваат на политички актери. Убедливо доминираше темата за фалсификуваните лични карти (14 прилози), по неа следуваа промотивните прилози за владиниот проект „Купи куќа за млади“ (5 прилози), и непредавањето на материјалите од прислушуваните разговори што ги поседува Зоран Заев на специјалната обвинителка Катица Јанева (4 прилози), случај што потоа се поврза и продолжи како дел од аферата со фалсификуваните лични карти. Во најголем дел од прилозите за овие теми е забележан негативен, напаѓачки и демонизиарачки однос кон СДСМ (15 прилози), како и позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ (10 прилози).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ или кон функционерите од оваа партија е забележан во 27 прилози што ги емитуваше телевизијата, додека негативен кон СДСМ и кон нејзините функционери во 16 прилози. СДСМ беа критикувани главно за нивната поврзаност со приведените од аферата со лажните лични карти (21 декември: Спасовски бил во интензивна комуникација со осомничените, 22 декември: и Заев во дружба со осомничените од скандалот), потоа за непредавањето на материјалите на Јанева (20 декември: според експертите, специјалното обвинителство е испостава на СДСМ), за партиски вработувања во институциите каде што опозицијата назначи свои претставници согласно договорот од Пржино (19 декември: Спасовски го наполни кабинетот со партиски кадри од СДСМ) и за други теми. Фаворизирачкиот однос кон Владата се огледува во промотивното известување за проектот „Купи куќа за млади“ (20 декември: мегавладиниот проект треба да го реши станбеното прашање за младите) и за други проекти, како и во известувањето за одлуките за зголемување на платите на полицијата (21 декември) и на медицинскиот персонал (24 декември). Забележан е и еден прилог со неутрална аргументирана критика кон функционер на ВМРО-ДПМНЕ, кон градоначалникот на Валандово Николче Чурлиновски, за неизграден пат (20 декември: кога врне дожд, децата од Горно Јосифово не одат на училиште). Ова е куриозитет, со оглед на нејзините генерални тенденции. Телевизијата емитуваше четири прилози од хибридните жанрови анализа-коментар и најава-коментар, три со напаѓачка содржина за опозицијата, и еден со позитивна за власта.

<u>Користење на изворите:</u> Во повеќе од половина од прилозите (31) главно се користи по еден извор, и тоа изјави од политичари или од владини функционери, или соопштенија. Во една третина (21) се користат по два или повеќе извори што се на исто стојалиште, или барем не се спротивставуваат, најчесто од извештаи за настани на кои учествувале државни или други функционери, и други лица. Само во седум прилози имало спротивставени мислења. Забележана е тенденција во која се цитираат други медиуми со обвинувачки содржини за опозицијата (за аферата со лажни лични карти, за

партиски вработувања и за други теми), кои, пак, се повикуваат на свои неименувани извори. Најчесто во овие случаи се цитираше порталот Прес 24 (19 декември: Спасовски го полни МВР со партиски војници, 22 декември: според порталот, со новооткриените детали од случајот „Фабрика за афери“ станува јасно зошто Заев не го почитува договорот од Пржино), а потоа телевизијата Сител (21 декември: Оливер Спасовски бил во интензивна врска со осомничените) и весникот Дневник (24 декември: Јанева има можност по судски пат да му ги одземе материјалите на Заев), како и неименувани извори на неименувани портали (24 декември: фабриката за афери имала администраторски пристап до некои портали блиски до СДСМ). Содржините од други медиуми се пренесуваат некритички, и не се остава впечаток дека бил направен обид да се слушне и страната што се обвинува или напаѓа со нив. Во два случаја беа користени мислења на аналитичари, и тоа во едниот од нив еден аналитичар, а во другиот двајца, на исто стојалиште.

Директни обраќања: Едноставната пресметка покажува дека од лидерот на опозицијата Зоран Заев се емитувале повеќе обраќања (10) отколку од премиерот Никола Груевски (9), но во повеќето случаи станува збор за парчиња од стари изјави на Заев дадени за Канал 5 или во интервјуа за други телевизии, без да може да се утврди контекстот во кој се дадени, и со нив се надополнуваат напаѓачки прилози за опозицијата ( 20 декември: преку 10.000 разговори во континуитет со години наназад; се прислушуванинад 20.000; отприлика 600.000 разговори, ние објавивме 1000, 1100). Емитувано е и едно обраќање од лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски, и, секако, од претседателот Ѓорге Иванов, кој го одржа своето годишно обраќање во Собранието.

Аудиовизуелна презентација: Основната форма на манипулативна аудиовизуелна презентација останува презентирањето на промотивните содржини за власта како информативни содржини во вестите (21 декември: премиерот Груевски им додели пакетчиња на децата од домот за деца без родители 11 Октомври, 22 декември: промоција на нов проект за вработување) итн. Во овој контекст, посебно карактеристични беа прилозите за проектот „Купи куќа за млади“. И во деловите од генералните најави што се однесуваа на нив, и во самите прилози, сите денови кога беа емитувани (19, 20, 22 и 23 декември), беа прикажувани снимки направени со дрон од новоизградена населба со луксузни куќи, кои изгледаа како дел од реклама, но ниту еднаш не беше споменато која е населбата и каде се наоѓа. Исто така, во прилозите за поврзаноста на опозицискиот лидер Заев и на министерот за внатрешни работи Спасовски со приведените во аферата со лажни лични карти, се користат материјали од фејсбук-профили.

Примери на фаворизирање и демонизирање политички субјекти:

*(19 декември, извештај):* Згрижувањето на партиската војска на товар на државата, односно министерството, граѓаните ги чини преку 10.000 евра месечно, со оглед на фактот дека функционерите на СДСМ добиваат месечни плати од околу 1.000 евра.
*(20 декември, извештај):* Се поставува и прашањето дали специјалното обвинителство се претвора во политички играч и се претвора во продолжена рака на СДСМ, наместо тело за расветлување на криминал
*(20 декември, најава):* Мегавладиниот проект кој стартува од февруари треба да го реши стамбеното прашање за младите до 35 год
*(21 декември, генерална најава):* Безброј желби и насмевки кај децата од домот 11 октомври. Премиерот Никола Груевски им посака здравје и многу среќа
*(24 декември, најава/коментар):* Како што е објавено на еден од македонските портали, фабриката за афери имала администраторски пристап до некои портали блиски до СДСМ, преку кои во изминатиов период се пласирале низа невистини во јавноста.

## (2) Втора недела (7 – 15 јануари 2016)

Во известувачкиот период од 8 јануари до 15 јануари 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 89 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на (1) проектите на Владата и нвестициите (29 прилози), (2) средбата Груевски-Бајден (6 прилози), (3) политичката криза и изборите (3 прилози), (4) за посетата на еврокомесарот Хан и европратениците (9 прилози).

Во текот на известувачкиот период телевизија имаше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 41 прилог, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ и кон нејзините функционери во 12 прилози.

Коментари и оценки во вестите: Во сите случаи во известувањето за најзастапените теми (владините проекти, инвестициите и средбата Груевски-Бајден) беше забележан позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери. Најчести случаи беа *пофалните* тонови кога се известува за државните проекти, така што тие не се прикажуваат како обврски на државата, туку како достигнувања или добра волја на Владата и на владејачката партија (9 јануари: „Нов апарат за мамографија во општата болница во Охрид", 15 јануари: „Мисајловски: реконструирани и изградени се 48 локални патишта", 15 јануари: „Реконструкција на спомен-костурницата во Велес" итн). Таквиот однос се изразува и во прилози во кои не се споменати политичките субјекти, но во нив станува збор за проекти за кои е општо познато дека ги спроведува Владата (11 јануари: „Над 11.000 работни места преку Македонија вработува"). *Демонизирачкиот* однос кон опозицијата во некои случаи одеше дури и до клеветење за извршени кривични дела. Во прилог за провала во редакцијата на порталот Курир (12 јануари: „МВР да ги пронајде арамиите кои украдоа опрема од редакцијата на Курир"), се додава - „вработените велат дека во изминатиот период се мета на притисоци и закани од страна на најголемата опозициска партија". Во други случаи клеветничкиот однос не се конструира преку ставање во одреден контекст, туку е многу подиректен (10 јануари: „Дали опозицијата подготвува насилни сценарија?"). Во вестите на 12 јануари гостин беше лидерот на опозицијата Зоран Заев, а интервјуто беше запаметено по изјавата на уредничката Лидија Богатинова дека тоа „немало да се случи ако не му било наредено".

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (31 прилог), а во половина од нив тој извор функционер на Владата од ВМРО-ДПМНЕ (16 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие многу почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (25 прилози), а поретко се спротивставуваат (12 прилози). Понекогаш (7 прилози) се користат по два или повеќе функционери на Владата од ВМРО-ДПМНЕ како извори, во ист прилог. Исто така, продолжува некритичкото пренесување напаѓачки содржини кон опозицијата од други медиуми како извор (најчесто порталите Прес 24 и Курир), кои често и самите се повикуваат на свои анонимни извори (14 јануари (извор Курир): „Нови сознанија за партизацијата која се врши во установите од социјалната заштита", 9 јануари (извор Прес 24): „Според податоците најверојатно преку криминалната мрежа Бекири финансирал дел од активностите на партијата"). Притоа најчесто не се добива впечаток дека бил направен обид да се слушне и втората страна.

Директни обраќања: Големата несразмерност меѓу емитувањата на директните обраќања на премиерот Никола Груевски и на другите политички субјекти продолжува. Во мониторираниот период од осум дена телевизијата емитуваше дури 22 обраќања на Груевски, понекогаш и по две во еден прилог (кога ја промовира странската инвестиција и уште едно постаро, кога ја најавил). Четири пати со директно обраќање е емитуван лидерот на ДУИ Али Ахмети, а трипати лидерот на СДСМ Зоран Заев, вклучувајќи го и интервјуто што го имаше на телевизијата.

Аудиовизуелна презентација: Главен тип на аудиовизуелна манипулација е емитувањето промотивни прилози за власта и за владејачката партија. Дури и се врши нивно изедначување, така што во прилози за државни проекти се емитуваат инсерти од митинзи на ВМРО-ДПМНЕ (од 11 јануари: „Над 11.000 лица се вработиле преку проектот Македонија вработува"), или говори од премиерот Груевски на партиски собири. Во вестите продолжува да се емитува и класична рекламна содржина за проектите на Владата, особено за проектот „Купи куќа за млади" (четири прилози на 11, 12, 14 и на 15 јануари), во кои детално се објаснуваат условите, им се овозможува на владините претставници да се промовираат, се анкетираат задоволни граѓани, и постојано се повторува снимка од беспилотно летало во нова населба со луксузни куќи, за која е нејасно каде се наоѓа.

Примери:
(*8 јануари, најава на интервју*) 2015 година беше доста успешна на спортски план, на

административен план и на структурен план.
(*10 јануари, анализа-коментар*) Дали најголемата опозициската партија повторно подготвува насилни сценарија?
(*10 јануари, извештај*) Сопствениците на објектите задоволни од проектот на владата. Куќите им се заштитени и денес се вистинска атракција за туристите.
(*12 јануари, генерална најава*) Историски ден за Велес. 1000 нови вработувања во погоните на поранешна порцеланка во Велес
(*12 јануари, интервју со Зоран Заев*) Впрочем ова интервју, како да ви кажам, немаше да се случи, ако не ви беше наредено. Знаеме каква е позадината зад вашето доаѓање.
(*14 јануари, извештај*) Оливер Спасовски денеска уште еднаш покажа колку е неспособен и се посрамоти и себеси и партијата која ја претставува, и докажа дека не е министер за внатрешни работи, туку е дел од фабриката за продуцирање афери, се вели во соопштението од ВМРО-ДПМНЕ.
(*15 јануари, извештај*) Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева преку денешното соопштение признава дека го прекршила законот со тоа што не направила записник за предадените прислушувани разговори, тврдат дел од јавните обвинители за весникот Дневник.

**(3) <u>Трета недела (16 – 22 јануари 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 16 јануари до 22 јануари 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 62 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата и` посвети на доминантната тема на неделата - закажувањето на изборите на 24 април (29 прилози и уште 4 прилози за изборот на новата Влада), потоа на промовирањето на државните и на локалните проекти (12 прилози), и на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски откако се повлече од премиерската функција (7 прилози).

Во најголем број случаи во известувањето на првата тема, телевизијата ги фаворизира позициите на ВМРО-ДПМНЕ, а ги напаѓа тие на СДСМ. Прилозите што се однесуваат на втората и на третата најзастапена тема се со исклучиво фаворизирачки карактер.

<u>Коментари и оценки во вестите</u>: Во текот на известувачкиот период телевизија имаше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 21 прилог, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ и кон нејзините функционери во 11 прилози. Во четири случаи се забележува силен коментаторски тон во прилозите, во најавите, или и во двете, пред се` напаѓачки кон опозицијата (17 јануари: „Зоран Заев по којзнае кој пат ги менува ставовите, дава контрадикторни изјави и си го погази дадениот збор и потписот ставен на договрот од Пржино“), и во поретки случаи позитивен кон власта (16 јануари: „ Развојот на една земја во голема мера зависи од развојот на иновациите. Земјите кои посветуваат внимание на иновациите предничат пред останатите. Владата ги следи овие трендови“). Експлицитниот однос кон политичките субјекти се изразуваше на повеќе начини.

Темата околу одржувањето наспроти можното одложување на предвремените парламентарни избори на 24 април целосно доминираше во мониторираниот период, а телевизијата силно застана во поддршка на позицијата на ВМРО-ДПМНЕ да се одржат изборите (19 јануари: „Да се стави крај на политичката криза во земјава преку фер и демократски избори, бараа и граѓаните кој повеќе од година дена живеат во неизвесност и заложништво на деструктивните политики на опозицијата“). Аргументите за одложување на изборите, пред се` тие во врска со тоа дали може навреме да се прочисти избирачкиот список, не само што не беа претставувани од неутрална точка, туку беа демонизирани („ Директорот на невладината Мост Дарко Алексов со исти ставови како и лидерот на СДСМ Зоран Заев, ваквите ставови на Алексов кажани на телевизијата Телма за повеќе медиуми отвараат сомнеж, дека Мост е уште една организација на фондацијата СОРОС“). Во врска со темата за изборите беше емитуван и дел од обраќање на лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски, коалициски партнер на ВМРО-ДПМНЕ, со елементи на говор на омраза кон лидерот на опозицијата (17 јануари: „После сето ова, целата нација цупка и чека што ќе каже момчето од Муртино, кое е 30 % човек, 30%

аболициран криминалец, 30% митација во истрага, а остатокот ни самиот не знае што е“).

Телевизијата продолжи некритички да ги следи теренските активности на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски исто како во времето кога тој беше премиер. Ова се однесува и за случаите кога беше гостин на промовирање јавни објекти (22 јануари: „Лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски денеска присуствуваше и на двојно тениско игралишпте во штипската населба Сењак“), и кога станувавше збор за неговите партиски активности (20 јануари: „Македонија за младите, младите за Македонија, претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски пред партискиот подмладок најави 5 нови мерки за младите“). Дури продолжија и прилозите за изразување благодарност, иако во помал број, но овојпат насочени не кон апстрактен субјект како Владата, туку директно кон лидерот Груевски (21 јануари: „Студентите ги поздравија мерките кој ги промовираше лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски“). Дури и некритички се пренесува кога неговите партиски активности се мешаат со државните (21 јануари: „Проектот „Купи куќа за млади“ на заедничка маса ги седна претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и ресорните министри и градоначалниците“).

<u>Користење на изворите</u>: Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (27 прилози), а во околу една третина од нив тој извор е функционер на Владата или претставник од ВМРО-ДПМНЕ (10 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие многу почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (19 прилози), а поретко се спротивставуваат (11 прилози). Понекогаш (6 прилози) се користат по два или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ како извори, во ист прилог. Двапати се консултирани аналитичари, и во двата случаја тие биле единствени и ги бранеле владините позиции. Со намален интензитет продолжи некритичкото пренесување напаѓачки содржини кон опозицијата од други медиуми како извор (порталот Курир), кои често и самите се повикуваат на свои анонимни извори (17 јануари, извор Курир: „Министерката Фросина Ременски покрај хаосот што го предизвика во центрите за социјална работа, ги остави вработените без осогурувања“).

<u>Директни обраќања</u>: Во мониторираниот период повторно се емитувани најголем број директни обраќања од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (9 обраќања), а потоа се лидерите на СДСМ Зоран Заев и на ГРОМ Стевчо Јакимовски (по 3 обраќања) и на Али Ахмети (1 обраќање). Симптоматично е однесувањето на лидерот на ГРОМ Јакимовски, чии што обраќања во кои ја напаѓа опозицијата или други субјекти (ДИК), се пренесуваат некритички, иако содржат недоследности, дури и вулгарности, како изјавата против Заев.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Емитувањето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ некритички, како тој се` уште да е премиер, беше најкарактеристичниот тип на аудиовизуелна манипулација. Продолжува и промовирањето на владините проекти, со маркетиншки речник, како дел од вестите (16 јануари: „Развојот на една земја во голема мерка зависи од развојот на иновациите, земјите кои посветуваат внимание на иновациите предничат пред останатите“

<u>Примери</u>:
(*21 јануари, аналитичко-репортажен прилог*) Едногласната одлука на Социјалдемократите да не учествуваат на изборите на 24 април, а нивните министри и пратеници да останат во владата и парламентот се до неговото распуштање, според експертите е континуитеет во намерата за превземање на власта без избори. Познавачите оценуваат дека ова е нов план на опозицијата за опструкција на изборите.
(*17 јануари, анализа/коментар*) Опозицијата панично бега од соочување со народот. Нивниот лидер бараше избори, доби гаранција од еврокомесарот Хан и од ДИК дека можат да се одржат фер и демократски избори, нпо повторно бара нивно одложување.

**(4) <u>Четврта недела (23 – 29 јануари 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 23 јануари до 29 јануари 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 78 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (12 прилози), потоа на одржувањето на предвремените парламентарни избори (11

прилози), на работата на министрите во Владата назначени од СДСМ, Оливер Спасовски и Фросина Ременски (11 прилози), како и на случувањата околу Специјалното јавно обвинителство (8 прилози). Во известувањето за првата тема телевизијата не само што имаше позитивен и фаворизирачки однос кон субјектот, туку дел прилози ја поминуваа линијата на политичкиот маркетинг. Во врска со изборите генерално се пренесуваа различни ставови, но повеќе се нагласуваше идејата тие да се одржат на 24 април, што е позиција на власта, спротивно од опозицијата. Министрите Спасовски и Ременски се обвинуваа за нестручност, манипулации и за прекршување на законите, иако имаше прилози во кои се слушаше и нивната страна, додека Специјалното јавно обвинителство беше напаѓано, дури и обвинувано за заговор.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 18 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ и кон нејзините функционери во 13 прилози. Во шест случаи се забележува силен коментаторски тон во прилозите, во најавите, или и во двете, пред се` напаѓачки кон опозицијата (24 јануари: „Двата месеца министерување на Фросина Ташевска Ременски се сосема доволни за да се направи профил на политичар и министер - период кој изобилува со скандали, одмазди, небрежност, партиски опструкции, пишува порталот“), или кон други субјекти, како Специјалното јавно обвинителство (29 јануари, преземено од Курир: „Спротивно на закон, крајно пристрасно и политички, во недостиг на докази, соработници на специјалната обвинителка Катица Јанева вршеле брутални притисоци во изнудување на изјави и искази кои не одговарале на фактичката состојба“), или кон неделникот Фокус (27 јануари, преземено од Курир: „Порталот пишува дека не се исклучува можноста неделникот во аферата со лажни пасоши да влегол свесно и намерно, и дека не се работи за аматерски непрофесионален настап на новинар, кој не ги проверил своите извори“). Три ситуации треба посебно да се нагласат: Никола Груевски не беше премиер туку само лидер на партија во текот на целиот известувачки период, но тоа не го намали интензитетот на следењето на неговите активности, некритички и фаворизирачки, дури и кога тие не се разликуваа од периодот кога беше на чело на Владата. Тој не ветуваше, туку најавуваше (28 јануари: „ Пет нови проекти за младиот човек во повеќе општествени домени најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски пред преполната сала со младинци“), беше следен и на социјалните мрежи (27 јануари: „Инвестицијата која на својот фејсбук профил ја најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски е вредна 20 милиони долари“), на него му се референцираше за работата (29 јануари: „ На стартот на работите присуствуваше и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, пред кого градоначалникот на град Скопје Коце Трајаноски потенцираше дека булеварот ќе добие и атмосферска канализација“), и му се изразуваше благодарност (26 јануари, Виктор Мизо: „ Сакам да му се заблагодарам на господинот Никола Груевски, за неговата визија, за неговата истрајност“). Неговиот говор на конференцијата на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ, кој предизвика многу реакции поради својата жестина, не беше критикуван, туку беа нагласувани најконтроверзните делови (24 јануари: „Народот е мудар, попаметен е од многу служби и нивните црпнати експоненти. Затоа на 24 април доаѓа казната и одмаздата од народот“).

Нов момент е што телевизијата во барем по еден прилог дневно информираше за активностите на СДСМ и ги пренесуваше нејзините ставови. Тоа на моменти дури имаше и фаворизирачки тон (24 јануари: „Спасовски, Ременски и Шилегов во Шуто Оризари“), како обид да се прикаже поголем политички баланс. Но, континуираното некритичко пренесување тешки форми на клевети од веб-портали, насочени против опозицијата (27 јануари: „Целта на мастер-планот на Заев била компромитација на владејачката партија со монтирање случаи, односно преземање на улогата на Чауш од Катица Јанева“) или против нејзините функционери (24 јануари: „Ременски фатена во лага во стилот на Заев“), покажуваат дека телевизијата е далеку од каква било избалансираност во известувањето за политичките субјекти.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (38 прилози), а во околу една третина од нив тој извор е функционер на Владата или претставник од ВМРО-ДПМНЕ (13 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие многу почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (18 прилози), а многу поретко се спротивставуваат (8 прилози). Понекогаш (6 прилози) се користат по два или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ како извори, во ист прилог.Со зголемен интензитет продолжи некритичкото

пренесување напаѓачки содржини кон опозицијата од други медиуми како извор (порталите Курир, Република, Телеграф, весникот Дневник), а во некои случаи дури и неименуван медиумски извор (27 јануари: „Медиумите објавуваат дека неодамна се одржала тајна средба меѓу Зоран Заев и Катица Јанева надвор од Скопје, на која бил договорен мастер планот на лидерот на СДСМ за проблематизирање на датумот за избори.“).

Директни обраќања: Во мониторираниот период се емитувани релативно мал број директни обраќања од политичкителидери. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски беше најзастапен (6 обраќања, како и 4 пренесени објави на неговиот фејсбук-профил). Лидерот на СДСМ Зоран Заев беше емитуван трипати, но само еднаш со изјава од актуелниот период. Во два прилога во два дена беа повторувани негови стари изјави во врска со фалсификувањето пасоши, во напаѓачки контекст. Едно обраќање беше емитувано и од претседателот Ѓорге Иванов.

Аудиовизуелна презентација: Најкарактеристичен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација останува следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски како додека беше премиер. Во пет од седумте дена од мониторираниот период вестите започнуваа со него. Забележана е и друга форма на манипулација, подметнување фаворизирачка содржина која не е поврзана со основната тема на прилогот. На 26 јануари, во прилог за посетата на министерот Никола Попоски на Брисел, доминира коментар од американскиот портал „Дејли Колер“ во кој се поддржува власта.

Примери:
(*26 јануари, извештај*) Инвестицијата на својот фејсбук профил ја најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.
(*26 јануари, најава на прилог*) Власта се грижи за здравјето, а опозицијата за економската состојба на кафеаните.
(*27 јануари, анализа/коментар*) Целта на мастер-планот на Заев била компромитација на владејачката партија со монтирање случаи, односно преземање на улогата на Чауш од Катица Јанева.
(*28 јануари, извештај*) ВМРО-ДПМНЕ како претендент да ја води Владата и по предвремените парламентарни избори, во последниот месец ипол само за младите луѓе со денешните пет најави реализација на вкупно 14 проекти.
(*29 јануари, најава на прилог*) Младите ги поздравија новите проекти промовирани вчера од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

## V. АКТУЕЛНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Во набљудуваниот период предмет на набљудување беа вкупно 38 емитувани изданија на 11 различни емисии кои се емитуваат на телевизиите на национално ниво. Од нив, предмет на подлабока анализа беа само емисиите во кои во континуитет се фаворизира конкретен политички субјект, односно се прекршува новинарското правило за професионална дистанца од политичките субјекти, како и емисиите каде е идентификуван говор на омраза или дискриминирачки и негативен говор кон поединци или групи.

Во целина, телевизиите во Македонија овозможуваат простор за јавна дебата за најактуелните политички прашања во земјава. Но, генерална оценка е дека петте провладино-ориентирани телевизиски канали (МТВ1, МТВ2, Сител, Канал 5 и Алфа) и во актуелно-информативните емисии настојуваат да ги пропагираат првенствено гледиштата на владејачките политички структури, а на опозициските ставови и мислења или воопшто не им даваат простор или крајно ги напаѓаат и демонизираат. Најизразени примери во овој поглед се повторно емисиите „Јади бурек“ на Сител и „Миленко Лејт најт шоу“ на Канал 5.

Она што најмногу загрижува е позицијата на јавниот сервис, т.е. двата телевизиски сервиси МТВ1 и МТВ2. По дефиниција и според законските обврски, токму јавниот сервис треба да обезбеди најмногу простор за политички плурализам односно да биде форум за јавна дебата за сите

најактуелни прашања, бидејќи се финансира и им служи на сите граѓани. Во Македонија, јавниот сервис, не само што одамна ја изгуби водечката улога во овој поглед, туку исто како и комерцијалните телевизии, во континуитет им служи на владејачките структури.

Прашање што беше предмет на посебна анализа е дали во актуелно-информативните емисии има говор на омраза и дали тој доаѓа од водителите или новинарите, или пак од гледачите или гостите. Телевизиите треба да ги почитување законските норми според кои не е дозволено да поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност (член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) односно дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа (член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација). Уредничките колегиуми треба еднакво да се грижат и за почитување на овие законски норми независно дали емисиите се нивна сопствена или надворешна продукција бидејќи тие имаат „уредничка одговорност за изборот на аудио или аудиовизуелната содржина ...“ (член 3 став 1 точка 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Водителот или новинарот има одговорност и кога говорот на омраза или дискриминирачкиот говор доаѓа од гледачи, во смисла дека мора да се огради, да го оспори или да го контекстуализира таквиот говор. Во спротивно, би значело дека се согласува и дека го поттикнува. Во емисијата „Јади бурек“ на Сител, емитувана на 20 јануари, гледачи ја нарекуваат опозицијата со изрази: „антихристи“, „Заев - слуга на Сатаната“, но *водителот воопшто не се оградува или не ги предупредува гледачите за навредливоста на таквите оценки*. Во емисијата од 9 јануари, отворениот повик за насилство кон опозицијата и кон специјалната обвинителка Катица Јанева на еден јавувач, *не е проследен со јасна ограда за неприфатливост на какво било насилство*, туку со тоа дека еден таков чин може да предизвика одложување на изборите што би одело во прилог на опозицијата.

Водителот на истата емисија, во континуитет прави дискриминација врз основа на политичко односно друго уверување на сите кои ја критикуваат власта и на критичките медиуми кои ги именува како „соросоиди“, а во неколку наврати и како „сороспии“. Во емисијата од 22 јануари употребува и нагласен негативен и стереотипизирачки говор, обвинувајќи ја целата оваа група за сеење омраза кон дел од граѓанството. Правејќи замена на тези, водителот овде прави груба логичка манипулација со цел да го дискредитира субјектот кој е предмет на неговиот напад: самиот се служи со прикриен говор на омраза кон групата која ја обвинува за „сеење омраза“. Групата што ја дискредитира – идеолошки веќе оквалификувана во многу претходни јавни настапи на претставници на ВМРО-ДПМНЕ и на новинари од провладините медиуми (како предавничка на националните интереси, платеничка, комуњарска и сл.), сега вредносно ја спротивставува на друга група граѓани, на *„... сите ние кои сме традиционални, за име, за јазик, за црква ...“*.

Уште поекстремен говор користи водителот на емисијата „Миленко Лејт најт шоу“ на Канал 5. Во изданието од 15 јануари, Неделковски во речиси третина од емисијата ја напаѓа грубо опозицијата и одделни нејзини претставници, служејќи се со негативни квалификации, отворени лични навреди и вулгарности. Преку нападот врз еден поединец, Неделковски врши дискриминација и на цела една група: *„Хомосексуалците се болни луѓе и сметам дека треба да имаат медицинска нега“.* На овој начин, тој врши груба повреда на членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

И двајцата водители во континуитет ги прекршуваат основните принципи утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија, а посебно членот 10 во кој се вели дека новинарот нема „... да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“

## VI. МЕТОДОЛОГИЈА

### 1) Теоретско - концептуална рамка

Методот што се применува во ова истражување се потпира на теоријата за врамувањето (framing) која објаснува на кој начин медиумите ги врамуваат темите од општествениот и политичкиот живот за кои известуваат. Рамката на известување (news frame) е „централната идеја", или „линијата на приказната" која го организира новинарскиот текст и им дава значење на настаните што во него се редат. Таа е централна организирачка идеја во информативната содржина, која обезбедува контекст и сугерира во што се состои прашањето, преку селектирање, нагласување, исклучување и елаборирање.

Рамката на известување содржи четири аспекти: (1) *Темата* на информативниот прилог – што е вклучена во рамката; (2) *Презентација* – обем и место на прилогот; Покрај овие аспекти, елементи кои се оценуваат од аспект на презентацијата се и фотографиите, цитатите, насловите и поднасловите; (3) *Когнитивни обележја* – детали за тоа што е вклучено во рамката; (4) *Афективни обележја* - тонот на известувањето.

Собирањето податоци за квантитетот на известувањето посветено на различни политички субјекти не дава целосна слика за плурализмот што го претставуваат медиумите. Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени. Оценката на приодот или 'тонот' на известувањето покажува каков е ставот или приодот на медиумот кон конкретниот политички субјект. Меѓутоа, ова не е доволно за да се оцени дали медиумот известува објективно и точно. Континуираното неточно известување е еден од најсериозните недостатоци во медиумското покривање на политичките настани што може да се утврди само со помош на сеопфатна квалитативна анализа, која подразбира посложени методолошки постапки (на пример, споредба на известувањето со реалните настани или следење на известувањето на еден ист настан на повеќе медиуми).

### 3) Методолошки приод применет во истражувањето

Ова истражување има за цел да утврди дали медиумите ги почитуваат професионалните стандарди во известувањето за политичките актери утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и во кодексите на меѓународните организации. Анализата треба да одговори на следниве истражувачки прашања:

- Колку во вестите се изнесуваат коментари и оценки со кои се фаворизира, односно се напаѓа одредено политичко гледиште (неаргументирано или на начин со кој новинарот самиот зазема страна)?
- Кои се најизразените примери на фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти во вестите?
- Кои се најчестите примери на манипулирање со изворите? Дали мислењата на изворите што се наведуваат во вестите се најчесто спротивставени или застапуваат во основа едно исто гледиште?
- Кои политички субјекти се најчесто застапени со директни обраќања во вестите? Дали одделни политички гледишта се премногу застапени, а други се исклучени?
- Дали во вестите се користи манипулативна аудиовизуелна презентација? Кои се нејзините најчести форми?
- Дали во вестите и актуелно-информативните емисии има експлицитни повици на насилство, негативен говор и стереотипизација кон групи?
- Дали во актуелно-информативните емисии се води грижа адекватно да бидат претставени различни и спротивставени гледишта за темата која е предмет на дебата? Дали има фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти од страна на водителите/новинарите?

За да се одговори на овие три истражувачки прашања треба најпрво јасно да се дефинираат концептите "непристрасно" и „балансирано" известување кои всушност тесно се испреплетуваат. Во овој сегмент од анализата, се користат дефинициите и методолошките насоки дадени во *Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите* изработени во 2005 година од

страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија. Квантитативниот аспект на балансираноста е поврзан со обемот или времето што радиодифузерот го одвојува во вестите за известувањето на активностите на некој кандидат или организатор на изборна кампања, а квалитативниот со приодот или 'тонот' на известувањето.

Предмет на оваа анализа не е квантитативниот, туку пред се квалитативниот аспект на балансираноста – приодот или начинот на кој медиумите ги „врамуваат" политичките актери за време на изборната кампања. Покрај тоа, предмет на анализа се и сите вести и информативни емисии каде се среќава говор што поттикнува и засилува стереотипи дискриминирачки говор или говор на омраза кон групи и поединци?

Методот што се применува за да се одговори на прашањата за начинот на врамивање на политичките субјекти е *анализа на содржина* која се дефинира комбиниран приод што се фокусира и на квалитативни и на квантитативни аспекти на медиумските прилози/текстови. Дополнително за да е утврди дали во некои содржини има говор на омраза или дискриминирачки говор кон групи и поединци е *критичка дискурзивна анализа*. Тоа е квалитативен приод кој става нагласок на функцијата и значењето на медиумските текстови во конкретниот општествен и политички контекст

Рамката на известувањето на медиумот за конкретниот политички субјект се утврдува откако во прилогот што се анализира ќе се кодира присуството на неколку елементи: употребата на експлицитни оценки на новинарот/редакцијата за релевантниот субјект; манипулативната употреба на филмови, слики и звуци; присуството и селекцијата на директното обраќање на политичкиот субјект; бројот и позицијата на изворите; и главната тема што доминира во прилогот.

**3) Примерок и период на реализација**

Се анализираат сите централни информативни изданија и дел од информативните емисии на телевизиите емитувани во периодот од 19 декември 2015 до 29 јануари 2016 година.

Во примерокот медиуми вклучени во анализата се:
МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алсат М, Телма, Алфа, Канал 5, 24 вести, ТВ 21.

**4) Истражувачки тим**

Во истражувачкиот тим се вклучени 15 аналитичари и тројца истражувачи од Институтот за комуникациски студии.